# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| "Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. | Вторник, 7 мај 2002 Скопје Број 29 Год. LVIII | Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 300000000188798 |
|---|---|---|


**449.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2002 година.

Бр. 07-1801/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој закон се уредува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, основање и работење на пензиски фондови и друштва за управување со пензиски фондови, како дел од системот на пензиското и инвалидското осигурување.

(2) Пензиските фондови и друштвата од ставот 1 на овој член се основаат со цел да примаат придонеси од осигурениците обврзани врз основа на закон, да ги вложуваат во финансиски инструменти и да вршат распределба на акумулираните средства согласно со закон.

(3) Со овој закон се основа Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенција) која издава дозволи за основање и одобренија за управување со пензиски фондови на друштва за управување со пензиски фондови, врши супервизија во истите и врши други работи и функции согласно со овој закон.

Член 2

(1) Никој освен друштво основано согласно со овој закон не може да врши работи на маркетинг или да нуди пензиски фонд, пензиска шема или сличен пензиски аранжман, ниту да ги користи зборовите: "Друштво за управување со пензиски фондови", "Пензиски фонд", "Пензиска шема" или слични зборови, на македонски или на друг јазик, во својот назив.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до обемот на функциите кои тој ги извршува согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и овој закон.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) "Друштво за управување со пензиски фондови" е акционерско друштво кое управува со пензиски фонд, познато како Универзално друштво за управување со пензиски фондови.

2) "Пензиски фонд" е отворен инвестиционен фонд основан и управуван од страна на друштво за управување со пензиски фондови.

3) "Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување" е агенција на која и е доверена супервизија на работењето на друштвата кои управуваат со пензиските фондови и на пензиските фондови.

4) "Чувар на имот" е институција на која и е доверена одговорноста за чување на средствата на пензиски фонд и врши други работи утврдени во овој закон. Чувар на имот на домашните средства е банка која има дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, а субчувар на имот ги чува средствата надвор од територија на Република Македонија и може да биде банка или специјализирана депозитарна институција која има дозвола издадена од надлежен орган и е овластена за таква дејност согласно со законите на матичната држава.

5) "Поврзано лице" во однос на одредено правно лице или физичко лице е:

а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 20% од акциите со право на глас или иако поседуваат помал процент, можат да влијаат посредно или непосредно врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 20% од акциите со право на глас или иако поседува помал процент, може да влијае посредно или непосредно врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 30% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 30% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или лица кои имаат непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;

д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице и

ѓ) во врска со лицата наведени во оваа точка, било кој член на потесното семејство или сродник заклучно со втор степен на крвно сродство.

6) "Член на пензиски фонд" е физичко лице кое склучило договор за членство во пензиски фонд или во чие име е отворена сметка во пензиски фонд во случаите утврдени во овој закон и неговото членство трае се до остварувањето право на пензија.

7) "Пренос на средства" е пренесување на средствата од сметката на членот што е отворена во еден пензиски фонд, во друг пензиски фонд со кој управува друго друштво за управување со пензиски фондови.

8) “Агент“, во смисла на овој закон, е лице кое врши работи на маркетинг на пензиски фондови и склучување на договори за членство.

## Глава II

## ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

### Член 4

Друштво за управување со пензиски фондови се основа и работи согласно со Законот за трговски друштва, доколку со овој закон поинаку не е уредено (во натамошниот текст: друштво).

### Член 5

Друштвото може да се основа и да работи само во форма на акционерско друштво.

### Член 6

Називот на секое друштво мора да ги содржи зборовите: "друштво за управување со пензиски фондови".

### Член 7

(1) Единствена дејност на друштвото е управување со пензиски фондови, нивно претставување пред трети лица и други дејности поврзани со управувањето со пензиски фондови.

(2) За период од десет години, сметано од 1 јануари 2004 година, друштвото може да основа и да управува само со еден пензиски фонд.

(3) По истекот на рокот од ставот (2) на овој член, друштвото може да управува со повеќе од еден пензиски фонд на начин и постапка пропишани од Агенцијата, по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика. Агенцијата го утврдува бројот на пензиски фондови со кои може да управува едно друштво и ограничувањата за тие случаи, осигурениците кои можат да се зачленат во пензиски фонд, начинот на пренесување на средства меѓу пензиски фондови со кои управува исто друштво и други прашања за кои Агенцијата смета дека се од значење, врз основа на условите и степенот на развиеност на капитално финансираното пензиско осигурување и финансискиот пазар.

### Член 8

Друштвото за управување со пензиски фонд наплатува надоместок под услови и на начин утврдени во овој закон.

### Член 9

(1) Основачкиот капитал на друштвото не може да се зголемува преку јавна емисија на акции.

(2) Акциите на друштвото се обични акции на име.

(3) Друштвото не може да издава приоритетни акции.

(4) Акционерите на друштвото, согласно со нивното учество во капиталот на друштвото, имаат еднаква положба во друштвото. Со статутот на друштвото не можат да се даваат повеќе права или поволности на одделни акционери или да им се ограничуваат правата или да се наложуваат дополнителни обврски.

### Член 10

(1) Основачкиот капитал на друштвото изнесува најмалку 1.500.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(2) Акционерите на друштвото се должни во рок од 45 работни дена да го зголемат акционерскиот капитал на друштвото за 1.000.000 евра преку влогови, кога средствата на пензискиот фонд со кој управува тоа друштво надминат 100.000.000 евра и во секој иден случај кога средствата на пензискиот фонд ќе се зголемат за натамошни 100.000.000 евра. Еврата се пресметуваат во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

### Член 11

(1) Основачкиот капитал на друштвото се уплатува само во парични средства.

(2) Основачкиот капитал на друштвото се уплатува во целост пред уписот на друштвото во трговскиот регистар.

(3) Судот каде што се води трговскиот регистар е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на основачкиот капитал на друштвото во рок од три дена од извршениот упис.

(4) Основачкиот капитал се уплатува на сметка отворена во банка или во филијала на странска банка овластена да работи на територијата на Република Македонија.

### Член 12

(1) Основачкиот капитал на друштвото не смее да потекнува од заеми и кредити, ниту да биде оптоварен на било кој начин.

(2) Основачкиот капитал на друштвото мора да потекнува од законски извори и да биде оданочен согласно со прописите на Република Македонија и прописите на земјата во која секој странски акционер е основан како правно лице.

### Член 13

(1) Друштвото е должно во секое време да го одржува износот на акционерскиот капитал, но не помалку од една половина од износот на основачкиот капитал од членот 10 став 1 на овој закон.

(2) Доколку дојде до зголемување на акционерскиот капитал согласно со членот 10 став (2) на овој закон, друштвото е должно во секое време да го одржува износот на акционерскиот капитал, но не помалку од една половина од зголемениот износ на тој капитал.

(3) Друштвото е должно веднаш да ја извести Агенцијата за секое намалување на акционерскиот капитал под износите утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член.

(4) Агенцијата може да го укине одобрението за управување со пензиски фонд на друштвото доколку по намалување на капиталот од ставовите (1) и (2) на овој член под бараниот износ друштвото нема да изврши зголемување на капиталот до бараниот износ, во рок што самата ќе го определи, но не пократок од три месеци и не подолг од 12 месеци.

### Член 14

(1) Друштва за управување со пензиски фондови можат да основаат домашни и странски правни лица.

(2) Основачите кои ќе држат 51% од основачкиот капитал на друштвото се банки, осигурителни друштва, друштва за управување со пензиски фондови и други финансиски институции, како и други правни лица кои посредно или непосредно, поседуваат повеќе од 50% од акциите со право на управување на тие институции.

(3) Исто правно лице може да биде акционер само во едно друштво за управување со пензиски фондови.

(4) Поврзани правни лица можат заедно да бидат акционери само во едно друштво за управување со пензиски фондови.

(5) Доколку дојде до нарушување на воспоставените односи утврдени со ставовите (3) и (4) на овој член, поради организациони, статусни промени, промени во сопственоста или правната положба на правните лица од тие ставови, правните лица се должни да извршат соодветно усогласување во рок од шест месеци.

### Член 15

(1) Основач на друштво за управување со пензиски фондови е правно лице што ги исполнува следниве услови:

а) да има капитал најмалку во износ од 20.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на пријавување за дозвола;

б) да има најмалку три години постоење;

в) да е во континуитет солвентно во неговото работење во Република Македонија или во странство;

г) да има постојан менаџерски тим составен од компетентни, стручни и искусни лица.

(2) Доколку како основач се јави странска финансиска институција покрај условите од ставот (1) на овој член, мора да има рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции, најмалку за период од една година пред да се пријави како основач.

(3) Агенцијата поблиску ги пропишува условите од членовите 14 и 15 на овој закон.

Член 16

(1) Секое стекнување или пренос на акциите на друштвото подлежи на претходна согласност од Агенцијата, во спротивно се сметаат за ништовни.

(2) Друштвото го доставува до Агенцијата барањето за согласност за стекнување или пренос на акции од името на лицето кое има намера да се стекне со акции или да ги пренесе акциите.

(3) Агенцијата дава согласност за стекнување или пренос на акциите на друштвото во рок од 30 дена од денот на доставувањето на барањето од ставот (2) на овој член, ако барателот ги исполнува законските услови да стане основач на друштво.

(4) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува и на трансакции со акции кога по извршената трансакција, купувачот или со него поврзаното лице, заеднички не стекнале повеќе од 3% од акционерскиот капитал на друштвото.

(5) Едно друштво не смее да купува акции од друго друштво за управување со пензиски фондови.

(6) Друштвата не смеат да се спојуваат, припојуваат, делат или на друг начин да се реорганизираат.

Член 17

(1) Управниот одбор на друштвото е составен од најмалку пет члена.

(2) Надзорниот одбор на друштвото е составен од најмалку три члена.

(3) За член на управен одбор и надзорен одбор може да се именува лице кое, покрај условите предвидени во Законот за трговски друштва, ги исполнува и следниве услови:

а) да има високо образование;

б) да има работно искуство од најмалку пет години во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или финансиски услуги и

в) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областите наведени во точката (б) на овој став.

Член 18

(1) Член на управен одбор, на надзорен одбор односно генерален директор или директор во друштвото не може да биде член на управен одбор или на надзорен одбор или да работи како генерален директор или директор во:

а) друго друштво за управување со пензиски фондови;

б) странски менаџер кој е избран да управува со средствата на пензискиот фонд;

в) чувар на имот во кој се чуваат средствата на пензискиот фонд;

г) секое лице што има статус на поврзано лице со субјектите од точките а), б) и в) на овој став.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на лицата кои се вработени или поврзани по основ на договор за дело со субјектите од ставот (1) на овој член.

(3) Лицето од ставовите (1) и (2) на овој член е должно да ги исполнува условите од овој член од денот кога ќе биде именувано за член на управен одбор или надзорен одбор на друштвото. Овие услови лицето не е должно да ги исполни во времето на пријавување за дозвола за основање на друштво или барање на согласност за членство во управниот или надзорниот одбор.

Член 19

(1) Друштвото е одговорно пред членовите на пензискиот фонд за штетите кои се резултат на неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските утврдени во овој закон, во врска со управувањето и претставувањето на одделен пензиски фонд, освен ако слабите и несоодветни резултати се должат на околности на кои друштвото не можело да влијае и кои не можеле да бидат променети од страна на друштвото и во случај на највисок степен на совесност.

(2) Штетите од ставот (1) на овој член, настанати поради неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските, не смеат да се покриваат од средствата на пензискиот фонд.

(3) Пренесување на извршувањето на одделни обврски на трето лице не го ослободува друштвото од одговорност.

Член 20

(1) Друштвото не смее да ги користи своите средства за:

а) стекнување или преземање акции и други хартии од вредност или влогови во други правни лица, вклучувајќи и други друштва за управување со пензиски фондови;

б) давање заеми и обезбедување на гаранции или други обезбедувања освен оние пропишани со овој закон или

в) склучување договори за заеми и кредити и издавање обврзници, во вкупна вредност која надминува одреден процент од сопствениот капитал, кој процент го утврдува Агенцијата.

(2) По исклучок од ставот (1) точка а) на овој член, друштвото може да ги употребува своите средства за купување акции во субјект што врши работи на евиденција, тргување со долгорочни хартии од вредност, маркетинг или други административни дејности за друштвото, под услов тој субјект да ги извршува услугите исклучиво за тоа друштво. Доколку субјектот престане да ги исполнува условите од овој став, друштвото е должно да ги отуѓи акциите во субјектот во рок од три месеци.

(3) Доколку друштвото има намера да купи акции во други субјекти согласно со ставот (2) на овој член, вкупниот капитал за тие купувања заедно со цената платена за сите претходни купувања на акции кои ги поседува друштвото не може да надмине 10% од вкупниот износ на акционерскиот капитал на тоа друштво на датумот на купувањето.

Член 21

(1) Друштвото е должно да води целосна, точна и ажурна евиденција за индивидуалните сметки на секој член на пензискиот фонд, за уплатените придонеси и пренесените средства за членот, бројот на сметководствени единици на сметката и вредноста на сметката на членот, како и други податоци утврдени со закон.

(2) Друштвото е должно да ги архивира и чува, согласно со закон, сите документи и друга евиденција во врска со пензискиот фонд со кој управува, а особено:

а) податоците за членовите и за претходните членови вклучувајќи име, презиме и адреса, единствен матичен број и износот на индивидуалната сметка во моментот на напуштање на пензискиот фонд;

б) податоци за сите купени и продадени средства за пензискиот фонд со кој управува, датумот на трансакциите, идентитетот на другата договорна страна и реализирана цена.

(3) Сите документи и друга евиденција мораат да се чуваат за период од 50 години.

(4) По истекот на времето од десет години од создавањето на некој документ или евиденција, истиот може да се чува единствено како електронски запис.

(5) Во случај друштвото да престане да управува со пензиски фонд, обврзано е да постапи согласно со одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Агенцијата ја пропишува содржината и начинот за водење, архивирање и чување на евиденцијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 22

Друштвото назначува надворешен овластен ревизор со добри референци, кој не смее да биде поврзано лице со друштвото или со акционери на друштвото, странскиот менаџер на фондови или чуварот на имот. Ист надворешен овластен ревизор може да изврши најмногу три последователни годишни ревизии за исто друштво.

Глава III

ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ, ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 23

(1) Друштво за управување со пензиски фондови се основа врз основа на дозвола од Агенцијата, а по основањето, од Агенцијата добива одобрение за управување и администрирање со пензиски фонд.

(2) Во трговскиот регистар може да се изврши упис на друштвото само ако тоа има дозвола од Агенцијата издадена согласно со условите пропишани со овој закон.

(3) Агенцијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за добивање дозвола за основање и одобрение за управување со пензиски фонд.

Член 24

Барање за дозвола за основање друштво се доставува до Агенцијата истовремено со барање за одобрение за управување со пензиски фонд, согласно со овој закон.

Член 25

(1) На почетокот на капитално финансираното пензиско осигурување, Агенцијата издава дозволи за основање друштва врз основа на јавен тендер.

(2) Агенцијата издава дозволи за основање само на две друштва за период од десет години. Во тој период други дозволи можат да се издаваат само врз основа на член 39 од овој закон.

(3) Услов за издавање на првите две дозволи е најмалку три понудувачи успешно да ја поминале претквалификационата фаза уредена со член 28 на овој закон и во претквалификационата фаза да се поднесени најмалку три пријави со документација.

(4) Агенцијата поблиску ја пропишува постапката за издавање дозволи по истекот од почетниот период од десет години, во рок од осум години сметано од 1 јануари 2004 година, по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

(5) При пропишување на постапката од ставот (4) на овој член, Агенцијата ќе ги има предвид условите и степенот на развиеност на капитално финансираното пензиско осигурување и финансискиот пазар, за потребата од јавен тендер, ограничувања на бројот на дозволи што ќе се издаваат, во случај на ограничувања колкав ќе биде бројот на дозволи и на колку години ќе се издаваат дозволите.

(6) Агенцијата и одговорните лица на Агенцијата имаат целосна одговорност за спроведување на законска, фер, уредна и транспарентна постапка на јавниот тендер.

Член 26

(1) Јавниот тендер за првите десет години се спроведува во две фази и тоа, во првата фаза претквалификација на понудувачи и во втората фаза избор на две понуди врз основа на понудените надоместоци што се наплатуваат согласно со членот 98 став (1) точка а) на овој закон и издавање на дозволи на избраните понудувачи.

(2) Доколку бројот на понудувачи кои ја поминале претквалификационата фаза е помал од три, тендерот се запира за период од шест месеци. Тендерот повторно се отвора во рок од 30 дена по истекот на последниот ден од утврдениот период.

(3) Пријавата со документација се поднесува од страна на лицето или лицата кои би биле основачи на друштво. Во случај да има повеќе лица кои имаат интерес да настапат како еден понудувач, пријавата со документација се поднесува заеднички од името на сите лица.

Член 27

(1) Јавниот тендер се објавува во "Службен весник на Република Македонија", најмалку во два дневни весника во Републиката и најмалку во две угледни меѓународни финансиски списанија.

(2) Агенцијата може со договор да овласти друга стручна институција да спроведе дел или целата постапка на тендерот. Ова не ја ослободува Агенцијата од одговорност за постапката на тендерот.

Член 28

(1) Одлука за понудувачите кои ја поминале претквалификационата фаза донесува Агенцијата, исклучиво врз основа на условите од членот 30 на овој закон.

(2) Агенцијата веднаш ги известува сите понудувачи за одлуката од ставот (1) на овој член.

(3) Агенцијата може да избере консултантска фирма со голем меѓународен углед за да помогне при оценувањето на пријавите со документација врз основа на овој закон и да помогне во изборот на понудувачи кои ќе ја поминат претквалификационата фаза.

Член 29

(1) Во претквалификационата фаза, заинтересираните до Агенцијата доставуваат пријава на тендер потпишана од овластени потписници на сите лица кои би биле основачи, во форма пропишана од Агенцијата и документација во врска со барањето за дозвола за основање на друштво и за одобрение за управување со пензиски фонд, и тоа:

а) нацрт на статут на друштвото;

б) нацрт на статут на пензискиот фонд со кој ќе управува;

в) нацрт на договор со чувар на имот;

г) потпишана изјава од овластени потписници на сите лица кои би биле основачи, дека доколку добијат дозвола ќе основаат друштво и пензиски фонд согласно со овој закон;

д) список на основачите и податоци за поврзаноста на правните лица и објаснувања за карактерот на таквата поврзаност;

ѓ) за сите лица кои би биле основачи, заверени копии од основачките акти и статутите на друштвата и извадок од регистарскиот суд во кој се регистрирани, имиња и адреси на членови на управните одбори и заверени копии од последните три финансиски извештаи ревидирани од надворешен овластен ревизор, како и секој дополнителен доказ потребен за да се покаже дека се исполнети условите од членот 15 ставови (1) и (3) на овој закон;

е) документи со кои се потврдува дека на датумот на пријавување на тендерот, основачите кои ќе држат 51% од основачкиот капитал на друштвото имаат големо искуство во управување со средства и имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции, најмалку за период од една година пред да се пријават како основачи;

ж) доказ за потеклото на финансиските средства што ќе бидат уплатени на име основачки капитал на друштвото;

з) список на кандидати за членови на управниот одбор и на надзорниот одбор на друштвото заедно со изјави со кои тие се согласни да ги извршуваат овие функции доколку понудата успее, и да ги задоволат сите услови пропишани со овој закон вклучувајќи повлекување од било која функција што претставува конфликт на интереси и е забранета со овој закон, како и опис на нивните стручни квалификации и на претходното професионално искуство;

ѕ) податоци за лица со посебни овластувања и одговорности кои се предлага да бидат одговорни за инвестиционите одлуки;

и) уверенија дека на лицата кои се членови на органите на раководење и управување на друштвото не им е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управување со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или финансиски услуги;

ј) план за имплементирање на основањето на друштво и пензиски фонд, како и организационен план за структурата на друштвото;

к) програма за инвестиционата стратегија на пензискиот фонд и

л) други документи потребни за претквалификацијата кои ги пропишува Агенцијата.

(2) Поднесените документи, вклучувајќи го и документот од ставот (1) точка (б) на овој член, не смеат да содржат изјава за надоместок што се наплатува согласно со членот 98 став (1) точка а) на овој закон.

(3) Некомплетните и ненавремените пријави со документација нема да се земат за разгледување и се враќаат на подносителите со наведување на причините за нивното враќање.

Член 30

Агенцијата донесува одлука за понудувачите кои ќе ја поминат претквалификационата фаза врз основа на документите и податоците од членовите 29 и 31 на овој закон врз чија основа прави оцена за исполнување на следниве услови:

а) од документите и примените податоци произлегува дека доколку се издаде дозвола, во предложеното друштво ќе биде уплатен основачкиот капитал пропишан со овој закон;

б) од документите и расположливите податоци произлегува дека понудувачите располагаат со финансиски средства за таа намена;

в) од документите и расположливите податоци произлегува дека понудувачите ги исполнуваат условите за основачи од членовите 14 и 15 на овој закон;

г) од документите и расположливите податоци произлегува дека лицата предложени за членови на управен одбор и на надзорен одбор и лицата одговорни за инвестиционото управување, ги исполнуваат условите утврдени со овој закон;

д) документите поднесени согласно со член 29 на овој закон ако содржат одредби или ако во тие документи се пропуштени одредби со кои би можеле да се загрозат интересите на членовите на пензискиот фонд или тие интереси не се во доволна мера заштитени;

ѓ) понудувачите докажале дека обезбедиле или ќе обезбедат навремено склучување договори за финансиско сметководство и ревизија на друштвото согласно со овој закон;

е) дека предложениот назив на идното друштво или називот на пензискиот фонд нема да ги доведе во заблуда членовите на фондот, идните членови и било кое друго лице кое би можело да има контакти со друштвото и пензискиот фонд;

ж) дека работењето на друштвото и на пензискиот фонд ќе се врши согласно со стандардите на управување со пензиски фондови и добрите деловни обичаи и

з) од документите и од податоците произлегува дека идното друштво нема да врши други дејности освен оние за кои е овластено врз основа на овој закон и кои се директно поврзани со управувањето со пензиски фонд.

Член 31

(1) Во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавите со документација за претквалификација, Агенцијата може да побара доставување на дополнителни документи и податоци, освен документи од кои може да се претпостави висината на надоместокот кој ќе се наплатува од страна на друштвото.

(2) Агенцијата може, доколку смета за потребно, да испита одделни факти во врска со пријавите со документација. Во врска со тоа Агенцијата може:

а) да се обрати до други надлежни регулаторни и супервизорски органи и институции во Република Македонија и во странство и

б) да прибира документи и податоци од други извори.

Член 32

(1) Агенцијата нема да одобри понудувач да ја помине претквалификационата фаза во случај, ако:

а) не се исполнети условите од членот 30 на овој закон или

б) не е во интерес на осигурениците кои би можеле да се зачленат во иден пензиски фонд кој ќе се основа согласно со овој закон.

(2) На сите понудувачи кои биле одбиени во претквалификационата фаза Агенцијата им доставува образложена писмена одлука за одбивањето. Одлуките за одбивање од овој став се достапни на јавноста по претходно барање.

Член 33

(1) На понудувачите кои ја поминале претквалификационата фаза Агенцијата им доставува писмено барање за поднесување на понуда. Понудувачите се должни да ја доставаат понудата во форма, на начин и постапка пропишани од Агенцијата.

(2) Понудата се доставува заедно со деловен план кој ги содржи податоците пропишани од Агенцијата и поединости за сите надоместоци и провизии што ќе се наплатуваат согласно со овој закон.

(3) Избор на понудувач на кој се издава дозвола се врши исклучиво врз основа на конкурентноста на предложениот надомест што се наплатува согласно со членот 98 став (1) точка а) на овој закон.

(4) Со изборот од ставот (3) на овој член се избираат два понудувачи кои понудиле најнизок надомест, во постапка и на начин пропишани од Агенцијата. Во случај да има повеќе од два понудувачи кои понудиле ист најнизок надомест, при изборот ќе се земат предвид и резултатите од претквалификационата фаза.

(5) На сите понудувачи кои поднеле понуда на јавниот тендер, Агенцијата им доставува писмена одлука за избраните понудувачи.

(6) Незадоволните понудувачи кои ја поминале претквалификационата фаза, а не биле избрани, имаат право на жалба до второстепената Комисија на Владата на Република Македонија.

Член 34

(1) Дозволите за основање се издаваат истовремено на два понудувачи по конечноста на одлуката од членот 33 став (6) на овој закон, во постапка и на начин пропишани од Агенцијата.

(2) Истовремено со издавањето на дозволата, на понудувачите од ставот (1) на овој член се издава условно одобрение за управување со пензиски фонд.

Член 35

(1) Понудувачите на кои им е издадена дозвола за основање и условно одобрение за управување со пензиски фонд, должни се да основаат друштво согласно со тендерската документација и врз основа на Законот за трговските друштва и овој закон. Друштвото мора да биде основано во рок од три месеци од приемот на дозволата, а од оправдани причини Агенцијата може да го продолжи рокот за најмногу три месеци.

(2) Доколку понудувачите на кои им е издадена дозвола за основање не основаат друштво во рокот определен со ставот (1) на овој член, по истекот на тој рок Агенцијата ќе ја одземе дозволата за основање.

(3) Во случај од ставот (2) на овој член Агенцијата издава нова дозвола за основање на друштво на треторангираниот понудувач согласно со членот 33 став (3) од овој закон.

Член 36

(1) Друштвото ја известува Агенцијата за основањето и уписот во трговскиот регистар во рок од 30 дена од извршениот упис. Друштвото е должно да достави заверени копии од основачките акти и статутот на друштвото, последните верзии на документите од членот 29 став (1) точки (б) и (в) на овој закон, копија од условното одобрение од членот 34 став (2) на овој закон и други документи во врска со работењето со пензискиот фонд пропишани од Агенцијата.

(2) По исполнување на условите предвидени во членот 35 став (1) на овој закон и став 1 на овој член условното одобрение за управување со пензиски фонд станува полноважно.

(3) Друштвото не може да отпочне со активности на управување со пензиски фонд, како и маркетинг и испитување на јавното мислење пред датумот утврден од Агенцијата, пред добивање на дозволата за основање, одобрението за управување со пензиски фонд и пред уписот во трговскиот регистар.

Член 37

Сите измени на акционерите, членовите на управниот и надзорниот одбор, лицата со посебни овластувања и одговорности или измени и дополнувања на документите и податоците наведени во членот 29 на овој закон, подлежат на претходно одобрение од страна на Агенцијата, освен ако промените се надвор од контролата на друштвото, а тоа ги презело сите потребни мерки за спречување на тие промени. Агенцијата ги цени таквите промени согласно со одредбите од членовите 30 и 32 на овој закон.

Член 38

(1) Агенцијата може да повлече или укине одобрение за управување со пензиски фонд од истите причини заради кои одбива барање согласно со членот 29 на овој закон, на барање од друштвото или заради грубо кршење на одредбите на овој закон, и особено поради неисполнување на условите од членот 30 на овој закон.

(2) Пред да го повлече или укине одобрението за управување со пензиски фонд, Агенцијата ќе го повика друштвото и ќе му даде можност да ги отстрани незаконитостите и неправилностите во работењето во рок определен од Агенцијата, освен доколку смета дека таквата можност би била во спротивност со интересите на членовите на пензискиот фонд или на јавниот интерес.

(3) Агенцијата веднаш ќе го извести друштвото за одлуката за повлекување или укинување на одобрението за управување со пензиски фонд.

(4) Против одлуката на Агенцијата од ставот (1) на овој член друштвото има право на жалба до второстепената Комисија на Владата на Република Македонија. Жалбата не го одложува извршувањето на одлуката на Агенцијата од ставот (1) на овој член.

Член 39

(1) Друштвото на кое му е повлечено или укинато одобрението за управување со пензиски фонд врз основа на член 38 од овој закон, продолжува да работи под надзор на Агенцијата, во постапка пропишана од Агенцијата заради заштита на интересите на членовите на пензискиот фонд по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика. Оваа состојба трае до моментот кога некое друго друштво ќе го преземе управувањето со тој пензиски фонд. Во случај кога Агенцијата смета дека се загрозени или би можеле да бидат загрозени интересите на членовите на пензискиот фонд, таа може да преземе непосредна контрола врз тој фонд.

(2) Во случај кога одлуката за укинување на одобрение за управување со пензиски фонд стане конечна, Агенцијата е должна да објави нов јавен тендер согласно со овој закон и да издаде нова дозвола за основање и одобрение за управување со пензискиот фонд.

(3) На тендерот од ставот (2) на овој член не можат да се јават постојните друштва, акционерите во тие друштва, или акционерите во друштвото чиешто одобрение било укинато.

(4) За спроведување на тендерот од ставот (2) на овој член Агенцијата поблиску ќе ја уреди постапката и изборот на најдобрата понуда.

(5) Во случај на неуспешен тендер, Агенцијата ќе ги префрли членовите на тој пензиски фонд во пензиски фондови управувани од други друштва, на начин утврден од Агенцијата.

## Глава IV

## ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 40

(1) Пензиски фонд претставува отворен инвестиционен фонд, што се основа и работи согласно со Законот за инвестиционите фондови, доколку со овој закон поинаку не е уредено. Пензискиот фонд го сочинуваат средствата од придонесите на членовите на тој фонд и приносите од инвестираните придонеси.

(2) Сопственици на пензискиот фонд се неговите членови и нивните поединечни сопственички права се определени од износот на средствата на нивните сметки, согласно со членот 67 на овој закон.

(3) Средствата на пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на друштвото кое управува со тој фонд.

Член 41

Со пензиски фонд управува друштво кое го претставува и застапува пензискиот фонд пред трети лица.

Член 42

Седиштето на пензискиот фонд се наоѓа во седиштето на друштвото кое управува со тој пензиски фонд.

Член 43

(1) Називот на секој пензиски фонд задолжително ги содржи зборовите: "Отворен пензиски фонд".

(2) Називот на пензискиот фонд не смее да го содржи зборот "Македонија" ниту кратенка или друг збор изведен од тој збор.

Член 44

Средствата на пензискиот фондот не можат да бидат предмет на побарувања, ниту врз тие средства може да биде спроведено извршување од страна на, или од името на доверителите на друштвото.

Член 45

(1) Статутот на пензискиот фонд содржи:

а) податоци за основните принципи и посебни ограничувања при инвестирањето, освен оние пропишани со закон;

б) начинот на пресметување на брокерските провизии непосредно поврзани со продавање и купување на средствата на пензискиот фонд и нивно одбивање од сметките на членовите на фондот;

в) одбивања од средствата на пензискиот фонд заради плаќање на надоместоци на друштвото;

г) поединости за начинот на водење на сметководството на пензискиот фонд;

д) начин на информирање на членовите на пензискиот фонд и дневниот весник во кој се објавува информативниот проспект на пензискиот фонд и

ѓ) други податоци од значење за пензискиот фонд.

(2) Агенцијата дава согласност на статутот на пензискиот фонд.

## Глава V

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 46

(1) Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се основа заради вршење супервизија на работењето на друштвата за управување со пензиски фондови и пензиските фондови.

(2) Агенцијата има својство на правно лице.

(3) Органи на Агенцијата се управен одбор и директор.

(4) Агенцијата има статут.

(5) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(6) Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

(7) Целта на основањето на Агенцијата е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

### Член 47

(1) Агенцијата ги врши следниве работи:

а) спроведува активности за прибирање понуди на тендер, издава, повлекува и одзема дозволи за основање на друштва и одобренија за управување со пензиски фонд;

б) врши супервизија на работењето на друштвата и пензиските фондови со кои тие управуваат, а особено го контролира законитото работење на истите;

в) врши супервизија на работењето на правните лица кои се чувари на средствата на пензиските фондови и на странските менаџери на средства на пензискиот фонд во врска со работењето со тие средства;

г) го промовира, го организира и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика;

д) ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на друштвата и на пензиските фондови, за придобивките од членување во пензиски фонд, за правата на членовите на пензиски фондови и за други прашања во врска со системот на пензиски фондови;

ѓ) дава предлог за покренување на прекршочни и кривични постапки пред надлежен орган против друштва за управување со пензиски фондови, чувари на имот на пензиски фондови, странски менаџери на средства и други лица во случај на повреда на одредбите на овој закон и на други закони;

е) ги следи и ги разгледува финансиските извештаи на пензиските фондови и на друштвата;

ж) води регистар на агенти;

з) заради обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување и на финансискиот сектор, соработува со Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и со други органи и институции во земјата и во странство. Обемот, содржината и формата на соработка подетално меѓусебно ги уредува Агенцијата со надлежните органи и институции;

ѕ) соработува со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во делот на овластувањата што му се доверени на тој фонд со овој закон;

и) донесува акти согласно со овој закон;

ј) донесува интерни упатства за својата работа;

к) иницира донесување на прописи и други акти во врска со друштвата и со пензиските фондови;

л) се зачленува и учествува во домашни и меѓународни организации, кога таквото учество е во интерес на македонскиот пензиски систем и

љ) врши други работи согласно со овој закон.

(2) Актите и прописите кои Агенцијата ги донесува согласно со овој закон се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

### Член 48

Агенцијата има активна процесна легитимација и е овластена да учествува, непосредно или посредно, во било која постапка што е покрената против друштво и против друго лице или лица правно поврзани со друштвата, кога тоа е потребно заради заштитата на интересите на членовите на пензиските фондови.

### Член 49

(1) До Агенцијата можат да се поднесат поплаки од членови на пензиски фондови или поранешни членови на пензиски фондови против друштвото, за дејствија и активности преземени од страна на тоа друштво кои не се во согласност со закон и со актите на тоа друштво.

(2) До Агенцијата може да се поднесе поплака од член на пензиски фонд против други лица со кои пензискиот фонд и друштвото имале деловни или договорни односи, во случај кога членот верува дека неговите интереси како член на пензискиот фонд биле оштетени како резултат на кршење на законот од тоа лице во поглед на деловните или договорните односи.

(3) Агенцијата може да се обрати до друштвото против кое примила поплака заради разјаснување на случајот, доколку тоа нема да наштети на интересите на подносителот на поплаката.

(4) Агенцијата води евиденција на поплаките против друштвата согласно со ставот (3) на овој член и за тоа објавува статистички податоци во својот информативен проспект.

### Член 50

(1) Управниот одбор на Агенцијата е составен од пет члена именувани од Владата на Република Македонија.

(2) За член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да е државјанин на Република Македонија;

б) да има високо образование и

в) да има искуство од најмалку пет години релевантно за пензиски фондови во областа на економијата, финансиите, сметководството, инвестирањето, осигурувањето, актуарската наука или правото.

(3) Мандатот на членовите на управниот одбор трае седум години и тие можат повторно да бидат именувани. Членовите на управниот одбор можат да бидат разрешени од страна на Владата на Република Македонија и пред истекот на мандатот, само во случај на условите предвидени во членот 51 став (6) од овој закон.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во првиот мандат на конституирање на управниот одбор два члена се именуваат на три години, два на пет години и еден на седум години.

(5) Кога некој член на управниот одбор ќе престане да ја врши должноста пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице до истекот на мандатот на членот кој се заменува.

(6) Управниот одбор:

а) донесува статут на Агенцијата;

б) донесува акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места на Агенцијата;

в) донесува годишната програма за работа на Агенцијата и ја следи нејзината реализација;

г) усвојува годишен извештај за работата на Агенцијата;

(7) На актите од точките а), б) и г) од ставот (6) на овој член согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 51

(1) Со Агенцијата раководи директор. Директорот на Агенцијата има заменик на директорот.

(2) Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот, на предлог на министерот за труд и социјална политика, го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Директорот на Агенцијата:

а) ја претставува и застапува Агенцијата;

б) одговара за нејзиното работење согласно со правата и должностите утврдени во овој закон;

в) организира и обезбедува законско извршување на активностите од делокругот на Агенцијата;

г) предлага на управниот одбор донесување на акти од негова надлежност;

д) ги извршува одлуките на управниот одбор и

ѓ) врши и други работи кои му се доверени со овој закон, статутот или друг акт на Агенцијата.

(4) За директор на Агенцијата и заменик на директорот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да е државјанин на Република Македонија;

б) да има високо образование во областите наведени во точка в) на овој став;

в) да има искуство од најмалку шест години релевантно за пензиски фондови во области на економијата, финансиите, сметководството, инвестирањето, осигурувањето, актуарската наука или правото;

г) да има работно искуство од најмалку четири години на раководни функции во областите од точката в) на овој став и

д) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност.

(5) Мандатот на директорот на Агенцијата и на заменикот на директорот е седум години, со можност за повторен избор.

(6) Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот може да биде разрешен пред истекот на мандатот во случај:

а) на грубо запоставување на работните должности;

б) кога е осуден за кривично дело;

в) кога му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност на раководно лице во институцијата;

г) на непочитување на забраните од членот 52 и обврските од членот 55 на овој закон;

д) на долготрајна тешка болест, која го спречува во извршувањето на обврските;

ѓ) ако ја изгубил деловната способност и

е) на негово барање.

(7) Директорот на Агенцијата и заменикот на директорот работата ќе ја вршат професионално.

(8) Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето. Заменикот во соработка со директорот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

(9) Лицата со посебни овластувања и одговорности, вработени во Агенцијата, кои учествуваат во носењето на одлуките со важно влијание на друштвата, пензиските фондови и членовите мораат да имаат високо образование и работно искуство од најмалку три години во областа на управувањето со пензиски фондови, економијата, финансиите, сметководството, инвестирањето, осигурувањето, актуарската наука или правото.

Член 52

(1) Директорот, заменикот на директорот и вработените во Агенцијата не смеат:

а) да примаат било какви надоместоци или плаќања, да прифаќаат некаква функција или вработување, или да вршат услуги или да стекнуваат акции во:

1) друштво или во пензиски фонд со кој тоа друштво управува;

2) чувар на имотот на пензиски фонд или

3) било кое поврзано лице со лицата од потточките 1) и 2) на оваа точка;

б) да прифатат било каква изборна политичка функција или да се кандидираат за таква функција или

в) да вршат било каква политичка функција.

(2) Ограничувањата пропишани во ставот (1) точка а) на овој член важат и за време од една година по престанокот на функцијата директор на Агенцијата и заменик на директорот.

Член 53

(1) Заради извршување на своите должности Агенцијата е овластена:

а) да ги добива на увид сите документи на друштвото и електронската евиденција во врска со неговото работење и со работењето на пензискиот фонд со кој управува;

б) да ги добива на увид сите документи и електронска евиденција од точка а) на овој став од чувар на имот и од странски менаџер на пензиски фондови;

в) да добива информации од членови на управен одбор и на надзорен одбор и други лица вработени во друштвото, во неговиот чувар на имот или во странскиот менаџер на пензиски фондови, во врска со активностите на друштвото или на пензискиот фонд;

г) да бара писмени и лично потпишани изјави од лицата наведени во точката в) на овој став.

(2) Директорот на Агенцијата може да овласти лице да влезе во службените простории на:

а) друштво заради контрола и увид во законитоста во работењето на тоа друштво и на пензискиот фонд со кој управува и контрола на примената на статутот и другите акти на тоа друштво;

б) чувар на имот и странски менаџер на средства заради увид и контрола во законитоста на работењето и во примената на потпишаните договори со односното друштво.

(3) Друштвото, чуварот на имот и странскиот менаџер на средства должни се на лицето овластено за контрола да му ги стават на располагање сите книги, документи и други евиденции во врска со работењето на друштвото, пензискиот фонд со кој управува тоа друштво, странскиот менаџер на средства и чуварот на имот.

(4) Видот и обемот на контролата се утврдува со решението за контрола што го донесува директорот на Агенцијата.

(5) Лицето овластено за контрола изготвува записник и истиот го доставува до Агенцијата. Доколку Агенцијата утврди неправилности во работењето или во водењето на деловните книги, со решение ќе му наложи на друштвото, на чуварот на имот или на странскиот менаџер на средства, истите да ги отстрани во определениот рок.

(6) Согласно со ставот (5) на овој член друштвото, чуварот на имот или странскиот менаџер на средства се должни во определениот рок да ги отстранат неправилностите и да доставаат известување до Агенцијата за отстранетите неправилности со приложени докази дека неправилностите се отстранети или исправени. Докол-

ку друштвото не ги отстрани неправилностите, Агенцијата може да го одземе одобрението за управување со пензиски фондови на тоа друштво.

(7) Доколку Агенцијата при вршењето на контролата во работењето на друштвото и управувањето со пензиските фондови утврди дека постојат работи или дела кои се казниви според закон, директорот или лице овластено од него поднесува пријава за поведување на постапка пред надлежен орган.

Член 54

(1) Агенцијата објавува извештај за состојбите во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија за претходната година, во "Службен весник на Република Македонија" во рок од шест месеци по истекот на календарската година. Извештајот содржи податоци за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, оцена на извршувањето на прописите во областа на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, податоци во врска со работењето на Агенцијата и други прашања за кои Агенцијата во врска со работењето на Агенцијата и други прашања за кои Агенцијата смета дека се од значење за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

(2) Агенцијата поднесува извештај за својата работа за претходната година до Владата на Република Македонија во рок од шест месеца по истекот на календарската година. Извештајот за работата на Агенцијата ги содржи податоците од ставот (1) на овој член и податоци во врска со работењето на сите друштва и пензиски фондови и други податоци по сопствено наоѓање или по барање од Владата на Република Македонија. Извештајот за работата на Агенцијата се усвојува од Владата на Република Македонија и истиот се доставува за информирање на Собранието на Република Македонија.

Член 55

(1) Членовите на управен одбор, директорот, заменикот на директорот, овластените лица и други вработени во Агенцијата не смеат да оддаваат никакви информации што ги добиле при вршењето на функциите или овластувањата врз основа на овој закон.

(2) Обврската за доверливост на информациите не се однесува на случаи во кои тие информации се откриваат врз основа на овластувања утврдени во овој закон и правосилна судска одлука.

(3) Обврската за доверливост на информациите од ставот (1) на овој член не се однесува на случаи кога давањето на информации го врши Агенцијата:

а) врз основа на писмено барање од Министерството за труд и социјална политика или друго овластено лице од министерот, кога тоа барање е неопходно за извршување на неговите службени задачи;

б) врз основа на писмено барање од домашен или меѓународен орган или организација со цел да се даде помош во извршувањето на функциите на тие органи, доколку се слични на функциите на Агенцијата;

в) во форма на заклучна информација во врска со пензиските фондови или со друштвата, под услов информацијата да е изготвена од страна на овластени лица согласно со овој закон, и заклучокот да е изготвен на начин кој не овозможува откривање на податоци за член на пензиски фонд, за работењето на друштвото, на чуварот на имотот или менаџерот на средствата и

г) врз основа на писмена дозвола од друштвото или од членот на кој се однесуваат податоците.

Член 56

(1) Буџетот на Агенцијата во врска со дејностите утврдени во овој закон се донесува заедно со Буџетот на Република Македонија.

(2) Во буџетот на Агенцијата се утврдени платите на вработените во Агенцијата. Платите на директорот на Агенцијата, заменикот на директорот и на лицата со посебни овластувања и одговорности мора да се слични со платите во финансискиот сектор, вклучувајќи ги платите во друштвата за управување со пензиски фондови.

(3) Работењето на Агенцијата, согласно со овој закон, се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од друштвата, вклучувајќи ги особено следниве:

а) месечен надомест на товар на друштвата најмногу до 2,5% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат;

б) надомест за тендерска документација;

в) надомест за дозвола за основање на друштво и за одобрение за управување со пензиски фонд;

г) надомест за обезбедување на формулари;

д) надомест за обука, организирање на испити и давање дозволи на агентите;

ѓ) надомест за запишување во регистарот на агенти кој не може да биде повисок од административните трошоци на запишувањето;

е) надомест за вршење на услуги и

ж) други надоместоци утврдени од Агенцијата.

(4) Висината на надоместоците од ставот (3) на овој член ја утврдува Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Во случај приходите од надоместоците од ставот (3) на овој член да не ги покриваат планираните расходи, недостигот на приходи се финансира од Буџетот на Република Македонија.

(6) Ревизија на работењето на Агенцијата врши Заводот за државна ревизија на Република Македонија.

Член 57

(1) Министерството за труд и социјална политика врши надзор на законитоста на работењето на Агенцијата.

(2) Министерството за труд и социјална политика може да запре извршување на акт на Агенцијата, ако не е во согласност со овој закон или ако е противуставен.

Глава VI

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ

Член 58

(1) Осигурениците кои прв пат по 1 јануари 2003 година пристапиле во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, согласно со член 131 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, должни се да се зачленат и да плаќаат придонеси во пензиски фонд по сопствен избор се додека имаат својство на осигуреник во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

(2) Осигурениците од ставот (1) на овој член должни се да се зачленат во пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

(3) Осигурениците кои биле вклучени во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2003 година, согласно со член 132 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, можат да се зачленат и да плаќаат придонеси во пензиски фонд по сопствен избор и изборот мора да го направат во рок од една година сметано од 1 јануари 2003 година.

(4) За осигурениците од ставовите (1) и (3) на овој член уплатата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување почнува од 1 јануари 2004 година.

(5) Член на пензиски фонд може слободно да премине и да се зачлени во друг пензиски фонд, освен во случаите наведени во членот 62 на овој закон.

(6) Агенцијата е должна да ги информира граѓаните за категориите осигуреници кои се обврзани да се зачленат во пензиски фонд, за осигурениците кои можат да се зачленат по сопствен избор во пензиски фонд, за факторите кои треба да се земат предвид при одлучувањето дали осигуреник да се зачлени во пензиски фонд и за одлуките што треба да се донесат при првото вработување, односно при започнување со вршење на дејност.

(7) Осигурениците од ставот (1) на овој член кои нема да се зачленат во пензиски фонд во рок од три месеци од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, ќе бидат зачленети по службена должност од страна на Агенцијата во еден од пензиските фондови и ќе мораат да потпишат договор за членство со тој пензиски фонд согласно со членот 59 од овој закон и нема да можат да го оспорат тој договор. Доколку осигуреникот одбива да потпише договор, нема да има принос на средствата на неговата индивидуална сметка се додека не го потпише договорот, освен во случаите кои Агенцијата поблиску ги пропишува.

(8) При зачленувањето на осигуреници во пензиски фондови од страна на Агенцијата, се води сметка бројот на осигурениците да биде пропорционален со вкупната вредност на средствата на секој одделен пензиски фонд, на датум што го утврдува Агенцијата, но не повеќе од еден месец пред таквото зачленување.

(9) Придонесите на осигурениците кои не се зачлениле во пензиски фонд, а биле обврзани на тоа, се чуваат на посебните сметки во пензиските фондови на име на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, до моментот кога осигуреникот доброволно ќе се зачлени во пензиски фонд или ќе биде зачленет во некој пензиски фонд од страна на Агенцијата. Средствата од тие придонеси се вложуваат во пензиските фондови согласно со членот 68 став (2) на овој закон и просечниот принос од вложувањата на сите фондови се припишува на сметката на осигуреникот кога тој ќе стане член на некој пензиски фонд.

(10) Агенцијата ја уредува постапката на зачленување на осигуреници во пензиски фондови, начинот на известување на осигурениците што ги зачленила Агенцијата и начинот на известување на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за осигурениците што ги зачленила Агенцијата, како и постапката во врска со уплатата на придонесите при задоцнето зачленување.

Член 59

(1) Осигуреник стекнува членство во пензиски фонд со потпишување договор за членство со друштвото кое управува со тој пензиски фонд.

(2) Формата на договорот за членство од ставот (1) на овој член е еднаква за сите членови на пензискиот фонд со кој управува тоа друштво.

(3) Агенцијата ја уредува стандардизираната форма на договорот за членство за сите пензиски фондови.

(4) Во случај кога осигуреник прв пат потпишал договор за членство во пензиски фонд и дотогаш не бил член на ниту еден пензиски фонд, има право на еднострано раскинување на договорот по пат на писмен поднесок доставен до седиштето на друштвото во рок од осум работни дена од датумот на потпишувањето на договорот за членство. Во таков случај договорот не произведува правно дејство. Осигуреникот не може да стекне членство во пензиски фонд пред истекот на осмиот работен ден од потпишувањето.

(5) Друштвото кое управува со тој пензиски фонд веднаш по истекот на рокот од осум работни дена по потпишувањето на договорот за членство од ставот (4) на овој член, доставува копија на договорот за членство до членот и го известува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија заради внесување на промената во регистарот на членови на пензиските фондови.

(6) Агенцијата ги утврдува датумите за секоја година на кои осигурениците можат да стекнат членство во пензиски фондови и на кои може да се врши пренос на средствата од еден во друг пензиски фонд (датум на пренос). Датум на пренос мора да биде датум на проценка. Осигуреник може да стане член на пензиски фонд само на тие датуми.

(7) Друштво не може да одбие зачленување на осигуреник во пензискиот фонд со кој управува, освен во случај тој осигуреник да не ги исполнува условите пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

(8) Осигуреник во исто време може да биде член само во еден пензиски фонд и во тој пензиски фонд може да има само една сметка.

(9) Агенцијата може да ги уреди условите под кои откако едно друштво согласно со членот 7 на овој закон може да управува со повеќе од еден пензиски фонд, осигуреник по исклучок од ставот (8) на овој член може да биде член на повеќе од еден пензиски фонд, со кои пензиски фондови управува исто друштво.

(10) Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за членство во пензиски фонд согласно со овој член.

Член 60

(1) Уплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување ја врши обврзникот за плаќање на придонес на сметката на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Од средствата остварени по основ на ненавремено и нецелосно плаќање на придонес уплатени за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија пренесува 50% на индивидуалната сметка на членот на пензискиот фонд. Другите 50% остануваат во приходите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги пренесува придонесите на членовите на пензиските фондови на сметките на избраните пензиски фондови, веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ја изврши таа обврска.

Член 61

(1) Доколку осигуреник кој е член на еден пензиски фонд (постоен пензиски фонд) сака да стане член на пензиски фонд управуван од друго друштво (иден пензиски фонд), тој член потпишува времен договор за членство со друштвото кое управува со идниот пензиски фонд согласно со членот 59 на овој закон. Друштвото кое управува со идниот пензиски фонд е должно да го достави времениот договор за членство до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во рок од осум работни дена по потпишувањето на времениот договор.

(2) Во рок од осум работни дена од приемот на времениот договор за членство, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија до членот на пензискиот фонд испраќа писмено известување дека го примил времениот договор за членство, заедно со формулар. Во известувањето јасно треба да биде предочено дека за префрлување од постојниот пензиски фонд во идниот пензиски фонд членот е должен да плати паричен надоместок, согласно со членот 98 став (1) точка в) на овој закон и дека префрлувањето може да се изврши единствено доколку осигуреникот кој сака да пристапи во идниот пензиски фонд го пополни и врати фор-

муларот што е составен дел на писменото известување, во рок од осум работни дена од приемот на истото, со што потврдува дека е согласен да го плати пропишаниот паричен надоместок и да премине во идниот пензиски фонд.

(3) Договорот за членство станува полноважен и произведува правно дејство од денот на примање на формуларот од ставот (2) на овој член во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(4) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги известува друштвото кое управува со постојниот пензиски фонд и друштвото кое управува со идниот пензиски фонд за членот кој преминал во идниот пензиски фонд, во рок од осум работни дена по приемот на уредно пополнетиот формулар, согласно со ставот (2) на овој член.

(5) За време од денот кога членот склучил времен договор за членство до денот кога друштвото кое управува со идниот пензиски фонд ќе го прими известувањето од ставот (4) на овој член, ниту друштвото кое управува со идниот пензиски фонд, ниту поврзани лица со тоа друштво, ниту агенти и вработени не смеат да му пристапат и да остварат контакт со тој член, или да стапат во говорна или писмена комуникација со него, а во врска со идниот пензиски фонд, постојниот пензиски фонд, или било кое прашање поврзано со членување во пензиски фондови.

(6) Членството во постојниот пензиски фонд престанува на првиот нареден датум за пренос од денот кога е примен уредно пополнетиот формулар согласно со ставот (4) на овој член и на истиот датум започнува членството во идниот пензиски фонд.

(7) Агенцијата подетално ги уредува:

а) постапката и продолжувањето на роковите за склучување на времениот договор за членство во пензиски фонд од објективни причини;

б) податоците и содржината на формуларот што го издава Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за членови кои имаат намера да преминат во друг пензиски фонд и

в) други прашања поврзани со склучување на времениот договор за членство во пензиски фонд.

Член 62

(1) Член на пензиски фонд не може да премине во друг пензиски фонд во рок од две години сметано од 1 јануари 2004 година.

(2) Агенцијата може да отстапи од рокот утврден во ставот (1) на овој член, во случаите утврдени во членот 98 став (3) на овој закон.

Член 63

(1) Во случај на преминување на членот од еден во друг пензиски фонд согласно со членот 61 на овој закон, средствата на тој член се пренесуваат од постојниот во идниот пензиски фонд на првиот нареден датум на пренос.

(2) Средствата што се предмет на пренесување се состојат од износот на сметката на членот на пензискиот фонд на датумот на пренос, намалени за надоместоците согласно со членот 98 став (1) точка в) на овој закон.

(3) Друштвото кое управува со постојниот пензиски фонд го известува друштвото кое управува со идниот пензиски фонд за придонесите на членот уплатени во постојниот пензиски фонд, за пренесените средства за тој член и за придонесите на тој член што ги уплатувал во пензиските фондови во кои членувал во минатото.

(4) Агенцијата поблиску го уредува преносот на средствата меѓу пензиските фондови со кои управуваат различни друштва и видот на податоците што се доставуваат согласно со ставот (3) на овој член.

Член 64

Доколку членот на еден пензиски фонд престане да уплаќа придонеси во пензискиот фонд пред пензионирањето, тој продолжува да биде член на пензискиот фонд се до смртта или до неговото пензионирање и ги има истите права како другите членови на тој фонд врз основа на овој закон, вклучувајќи го и правото на преминување, согласно со членот 63 на овој закон.

Член 65

(1) Кога член на пензиски фонд ќе стекне право на инвалидска пензија, согласно со членот 132-в од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, вкупниот износ на средствата од сметката на тој член се пренесува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, освен во случаите утврдени со членот 90 на овој закон. По приемот на известувањето од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија дека членот стекнал право на инвалидска пензија, друштвото кое управува со тој пензиски фонд е должно да ги префрли средствата од сметката на тој член во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето.

(2) Во моментот на пренос на средствата согласно со ставот (1) на овој член, друштвото кое управува со тој пензиски фонд е должно да го идентификува членот чии средства се пренесуваат, да достави копија од известувањето за извршеното пренесување на средствата до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

Член 66

(1) Во случај на смрт на член на пензиски фонд чии членови на семејството имаат право на семејна пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија веднаш го известува друштвото кое управува со тој пензиски фонд, за смртта на тој член. На првиот нареден датум на пренос по денот на приемот на известувањето друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од сметката на починатиот член во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, освен во случаите утврдени со членот 91 на овој закон.

(2) На денот на пренос на средствата согласно со ставот (1) на овој член, друштвото е должно да го идентификува починатиот член чии средства треба да се пренесат. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.

(3) Во случај кога починатиот член на пензиски фонд нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, средствата од сметката на тој член стануваат дел на оставинска маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно со Законот за наследување. До тогаш сметката на членот останува отворена и тие средства се претвораат во сметководствени единици и се инвестираат на еднаков начин како и другите средства на пензискиот фонд, од страна на друштвото. По извршениот пренос на средствата друштвото ја затвора индивидуалната сметка на починатиот член.

Член 67

(1) Средствата од сметката на членот на пензискиот фонд се дел од неговиот личен имот. Правата на користење и на располагање со тие средства не можат да се остварат се до денот на неговото пензионирање, смрт или инвалидност согласно со овој закон.

(2) Над средствата од индивидуалната сметка на член на пензиски фонд не може да се спроведе извршување, ниту може тие средства да се користат во постапка на порамнување или стечај.

(3) Средствата на сметката на член на пензиски фонд не можат да се даваат во залог, асигнација или да се пренесуваат во полза на трети лица, освен кога тоа е изречно допуштено со овој закон. Правните дела во врска со овој став се ништовни.

Член 68

(1) Со средствата од придонесите уплатени во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за кои тој може да утврди дека припаѓаат на член на пензиски фонд или на осигуреник кој треба да избере пензиски фонд, а од било кои причини тие не можеле да бидат пренесени во соодветниот пензиски фонд во рок од пет работни дена по уплатата, се постапува согласно со ставовите (2) и (3) на овој член. Средствата за кои во определениот рок Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не може да утврди дека припаѓаат на член на пензиски фонд или на осигуреник кој треба да избере пензиски фонд, се чуваат на сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија додека не го утврди неговиот статус на членство.

(2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија има посебна сметка во секој пензиски фонд. Средствата на тие сметки се собираат од нераспределени придонеси согласно со ставот (1) на овој член. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија обезбедува дека средствата депонирани во секој пензиски фонд се пропорционални на учеството на средствата на тој пензиски фонд во вкупните средства на сите пензиски фондови. Овие средства, се претвораат во сметководствени единици и се инвестираат на еднаков начин како и другите средства на пензискиот фонд, од страна на друштвото.

(3) Агенцијата поблиску ги уредува:

а) постапката на депонирање и повлекување на средствата на тие сметки;

б) надоместоците што ги наплатуваат друштвата во врска со средствата на тие сметки;

в) начинот на распоредување на приносите од тие средства на сметките на членовите на пензиските фондови;

г) известувањата и податоците што треба да се доставуваат и

д) други прашања во врска со уплатените придонеси, а непренесени во соодветен пензиски фонд.

Глава VII

ФУНКЦИИ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 69

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во единствена постапка на собирање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за потребите на капитално финансираното пензиско осигурување ги врши следниве работи:

а) ги прима придонесите за членовите на пензиските фондови од обврзниците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување;

б) секој работен ден врши срамнување на придонесите со податоците добиени од обврзниците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и утврдените податоци во евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;

в) ги пренесува придонесите на членовите на пензиските фондови на сметките на избраните пензиски фондови кај чуварот на имот, веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да ја изврши таа обврска. Доколку овие услови не се исполнети, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија постапува согласно со членот 68 ставови (1) и (2) на овој закон;

г) доставува податоци на друштвата во врска со извршениот пренос на придонесите согласно точка в) на овој став;

д) води потполна и ажурна евиденција за индивидуалните сметки на членовите од која се гледа состојбата на придонесите уплатени за членовите во секој пензиски фонд;

ѓ) прима податоци од друштвата за членовите на пензиските фондови согласно со овој закон и за пензиските фондови што тие ги избрале, како и податоци од Агенцијата за членовите кои ги зачленила по службена должност;

е) води и одржува база на податоци утврдени со овој член и врши месечно срамнување на тие податоци и

ж) подготвува и доставува до Агенцијата редовни збирни извештаи на барање на Агенцијата, заради извршување на нејзините функции.

Член 70

Владата на Република Македонија ги пропишува начинот и постапката на извршување на функциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија утврдени во членот 69 на овој закон.

Член 71

(1) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е должен да обезбеди компјутерски софтвер кој ќе биде компатибилен со софтверот кој вообичаено се користи во Република Македонија, за да им овозможи на обврзниците за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување доставување на податоците и контрола на пресметаните плати и придонеси по електронски пат.

(2) Владата на Република Македонија ги пропишува начинот и постапката на извршување на функциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, согласно со ставот (1) на овој член.

Член 72

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија соработува со Агенцијата, друштвата и со други надлежни органи заради обезбедување на ефикасно функционирање на пензиското и инвалидското осигурување.

Член 73

(1) Министерството за труд и социјална политика врши надзор над работењето и законитоста на работењето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за функциите доделени со овој закон.

(2) Министерството за труд и социјална политика може да запре извршување на акт на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија доколку смета дека истиот не е во согласност со овој закон или дека е противуставен.

Глава VIII

МАРКЕТИНГ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 74

(1) Никој не смее на друго лице да нуди било какви подароци со цел да го наведе да се зачлени во некој пензиски фонд или да остане член во некој пензиски фонд.

(2) Никој не смее на друго лице да нуди било какви подароци со цел да го наведе да присуствува или да остане на места каде што се врши маркетинг на пензиски фонд.

(3) Никој не смее да нуди било какви подароци на работодавец или на со него поврзани лица, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, да се зачленат во некој пензиски фонд.

(4) Никој не смее да нуди било какви подароци на синдикат или друга организација, колективно тело или на лица поврзани со таа организација или тело, со цел да го поттикне или награди доколку ги наведе или им наложи на неговите вработени, да се зачленат во некој пензиски фонд,

(5) Подарок во смисла на овој член значи, но не се ограничува на парични награди, плаќање на паричен надомест за предвремено прекинување на членство во друг пензиски фонд, подарување на подвижни и недвижни ствари, уметнички дела, организирање изложби или претстави, или други чинења кои вообичаено треба да се платат, освен оние плаќања кои непосредно произлегуваат од членство во пензиски фонд.

Член 75

(1) Лицата од ставот (3) на овој член не смеат да даваат погрешни и неточни информации за пензиски фонд или за друштвото кое управува со тој фонд или информации кои можат да ги доведат во заблуда членовите на пензиски фонд, лицата кои имаат право да станат членови на пензиски фонд и лицата кои во иднина би имале право да станат членови на пензиски фонд, ниту со усни изјави, пишан материјал, преку оглас и било каков друг рекламен материјал.

(2) Лицата од ставот (3) на овој член не смеат да даваат никакви изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати на пензиски фонд, на членовите на тој фонд и на лицата кои би можеле да се зачленат во тој фонд во иднина, освен изјави во форма и постапка пропишана од Агенцијата.

(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член се:

а) пензиски фондови и друштва за управување со пензиски фондови;

б) поврзани лица со лицата од точка а) на овој став и

в) агенти или вработени во друштвата и во поврзаните лица.

(4) Заради обезбедување фер и објективно информирање на јавноста, Агенцијата ги одобрува сите материјали за маркетинг пред нивното објавување или емитување. Агенцијата донесува упатства за содржината на рекламите и за другиот пишан промотивен материјал на пензиските фондови и на друштвата.

(5) Доколку Агенцијата смета дека некоја реклама или друг пишан материјал може да предизвика заблуда, може со решение да го забрани или одложи неговото објавување или дистрибуција и да нареди објавување на измена на тој материјал во рок кој самата ќе го определи.

Член 76

(1) Забрането е вршење маркетинг на пензиски фонд на лице во неговите работни простории.

(2) Лице со посебни овластувања и одговорности не смее на вработен да му рекламира пензиски фонд.

Член 77

(1) Друштво може да склучи договор за членство или времен договор за членство со физичко лице само преку свој агент.

(2) Агентот задолжително присуствува при склучувањето на договорот за членство или на времениот договор за членство во пензиски фонд и е должен да го потпише таквиот договор.

(3) Работи на маркетинг на пензиски фондови може да врши лице по неговото запишување во регистарот на агенти.

(4) Агентот може да врши работи на маркетинг на пензиски фондови со кои управува само едно друштво. Агентот е должен одново да се регистрира, за да врши во иднина работи на маркетинг на пензиски фондови со кои управува друго друштво.

(5) Повторното регистрирање од ставот (4) на овој член не може да се изврши пред истекот на една година од датумот кога тоа лице престанало да биде агент на некое друштво, освен ако лицето престанало да биде агент на тоа друштво поради одземање на дозволата на тоа друштво.

(6) Во регистарот на агенти може да биде запишано лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да е државјанин на Република Македонија;

б) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во областите на економијата, финансиите, осигурувањето, банкарството и правото;

в) да има завршено најмалку средно образование и

г) да положило испит за агенти пред Агенцијата.

(7) Агенцијата е должна да запише лице во регистарот на агенти во рок од еден месец од приемот на уредното барање, под услов да ги исполни условите од ставот (6) на овој член. Барање за запишување во регистарот, од името на агентот се поднесува од страна на друштвото.

(8) Агенцијата може да го избрише од регистарот на агенти секое лице кое не ги почитува одредбите на овој закон.

(9) Во случај на бришење од регистарот на агенти согласно со ставот (8) на овој член Агенцијата нема да му дозволи повторно запишување на тоа лице во рок до пет години од датумот на бришењето.

(10) Агенцијата ги пропишува начинот и постапката за полагање на испитот за стекнување својство на агент и начинот и постапката за запишување на лицето во регистарот на агенти.

(11) Агенцијата им издава уверение за стекнување својство агент на лицата кои ќе го положат испитот. Формата и содржината на уверението ја пропишува Агенцијата.

Член 78

(1) Во случај друштвото преку личен контакт остварен од страна на свој вработен, претставник или агент на тоа друштво или поврзано лице со тоа друштво, да изврши влијание на некој член да го прекине членството во пензиски фонд со кој управува друго друштво и да стане член на пензиски фонд со кој управува првото друштво, тоа мора да докаже дека во времето на убедувањето на тој член, не можело разумно да се очекува дека таквото преминување е спротивно на интересите на тој член.

(2) Во случај друштво преку личен контакт остварен од страна на свој вработен, претставник или агент на тоа друштво или поврзано лице со тоа друштво, да изврши влијание на лице од машки пол постаро од 50 години или на лице од женски пол постаро од 45 години да се зачлени во пензиски фонд во рок од една година сметано од 1 јануари 2003, друштвото мора да е во состојба да докаже дека во времето на убедувањето, не можело разумно да се претпостави дека членувањето на тоа лице во тој пензиски фонд е во спротивност со интересите на тоа лице.

(3) Под личен контакт во смисла на ставовите (1) и (2) од овој член се подразбира лична средба, телефонски разговор или лично адресирана кореспонденција меѓу вработено лице, претставник или агент на друштвото и лицето во прашање или друго со него поврзано лице.

Член 79

Се забранува примената на постапки на маркетинг на пензиски фондови што се спротивни на јавниот морал и што можат да наштетат на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 80

Агенцијата поблиску ги уредува начинот и постапката за маркетинг на пензиските фондови.

Глава IX

РАБОТЕЊЕ СО СМЕТКИ И ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

Член 81

(1) Придонесите, пренесените средства и сите приноси од нивното инвестирање се распоредуваат на индивидуални сметки кои гласат на име на членовите на пензиските фондови.

(2) Евиденцијата на индивидуалните сметки во пензискиот фонд ја води друштвото кое управува со тој фонд.

Член 82

(1) За евиденција на индивидуалните сметки и средствата на пензиските фондови се користат сметководствени единици.

(2) При вршењето на процена, една сметководствена единица претставува пропорционален дел во секое средство на тој пензиски фонд.

(3) Вредноста на вкупниот број сметководствени единици на пензискиот фонд секогаш е еднаква на вкупната вредност на нето средствата на тој фонд, пресметана согласно со членот 83 на овој закон.

(4) Средствата од ставот (1) на овој член можат да се претворат и во делови од сметководствена единица, а вредноста на средствата од индивидуалната сметка на членот на пензискиот фонд исто така, може да се изрази во дел од сметководствена единица.

Член 83

(1) Вредноста на средствата на пензискиот фонд се утврдува врз основа на пазарната вредност на секое поединечно средство.

(2) Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд се утврдува со намалување на обврските на пензискиот фонд, освен обврските кон членовите на пензискиот фонд, од вредноста на средствата на пензискиот фонд.

(3) Начинот на процена на средствата на пензиските фондови и пресметување на вредноста на нивните нето средства поблиску го пропишува Агенцијата, по претходно мислење од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Член 84

(1) Претворањето на средствата од придонесите во сметководствени единици се врши на претходно утврдени датуми (датуми на процена), врз основа на вредноста на сметководствените единици на тој датум. Датумот на процена секогаш е во последниот работен ден секој месец. Агенцијата пропишува пократки рокови на датум на процена, доколку капитално финансираното пензиско осигурување и финансискиот пазар наметнуваат потреба.

(2) Вредноста на една сметководствена единица на првиот датум на процена по првата уплата на придонеси во пензиски фонд поблиску ја пропишува Агенцијата.

(3) Се до претворањето на придонесите во сметководствени единици истите се чуваат на посебна сметка на пензискиот фонд. Каматата на тие средства претставува приход на пензискиот фонд.

Член 85

(1) Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд се пресметува на секој датум на процена, за што веднаш се известува Агенцијата.

(2) На секој датум на процена се пресметува и вредноста на сметководствената единица на тој пензиски фонд, за што друштвото веднаш ја известува Агенцијата.

(3) Пресметките од ставовите (1) и (2) на овој член ги врши друштвото и тие подлежат на ревизија од страна на надворешен овластен ревизор кој не смее да биде поврзано лице со друштвото, акционерите на друштвото, странскиот менаџер на пензиски фондови или чуварот на имот. Овие пресметки се предмет на контрола на Агенцијата.

Член 86

(1) На крајот на март и септември секоја година друштвото кое управува со некој пензиски фонд е должно да го утврди приносот за претходните 36 месеци, согласно со ставот (2) на овој член. Во случај еден пензиски фонд да не примал придонеси за период од 36 месеци, а примал придонеси за период од 12 месеци, на крајот на март и септември ќе се утврди приносот за 12 месеци, или ако примал придонеси за 24 месеци, за тој временски период. Податоците за приносот се доставуваат до Агенцијата која може јавно да ги објавува.

(2) Принос на пензиски фонд претставува разлика меѓу вредноста на сметководствената единица на последниот датум на процена во месеците утврдени во ставот (1) на овој член и вредноста на единицата на последниот работен ден во месецот на крајот на 12, 24, или 36 месечен период, во соодност со вредноста на единицата на последниот работен ден во месецот на крајот на 12, 24, или 36 месечен период, во зависност од конкретниот случај. Приносот се изразува во проценти.

Член 87

Агенцијата поблиску ги уредува:

а) Методологијата на пресметување на приносот на пензиските фондови и методите за заокружување на тие вредности.

б) Датумот на кој друштвото е должно да ја извести Агенцијата за вредноста на нето средствата на пензискиот фонд, прецизната методологија за утврдување на датумите на крајот на март и септември со чија состојба ќе се прават пресметките, методологијата за процената, вредноста на сметководствената единица, приносот на односниот пензиски фонд и за начинот на таквото известување.

Член 88

Внатрешното сметководство на друштвата и на пензиските фондови се врши во согласност со законите и со меѓународните сметководствени стандарди.

Глава X

ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ

Член 89

(1) Кога член на пензискиот фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот, за:

а) купување на пензиски ануитет кој се исплаќа до крајот на животот од посебна институција овластена за оваа цел или

б) програмирани повлекувања обезбедени од друштвото кое управува со пензискиот фонд каде што тој бил член на денот на пензионирањето.

Член 90

Доколку акумулираните средства на член на пензиски фонд се повеќе од износот потребен за исплата на инвалидската пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, членот на пензискиот фонд може наместо таа инвалидска пензија, да избере да оствари право согласно со членот 89 на овој закон.

Член 91

Доколку акумулираните средства на член на пензиски фонд се повеќе од износот потребен за исплата на семејната пензија согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, корисникот на семејна пензија може наместо таа семејна пензија, да избере да оствари право согласно со членот 89 на овој закон.

Член 92

(1) Кога член на пензиски фонд нема да стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, заради тоа што нема навршено пензиски стаж најмалку 15 години, може да купи месечен пензиски ануитет доколку износот на ануитетот е еднаков или поголем од 40% од најнискиот износ на пензија.

(2) Кога пресметаниот износ на пензискиот ануитет од ставот (1) на овој член е помал од 40% од најнискиот износ на пензија, пензискиот фонд на членот наеднаш ќе му ги исплати акумулираните средства на неговата сметка.

Член 93

Обезбедувањето на пензиски ануитети и програмирани повлекувања се вршат согласно со закон.

Глава XI

ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 94

(1) Секое друштво е должно, најдоцна до 31 март секоја тековна година, да објави информативен проспект за пензискиот фонд со кој управува со вистинити и точни податоци со состојба на 31 декември претходната година.

(2) Информативниот проспект за пензиски фонд ги содржи следниве податоци во врска со фондот и друштвото кое управува со тој фонд:

а) имињата на членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор на друштвото;

б) имињата и адресите на акционерите и нивното учество во капиталот на друштвото;

в) името и седиштето на чуварот на имот и податоци за евентуални промени на чуварот на имот направени претходната година и причините за таквите промени;

г) основните принципи на инвестирањето за периодот од ставот (1) на овој член и самоограничувањата при инвестирањето освен ограничувањата утврдени во овој закон;

д) надоместоците што се наплатуваат од членовите на пензискиот фонд;

ѓ) податоците наведени во членот 95 став (3) на овој закон;

е) бројот на членовите на пензискиот фонд;

ж) нето вредноста на средствата на пензискиот фонд на последниот датум на процена пред 31 декември и

з) други податоци за работењето на друштвото и управувањето со пензискиот фонд што може да ги пропише Агенцијата заради обезбедување на транспарентност.

(3) Податоците се објавуваат во форма на брошура најмалку во еден дневен весник што се дистрибуира на целата територија на Република Македонија.

(4) Формата на информативниот проспект ја пропишува Агенцијата.

(5) Друштвото е должно да му овозможи увид во информативниот проспект и статутот на пензискиот фонд со кој управува согласно со членот 45 на овој закон, на секое лице кое ќе се пријави за членство во пензискиот фонд со кој управува тоа друштво, пред потпишувањето на договорот за членство.

(6) Друштвото е должно, по барање од член на пензискиот фонд, да овозможи увид во информативниот проспект и статутот на пензискиот фонд со кој управува.

Член 95

(1) Друштвото е должно редовно, а најмалку еднаш во шест месеци да ги информира во писмена форма членовите на пензискиот фонд за состојбата на средствата на нивните индивидуални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици.

(2) По барање од член на пензиски фонд, во секое време, друштвото е должно во рок од осум работни дена од приемот на таквото барање, на членот да му достави известување за вредноста на средствата на неговата сметка.

(3) Најмалку еднаш годишно, друштвото е должно да достави податоци до секој член на пензиски фонд со кој тоа управува за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена пред 31 декември секоја година. Обврската за давање податоци за издавачите на хартии од вредност се однесува на вложувања во хартии од вредност кои претставуваат најмалку 1% во вредноста на средствата на пензискиот фонд. Исто така, друштвото е должно да достави податоци за вкупниот износ на брокерски провизии кои ги платиле друштвото и неговите странски менаџери на средства на пензискиот фонд, во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица на тој фонд.

(4) Податоците од ставовите (1) и (3) на овој член се доставуваат до членовите на пензискиот фонд бесплатно. Друштвото може да наплати надоместок за известувањето од ставот (2) на овој член, но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци.

(5) Податоците од ставовите (1) и (3) на овој член се доставуваат по потреба и во пократки временски периоди определени од Агенцијата.

Агенцијата поблиску ги пропишува видот и периодот на кој се однесуваат податоците, начинот и формата на прикажување на истите и постапката за нивно доставување.

Член 96

(1) Друштвото е должно на Агенцијата да и ги доставува следниве информации :

а) извештаи за состојбата на средствата, обврските, приходите и расходите на друштвото и на пензискиот фонд со кој управува, потпишани од овластен сметководител и ревидирани од независна сметководствена куќа;

б) завршна сметка на друштвото и на пензискиот фонд потпишана од генералниот директор и шефот на сметководство, ревидирана од надворешен овластен ревизор.

в) подетални податоци за стекнување и пренос на средствата на пензискиот фонд со наведување на секое поединечно средство, датумот и цената на трансакцијата и брокерската куќа;

г) за трошоците, како што се брокерските провизии, надоместоците за чувар на имотот, провизиите за агентите што вршат работи на маркетинг и други трошоци согласно со овој закон;

д) податоци на акционерите на друштвото вклучувајќи имиња и адреси;

ѓ) имиња на членовите на органите на управување и висината на надоместоците за нивното работење;

е) примерок од информативниот проспект согласно со членот 94 на овој закон;

ж) податоците од членот 95 став (3) на овој закон;

з) подетални податоци за бројот на членовите на пензискиот фонд, бројот на членовите кои се зачлениле во пензискиот фонд во текот на годината; бројот на оние кои преминале во други пензиски фондови, бројот на починати членови и бројот на пензионираните членови и

ѕ) други податоци на барање на Агенцијата.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се доставуваат еднаш годишно, а по потреба и во пократки временски периоди определени од Агенцијата. Агенцијата поблиску ги пропишува видот и периодот на кој се однесуваат податоците, начинот и формата на прикажување на истите и постапката за нивно доставување.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, податоците од ставот (1) точка в) на овој член се доставуваат еднаш месечно, а по потреба и во пократки временски периоди определени од Агенцијата. Агенцијата поблиску ги пропишува видот и периодот на кој се однесуваат податоците, начинот и формата на прикажување на истите и постапката за нивно доставување.

Член 97

(1) Друштвото е должно на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да му доставува податоци за: членовите на пензискиот фонд со кој управува, износот на средствата на нивните сметки и други податоци согласно со актите на Агенцијата, со цел Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија да може ефикасно да ги извршува своите надлежности утврдени во овој закон, како и за истражување, анализа и заштита на податоците (back up). Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не е должен да води евиденција за индивидуалните сметки на членовите на пензиските фондови.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се доставуваат еднаш годишно, а по потреба и во пократки временски периоди определени од Агенцијата. Агенцијата поблиску ги пропишува видот на податоците кои може да ги бара Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, како и начинот и формата на нивно прикажување и постапката за нивно доставување.

Глава XII

НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ

Член 98

(1) Друштвото може да ги наплатува единствено следниве надоместоци:

а) надоместок од придонесите во вид на определен процент од уплатените придонеси, пред нивното претворање во сметководствени единици;

б) месечен надоместок во висина од 0,05% од вредноста на нето средствата на пензискиот фонд, за покривање на трошоците на друштвото, за управувањето со пензискиот фонд. Пресметката на надоместокот се врши на секој датум на процена на средствата на пензискиот фонд и се наплатува на последниот работен ден во месецот по проценета и

в) надоместок од средствата на сметката на член на пензискиот фонд во случај на пренос на средствата во друг пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот фонд. Максималниот износ на паричниот надоместок и начинот на наплата поблиску го утврдува Агенцијата по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

(2) Надоместоците од ставот (1) точка в) на овој член веднаш се пренесуваат од сметката на пензискиот фонд на сметката на друштвото кое управува со тој фонд.

(3) Надоместокот од ставот (1) точка в) на овој член не се наплатува во следниве случаи:

а) ако друштвото кое треба да изврши пренос на средства од еден пензиски фонд во друг пензиски фонд ги зголемило или известило за зголемување на надоместоците од ставот (1) на овој член, во периодот од шест месеци пред датумот на таквиот пренос на средствата;

б) ако Агенцијата докаже дека лицето се зачленило во тој пензиски фонд како последица на маркетинг и рекламни активности спротивни на одредбите на овој закон или

в) ако над друштвото кое управува со тој пензиски фонд е отворена стечајна постапка или одобрението за управување со тој пензиски фонд му е повлечено или укинато.

Член 99

(1) Надоместоците од членот 98 став (1) на овој закон друштвото ги наплатува во ист процент од сите членови на пензискиот фонд.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, надоместокот од членот 98 став (1) точка б) на овој закон може да се намали за членови на пензиски фонд кои биле членови на тој пензиски фонд за временски период утврден од страна на Агенцијата. Намалувањето на надоместокот се прави на еднаков начин за да не се прави разлика меѓу членовите кои биле членови во истиот пензиски фонд во ист временски период.

Член 100

(1) Друштвото е должно да ги извести сите членови на пензискиот фонд за секој предлог за зголемување на процентот на надоместоците од членот 98 ставот (1) точка а) или б) на овој закон за зголемување на процентот или апсолутниот износ на надоместокот од членот 98 став (1) точка в) на овој закон, најмалку шест месеци пред нивното воведување.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се врши во писмена форма и се доставува до секој член на пензискиот фонд и до Агенцијата.

Известувањето се објавува и најмалку во еден дневен весник во Републиката.

(3) Ако осигуреник склучи времен договор согласно со членот 61 на овој закон задолжително му се става на увид примерок од известувањето од ставот (1) на овој член, што било пратено или треба да се прати до членовите на пензискиот фонд во врска со зголемувањето на надоместоците. Во тој случај не се применуваат одредбите од членот 98 став (3) точка а) на овој закон, во однос на тој член на пензискиот фонд.

(4) Друштвото не може да ги зголеми надоместоците од членот 98 на овој закон во врска со пензискиот фонд со кој управува во текот на десет години од датумот на првата уплата на придонес од било кој член на тој пензиски фонд.

Член 101

(1) Брокерските провизии во врска со трансакции на стекнување или пренос на средствата на пензискиот фонд се плаќаат од средствата на пензискиот фонд.

(2) Друштвото е должно да врши контрола на провизиите што се исплаќаат на брокерски куќи од средствата на пензискиот фонд со кој управува тоа друштво, заради сигурност дека тие провизии се потполно конкурентни со провизиите што ги наплатуваат други брокерски куќи за слични трансакции.

Член 102

(1) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија наплатува надоместоци за вршење на надлежностите што му се доверени со овој закон.

(2) Надоместоците од ставот (1) на овој член ги утврдува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија по претходна согласност од Владата на Република Македонија, како процент од придонесите на секој пензиски фонд со кој управува друштвото.

(3) Надоместоците од овој член се на товар на друштвото.

(4) Износот на надоместокот што се наплатува за секој пензиски фонд согласно со овој член е еднаков за сите пензиски фондови и не може да биде повисок од 1,2 % годишно.

(5) Агенцијата го уредува начинот и времето на плаќање на надоместоците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 103

Сите други трошоци во врска со управување со пензиски фонд што не се покриени со провизии, надоместоци или давачки утврдени во овој закон, се на товар на друштвото кое управува со тој пензиски фонд.

## Глава XIII

## ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

Член 104

(1) Средствата на пензиските фондови се инвестираат согласно со одредбите на овој закон со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите на пензискиот фонд, врз основа на следниве принципи:

а) сигурност на средствата на пензискиот фонд;

б) диверсификација на ризикот од инвестициите и

в) одржување на адекватна ликвидност.

(2) Инвестирање извршено заради некои други цели претставува повреда на обврските на друштвото.

Член 105

(1) Врз основа на одредбите од член 106 и 107 на овој закон, средствата на пензискиот фонд можат да се инвестираат само во следниве видови инструменти:

а) банкарски депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата;

б) обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира Народната банка на Република Македонија;

в) сертификати за депозит и други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

г) хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

д) обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Република Македонија;

ѓ) акции издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, кои котираат на официјалниот пазар на берзата на долгорочни хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;

е) хартии од вредност издадени од акционерски друштва во Република Македонија врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, кои котираат на официјалниот пазар на берзата на долгорочни хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;

ж) комерцијални записи издадени од првокласни акционерски друштва во Република Македонија;

з) документи за удел и акции на инвестициони фондови во Република Македонија кои работат врз основа на Законот за инвестициони фондови;

ѕ) обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на државите-членки на Европската унија, Јапонија или САД;

и) обврзници и други хартии од вредност со фиксен приход кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од недржавни, странски компании или банки од државите-членки на ЕУ, Јапонија или САД;

ј) акции и хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, со кои се тргува на главните берзи во државите-членки на ЕУ, Јапонија или САД;

к) документи за удел, акции и други хартии од вредност издадени од овластени инвестициони фондови со седиште во држава-членка на ЕУ, Јапонија или САД што инвестирале претежно во акции кои котираат на берзите во тие држави и

л) друг вид на вложување согласно со актите на Агенцијата, под услов тоа да не е во спротивност со членот 108 на овој закон, по претходно мислење на Комисијата за хартии од вредност.

(2) Тргувањето со хартиите од вредност на пензиските фондови се врши исклучиво на регулирани секундарни пазари на капитал, освен во случај на државни хартии од вредност и краткорочни хартии од вредност кои можат да се стекнат непосредно од издавачот, како и документи за удел и акции на инвестициони фондови кои можат да се стекнат непосредно од отворен или затворен инвестиционен фонд или од друштвата кои управуваат со нив.

(3) Средствата на пензиските фондови можат да се користат за инвестирање во инструменти кои ги исполнуваат условите пропишани од Агенцијата за:

а) условите што треба да ги исполнат регулираните секундарни пазари на капитал каде што се тргува со средствата од пензиските фондови;

б) квалитетот на акциите, обврзниците и други хартии од вредност во кои се вложени средствата на пензиските фондови и

в) државите или групите на држави во кои можат да се инвестираат средствата на пензиските фондови.

Член 106

(1) Агенцијата ги пропишува највисоките износи на вложувања во една компанија, односно трговско друштво или во еден инструмент, во кои можат да се инвестираат средствата на еден пензиски фонд, по претходно мислење на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

(2) Агенцијата го пропишува највисокиот износ на некој вид инструмент во кој може да бидат вложени средствата на пензискиот фонд, по претходно мислење на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

(3) Агенцијата не може да пропишува најниски износи во кои задолжително мора да се вложат средствата на пензиските фондови.

(4) Агенцијата не може да врши намалување на износите од ставовите (1) и (2) на овој член и на износите од членот 107 на овој закон, освен по претходно известување упатено до сите друштва за управување со пензиски фондови најмалку една година пред таквото намалување.

(5) Агенцијата може да пропише пред 1 јануари 2004 година ограничувања на вложувањата на одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во членот 107 на овој закон, кои ќе важат во рок пропишан од Агенцијата, но не подолг од пет години сметано од 1 јануари 2004 година.

(6) Актите на Агенцијата од став (5) на овој член не можат да бидат целосно или делумно укинати без претходно писмено известување што Агенцијата е должна да го достави до сите друштва за управување со пензиски фондови најмалку една година пред укинувањето.

Член 107

Вложувањата во одделни видови инструменти согласно со членот 105 став (1) точки а) до л) на овој закон подлежат на следниве ограничувања:

а) најмногу 20% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложуваат во инструменти на странски издавач надвор од Република Македонија. Во рамките на ова ограничување најмногу 5% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложуваат во инструменти наведени во членот 105 став (1) точка и) на овој закон и најмногу 5% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструменти наведени во членот 105 став (1) точки ј) и к) на овој закон;

б) најмногу 80% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструменти наведени во членот 105 став (1) точки б) и д) на овој закон;

в) најмногу 60% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точки а), в) и г) на овој закон;

г) најмногу 40% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точки е) и ж) на овој закон;

д) најмногу 30% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точка ѓ) на овој закон и

ѓ) најмногу 20% од вредноста на средствата на пензискиот фонд можат да се вложат во инструментите наведени во членот 105 став (1) точка з) на овој закон,

Член 108

Средствата на пензиските фондови не смеат да се инвестираат во следниве видови инструменти:

а) акции, обврзници и други хартии од вредност кои не котираат на официјален пазар или со кои јавно не се тргува;

б) инструменти со кои не може правно да се располага;

в) материјални добра кои ретко котираат на организирани пазари и чија процена е несигурна, како на пример антиквитети, уметнички дела и моторни возила;

г) недвижен имот и каков било удел во недвижен имот освен хартии од вредност издадени врз основа на хипотека и посредно вложување преку инвестициони фондови;

д) акции, обврзници и други хартии од вредност издадени од:

1) акционер на друштвото;

2) чувар на имот на пензискиот фонд и

3) поврзани лица со субјектите наведени во потточките 1) и 2) на оваа точка:

ѓ) фјучерс-договори, опциски договори, форвард договори и други деривативни инструменти и

е) други инструменти уредени од Агенцијата по претходно мислење на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во кои вложувањето би било спротивно на интересите на членовите на пензиските фондови.

Член 109

(1) Во случај на кршење на одредбите од овој закон како резултат на промена на пазарните цени, промени на девизните курсеви на странските валути, промени на организационите или економските односи меѓу субјектите во кои се вложени средства на пензиски фонд, други околности надвор од непосредната контрола на односното друштвото, тогаш тоа е должно веднаш да ја извести Агенцијата, да запре со вложување во тој инструмент и да преземе мерки за усогласување на инвестиционите активности на пензискиот фонд, со одредбите на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото не е должно веднаш да преземе мерки за коригирање на пречекорувањата на инвестиционите ограничувања утврдени во овој закон, доколку поединечното пречекорување не е поголемо од 20% од ограничувањето и збирот на сите пречекорувања не надминува 5% од нето вредноста на средствата на пензискиот фонд.

(3) Друштвото е должно да изврши усогласување на инвестиционата активност на пензискиот фонд со кој управува со условите од овој закон во рок од шест месеца сметано од датумот на стореното прекршување или од датумот на процена на средствата на пензискиот фонд кога станало јасно дека постои прекршување на овој закон, во зависност од тоа кое дејствие прво настапило.

(4) На барање на друштвото, доставено во рок од 30 дена по датумот на стореното прекршување на овој закон, Агенцијата има право да го продолжи рокот од ставот (3) на овој член за најмногу шест месеца, ако тоа продолжување е неопходно заради заштита на интересите на членовите на пензискиот фонд.

Член 110

Друштвото не смее:

а) да ги продава средствата на пензискиот фонд на самото себе, чуварот на имот, странскиот менаџер на средства и поврзано лице со некое од овие лица, освен по пат на трансакција на регулиран секундарен пазар;

б) да купува со средствата на пензискиот фонд средства од лицата наведени во точката а) на овој став, освен по пат на трансакција на регулиран секундарен пазар и

в) да ги користи средствата на пензискиот фонд за одобрување заеми и гаранции.

Член 111

(1) Друштвото, акционерите на друштвото, чуварот на имот, менаџерите на средствата, членовите на управниот и на надзорниот одбор и кое било лице вклучувајќи ги вработените во Агенцијата кои како резултат на службена положба добиле информација за инвестирањето на средствата на пензискиот фонд или за планирано инвестирање, а таквата информација не била официјално објавена на пазарот и можела да влијае на цените на котираните инструменти, должни се информацијата да ја чуваат строго доверливо како деловна тајна.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член не смеат непосредно или посредно да ја користат доверливата информација од ставот (1) на овој член, со цел стекнување корист преку продавање и купување хартии од вредност за себе или за други, освен за пензискиот фонд.

(3) Друштвото е должно да ја надомести штетата што директно му била нанесена на пензискиот фонд од страна на друштвото, директорите, лицата со посебни овластувања и другите вработени, како резултат на кршење на одредбите од овој закон, а особено одредбите од членовите 104 до член 114 на овој закон.

Член 112

(1) Друштвото е должно да управува со средствата на пензискиот фонд и не смее да ја пренесува одговорноста за тоа на други.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото може управувањето со средствата на пензискиот фонд во странство да го довери на менаџер или на менаџери на средства со седиште во странство, доколку истите имаат законско овластување за тоа согласно со законите на матичната држава.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, со статутот на друштвото се уредуваат критериумите и начинот за пренесување на управувањето со средствата на пензискиот фонд во странство.

(4) Друштвото е должно да ја известува Агенцијата за промени на странскиот менаџер на средства, но не е должно да бара одобрение за тоа.

(5) Агенцијата поблиску го уредува пренесувањето на управувањето со средствата на пензискиот фонд на менаџер на средства со седиште во странство.

Член 113

(1) Друштвото може да се задолжува од името и за сметка на пензискиот фонд исклучиво заради подобрување на ликвидноста на пензискиот фонд.

(2) Вкупниот износ на позајмените средства не смее да надмине одреден процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд што поблиску го пропишува Агенцијата, но најмногу до 5%.

Член 114

Заради заштита на интересите на членовите на пензискиот фонд Агенцијата може да воведе дополнителни ограничувања во врска со инвестирањето, по претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

Глава XIV

ЧУВАР НА ИМОТ

Член 115

(1) Друштвото е должно да избере единствен чувар на имот, на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата на пензискиот фонд.

(2) Доколку пензискиот фонд има средства надвор од територијата на Република Македонија, чуварот на имот избира и субчувар на имот за чување на тие средства, кој е банка или специјализирана депозитарна институција, има дозвола за работа издадена од надлежен орган во земја надвор од Република Македонија и е овластена за таква дејност согласно со законите на државата каде што ќе врши чување на средства на пензиски фонд. Избраниот субчувар на имот мора да има рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции. Агенцијата поблиску ги пропишува критериумите за рангирање на суб-чуварот на имот.

(3) Сите инструменти во кои се вложени средствата на пензискиот фондот мора да се чуваат од страна на чувар на имот.

(4) Чуварот на имот може да врши услуги на чување на средства за повеќе пензиски фондови, но е должен чувањето на средствата, работењето во врска со тие средства и евиденцијата на пензиските фондови да ги врши одделно за секој пензиски фонд, одвоено од другите комитенти и одвоено од сопствените средства, работење и евиденција.

Член 116

(1) Чувар на имот на домашните средства е банка која има дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија.

(2) За вршење работи на чување на средства на пензиски фондови, банката мора да ги исполни следниве услови:

а) да има минимален капитал од 20.000.000 ЕВРА во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија, согласно со дефиницијата за капитал во Законот за банките;

б) да не е акционер во друштвото кое управува со пензискиот фонд чиј имот го чува, ниту акционер во некое поврзано лице со друштвото и да нема никаква капитална поврзаност меѓу овие лица и

в) членовите на органите на чуварот на имотот и другите вработени во чуварот на имот да не се членови на управниот одбор или надзорниот одбор, генерален директор, директор или други вработени во друштвото кое управува со пензискиот фонд чии средства ги чува и да не се во исти такви односи со други лица кои се поврзани лица со друштвото.

Член 117

(1) Чуварот на имотот на пензиски фонд ги врши следниве работи:

а) ги чува безбедно хартиите од вредност кои претставуваат средства на пензискиот фонд;

б) хартиите од вредност кои претставуваат средства на пензискиот фонд како електронски записи ги води на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност;

в) ги чува документите за порамнување во врска со уплатата на парични средства на банкарската сметка на пензискиот фонд и исплатата на парични средства од банкарската сметка на пензискиот фонд;

г) работи како посредник за порамнување, продава или купува хартии од вредност врз основа на налози од друштвото и ги собира и наплаќа приходите од дивиденди, камати и сите други приходи кои произлегуваат од вложувањата на средствата на пензискиот фонд;

д) осигурува дека договорите во врска со инвестиционо стекнување и пренесување на средствата на пензискиот фонд се во согласност со закон, статутот на пензискиот фонд и налозите за трансакциите на друштвото и дека тие налози се во согласност со закон;

ѓ) соработува и врши надзор на субчуварите на имот и

е) пресметува и уплаќа даноци.

(2) Надоместот на чуварот на имот го плаќа друштвото од сопствените средства.

Член 118

(1) Чуварот на имот должен е веднаш, прво усно, а потоа и писмено, да ја извести Агенцијата во случај на сомневање или за непочитување на договорот за чување на имот во кој тој е договорна страна, законот или за дејствие спротивно на интересите на членовите на пензискиот фонд.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член подеднакво се однесува за незаконитости или за други дејствија извршени од страна на друштвото и на друго лице.

(3) Чуварот на имот поднесува извештаи до Агенцијата во врска со своите активности на секои шест месеца или во пократки временски периоди. Агенцијата поблиску ги пропишува периодот, формата, како и видот на податоците кои треба да бидат содржани во извештаите.

Член 119

(1) Друштвото и чуварот на имот мора постојано да имаат договор за чување на имотот. Овој договор задолжително содржи:

а) посебни функции, обврски и должности на чуварот на имот вклучувајќи ја и неговата одговорност за евиденција и порамнување;

б) степен на одговорност за суб-чувари на имот и

в) надомест на чуварот на имот.

(2) Изборот на чуварот на имот и договорот од ставот (1) на овој член подлежи на претходна писмена согласност од Агенцијата.

Член 120

(1) Со договор не може да се ограничи законската одговорност на чуварот на имот и таквите одредби во договор за чување имот се ништовни.

(2) Чуварот на имот одговара за штетите настанати заради неизвршување, неправилно или несовесно извршување на должностите и истите не можат да се покриваат од средствата на пензискиот фонд.

(3) Чуварот на имот не може да ја пренесе својата одговорност согласно со ставот (2) на овој член и во случај кога извршил пренесување на некои должности на суб-чувар на имот согласно со членот 115 став (2) на овој закон.

(4) Во случај кога чувар на имот е банка и таа или со неа поврзани лица се акционери во друго друштво кое управува со пензиски фондови, банката е должна да преземе мерки за обезбедување потполна доверливост на податоците.

Член 121

(1) Отказниот рок за раскинување на договорот за чување на имот не може да биде покус од шест месеца, освен во случаите наведени во членот 122 на овој закон. Договорната страна која сака да го раскине договорот е должна да достави писмено известување до другата страна и за тоа веднаш да ја извести Агенцијата, наведувајќи ги и причините за раскинување на договорот.

(2) Изборот на друг чувар на имот се врши единствено по претходна писмена согласност од Агенцијата, врз основа на образложено барање со потребните податоци за предложениот чувар на имот кое до Агенцијата го доставува друштвото.

Член 122

(1) Во случај на чуварот на имот да се одземе дозволата од страна на Народната банка на Република Македонија заради неизвршување или несовесно извршување на обврските од договорот за чување на имотот или во случаи на стечај или ликвидација над чуварот на имот:

а) друштвото е должно веднаш да ги извести чуварот на имот и Агенцијата дека го раскинува договорот за чување на имот;

б) друштвото е должно веднаш да избере нов чувар на имот и да добие писмена согласност за тоа од Агенцијата и

в) доколку друштвото не постапи согласно со точките а) и б) на овој став, Агенцијата може со решение да издаде наредба за промена на чуварот на имот или да назначи нов чувар на имот.

(2) Агенцијата може да му наложи на друштвото промена на чуварот на имот и во случај кога неговата финансиска и организациона структура битно се влошила и претставува закана за сигурноста на средствата што се чуваат кај тој чувар на имот.

(3) Народната банка на Република Македонија или друга надлежна институција е должна веднаш да ја извести Агенцијата за влошувањата на финансиската и организационата структура на банката што врши работи на чување на имот, за кое има сознание и смета дека тоа би можело да ги загрози интересите на членовите на пензискиот фонд. Обемот, содржината и формата на известувањето подетално меѓусебно ги уредува Агенцијата со Народната банка на Република Македонија и со други надлежни институции.

Член 123

(1) Секоја промена на чуварот на имот се врши на начин што ќе обезбеди непрекинато извршување на услугите на чување на средствата на пензискиот фонд.

(2) Во случај на раскинување на договор за чување на имот, чуварот на имот е должен да ги предаде средствата што му биле дадени на чување и целокупната евиденција на пензиските фондови и документација во врска со извршувањето на обврските согласно со членот 117 на овој закон на новиот чувар на имот, во рок кој ќе го договорат, но не подоцна од 30 работни дена по склучување на договорот меѓу новиот чувар на имот и друштвото.

Член 124

Над средствата на пензискиот фонд, депонирани согласно со одредбите од овој закон, не смее да се спроведе извршување во постапка против чуварот на имот, тие средства не претставуваат дел од средствата на чуварот на имот против кој е отворена постапка на стечај или ликвидација и не смеат да бидат предмет на било какво порамнување.

Глава XV

ГАРАНЦИИ

Член 125

(1) Од Буџетот на Република Македонија се уплатуваат средства во пензиски фонд под следниве услови:

а) ако средствата на пензискиот фонд се намалиле како резултат на кривично дело измама, кражба или проневера. Обврската од овој став не се однесува на загубата на вредноста на средствата на пензискиот фонд во случај на инвестирање спротивно на овој закон или на загуба причинета од измама и кражба во субјект во чии хартии од вредност се инвестирани средства на пензискиот фонд;

б) средствата на друштвото кое управува со пензискиот фонд не се доволни за покривање на загубата од точка а) на овој став;

в) агенцијата доставува до министерот за финансии писмен извештај со предлог за уплата на буџетски средства, во кој потврдува дека не е веројатно загубата во пензискиот фонд да биде покриена во наредните шест месеца, и дека се исполнети другите услови од овој член и

г) извештајот на Агенцијата од точка в) на овој став се објавува во јавноста, во рок од пет работни дена по доставувањето на истиот до министерот за финансии.

(2) Уплатата на буџетски средства не е условена со покренување формално обвинение против лице за кривично дело согласно со овој член.

(3) Во случај на исполнување на сите услови од ставот (1) на овој член, од Буџетот на Република Македонија ќе бидат префрлени средства во пензискиот фонд веднаш по приемот на извештајот од ставот (1) точка в) на овој член.

(4) Во пензискиот фонд ќе бидат уплатени средства во висина од 80% од износот на загубата на датумот или на датумите на намалувањето, усогласена за просечните резултати на сите пензиски фондови, пресметани за период од датумот на намалувањето до датумот на уплатата на средствата.

(5) Во случај кога Агенцијата предложила во Извештајот согласно со ставот (1) точка в) на овој член, да се изврши уплата на средства во пензискиот фонд, тој пензиски фонд не смее да прима нови членови се додека не бидат уплатени буџетските средства. Ова ограничување ќе се применува и на одредбите од членовите 58 до 62 на овој закон.

(6) Веднаш по издавањето на извештајот од ставот (1) точка в) на овој член Агенцијата е должна писмено да ги извести сите членови на пензискиот фонд за можноста од уплата на буџетски средства во пензискиот фонд и дека би било спротивно на нивните интереси да го напуштат пензискиот фонд пред таквата уплата.

Член 126

(1) Во случај на уплата на средства од Буџетот на Република Македонија, Агенцијата го укинува одобрението на друштвото за управување со пензискиот фонд каде што се уплатени средствата, доколку смета дека друштвото е виновно за настанатата загуба.

(2) Во случај на уплата на средства од Буџетот на Република Македонија, Агенцијата е должна да ги преземе сите разумни мерки за пронаоѓање и враќање на намалените средства и да побара враќање на намалените средства и надомест на штета од лицата кои се непосредно одговорни или од лица кои неосновано се стекнале со корист од тие средства на пензискиот фонд.

(3) Во обем во кој Агенцијата е во можност да ги пронајде и врати намалените средства или побара враќање на намалените средства и надомест на штетата согласно став 2 на овој член, тие средства ќе бидат употребени за враќање на уплатените средства од Бу-

џетот на Република Македонија во износ еднаков на износот кој бил уплатен од Буџетот на Република Македонија зголемен за камата во висина на есконтна стапка на Народната банка на Република Македонија. Вишокот на средствата по враќањето на средствата во Буџетот на Република Македонија се уплаќаат во пензискиот фондот од кој биле намалени средствата, по претходна проверка дали пензискиот фонд се уште постои и има членови. Доколку пензискиот фонд повеќе не постои или нема членови, вишокот на средствата се уплаќа во Буџетот на Република Македонија.

(4) Агенцијата поблиску го пропишува начинот и рокот на враќањето на уплатените средства во пензискиот фонд од Буџетот на Република Македонија.

(5) Во случај да се исполнети условите за уплата од Буџетот на Република Македонија, а на друштвото не му е укинато одобрението за управување со пензиски фонд, друштвото е должно на Агенцијата да и ги пренесе своите права за преземање правни дејства во однос на намалувањето на средствата на пензискиот фонд. Во спротивно Агенцијата веднаш ја одзема дозволата на тоа друштво.

## Глава XVI

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### а) Кривични дела

Член 127

(1) Одговорно лице во друштво за управување со пензиски фонд коешто со лажно прикажување или прикривање на факти, со доведување во заблуда или на друг незаконит начин издејствува да се донесе одлука во друштвото за незаконито користење или инвестирање на средствата од пензиски фонд, па поради тоа ќе биде предизвикана штета врз средствата од пензискиот фонд, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член, настапила штета врз средствата од пензиски фонд од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Член 128

(1) Одговорно лице во чувар на имот коешто со неизвршување или неправилно извршување на своите законски обврски сврзани со безбедно чување на хартиите од вредност кои претставуваат средства на пензиски фонд, предизвика штета на тие средства, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорно лица во чувар на имот кое ќе дозволи спроведување на договор за инвестиционо стекнување или пренос на средствата на пензискиот фонд за кој знаел дека е незаконит, па поради тоа ќе настапи штета врз тие средства.

(3) Ако поради делото од став (1) и (2) на овој член настапила штета врз средствата од пензискиот фонд од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Член 129

Одговорно лице во друштво за управување со пензиски фондови или друго правно лице што врши работи сврзани со задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, коешто со пречекорување или неизвршување на своите овластувања ќе повреди, одземе или ограничи право на член на пензиски фонд што му припаѓа според закон, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

### б) Прекршоци

Член 130

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денара ќе се казни за прекршок друштво за управување со пензиски фондови, ако:

1) врши дејности што не се предвидени во членот 7 став (1) од овој закон;

2) основа повеќе од еден пензиски фонд за време од десет години по 1 јануари 2004 година, спротивно на членот 7 став (2) од овој закон;

3) не го зголеми акционерскиот капитал согласно со членот 10 став (2) од овој закон;

4) не го уплати капиталот на начин пропишан со членот 11 од овој закон;

5) основачкиот капитал потекнува од извори што не ги допушта членот 12 ставови (1) и (2) од овој закон;

6) не го одржува и не го зголеми уплатениот капитал согласно со членот 13 од овој закон;

7) не изврши соодветно усогласување во рок од шест месеци согласно со членот 14 став (5) од овој закон;

8) не побара согласност за секое стекнување или пренос на акции согласно со членот 16 став (1) од овој закон;

9) купи акции на друго друштво за управување со пензиски фондови или се реорганизира, спротивно на членот 16 ставови (5) и (6) од овој закон;

10) ги користи своите средства за намени забранети со членот 20 од овој закон;

11) не ги исполнува барањата предвидени во членот 21 од овој закон;

12) не назначи надворешен овластен ревизор со добри референци согласно со членот 22 од овој закон:

13) изврши измени без претходно одобрение од Агенцијатата согласно со членот 37 од овој закон;

14) не овозможи пристап до книгите, документите и друга евиденција на овластеното лице кое врши контрола во име на Агенцијата согласно со членот 53 став (3) од овој закон;

15) не ги исполнува обврските од членот 63 ставови (1) и (3) на овој закон;

16) не ги пренесе во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија средствата од сметката на член на пензиски фонд кој стекнал право на инвалидска пензија согласно со членот 65 од овој закон;

17) не ги исполнува своите обврски во случај на смрт на член на пензискиот фонд предвидени во членот 66 од овој закон;

18) средствата од сметката на член на пензиски фонд ги даде во залог, асигнација или ги пренесе во полза на трети лица спротивно на членот 67 став (3) од овој закон;

19) дава или објавува погрешни информации за фондот, кои можат да ги доведат во заблуда постојните или идните членови на фондот или дава изјави или предвидувања за идните инвестициони резултати за пензиски фонд во смисла на членот 75 ставови (1) и (2) од овој закон;

20) врши маркетинг на пензиски фонд на лице во неговите работни простории спротивно на членот 76 од овој закон;

21) применува постапки на маркетинг на пензиски фондови забранети со членот 79 од овој закон;

22) не ги распоредува придонесите, пренесените средства и приносот од инвестициите на индивидуалните сметки на членовите на пензиските фондови и не води евиденција согласно со членот 81 од овој закон;

23) не ги претвора средствата од придонеси и пренесените средства во сметководствени единици согласно со членот 82 од овој закон;

24) врши процена на средствата на пензиски фонд спротивно на правилата содржани во членот 83 од овој закон;

25) не врши пресметка на нето средствата на фондот и на вредноста на сметководствената единица на секој датум на процена, согласно со членот 85 ставови (1) и (2) од овој закон;

26) не го утврди приносот за пензискиот фонд со кој управува согласно со членот 86 од овој закон;

27) не ги почитува барањата во врска со објавување информативен проспект содржани во членот 94 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон;

28) не му овозможи увид во информативниот проспект и во статутот на својот фонд на секое лице кое ќе се пријави за членство во тој фонд или на свој член спротивно на членот 94 ставови (5) и (6) од овој закон;

29) не ја исполнува обврската за редовно информирање на членовите на пензискиот фонд согласно со членот 95 од овој закон;

30) не доставува информации и податоци на Агенцијата и на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, или доставува погрешни информации и податоци согласно со членовите 96 и 97 од овој закон;

31) наплаќа надоместоци на начин и во износи што не се предвидени во членовите 98 и 99 од овој закон;

32) не ги извести Агенцијата и сите членови на пензискиот фонд за секоја промена на висината на надоместоците, на начин и во рокови предвидени во членот 100 од овој закон;

33) не обезбеди целосна конкурентност на провизиите согласно со членот 101 од овој закон;

34) надомести трошоци спротивно на членот 103 од овој закон;

35) инвестира средства од пензискиот фонд спротивно на принципите, целите, инструментите и ограничувањата предвидени во членовите 104 -109 од овој закон;

36) продава, купува или користи средства спротивно на ограничувањата од членот 110 на овој закон;

37) го довери управувањето со средствата на пензискиот фонд или ја пренесе одговорноста за тоа врз друг, спротивно на членот 112 од овој закон;

38) се задолжува спротивно на целите и ограничувањата од членот 113 на овој закон;

39) не избере чувар на имот на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата од пензискиот фонд или нема постојано договор со чувар на имот согласно со членовите 115 ставови (1) и (2) и (119) од овој закон;

40) избраниот чувар на имот не ги исполнува условите од членот 116 на овој закон;

41) не ја извести Агенцијата кога сака да го откаже договорот за чување на имот согласно со членот 121 од овој закон;

42) не ги исполни обврските предвидени во членот 122 ставови (1) точки а) и б) и (2) од овој закон;

43) не обезбеди непрекинато извршување на услугите за чување на средствата на пензискиот фонд согласно со членот 123 став (1) од овој закон и

44) не ги пренесе своите права за преземање правни дејствија на Агенцијата согласно со членот 126 став (5) од овој закон.

(2) Ако со прекршокот од ставот (1) на овој член е прибавена поголема имотна корист или е предизвикана поголема имотна штета, друштвото за управување со пензиски фондови може да се казни со парична казна до дваесеткратниот износ од прибавената имотна корист или предизвиканата имотна штета.

(3) Покрај казната за прекршок од ставот (1) на овој член на друштвото за управување со пензиски фондови може да му се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на дејноста управување со пензиски фонд во траење до пет години, а за прекршок од ставот (2) на овој член или за повторен прекршок, оваа мерка се изрекува задолжително.

(4) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорно лице во друштвото за управување со пензиски фондови.

(5) Ако прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие, одговорното лице во друштвото за управување со пензиски фондови може да се казни до двојниот износ на максимално пропишаната казна од ставот (4) на овој член.

(6) Покрај казната за прекршок од ставовите (4) и (5) на овој член на одговорното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење должност генерален директор, директор и член на управен или надзорен одбор во друштво за управување со пензиски фондови, во траење до една година.

Член 131

(1) Со парична казна од 50.000 до 200.000 денара ќе се казни за прекршок друштво за управување со пензиски фондови, ако:

1) не постапи според барањата предвидени во членот 36 од овој закон;

2) не достави копија од договорот за членство до секој член, или не го извести Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија согласно со членот 59 став (5) од овој закон;

3) одбие зачленување на осигуреник кој ги исполнува условите пропишани со Законот за пензиското и инвалидското осигурување во смисла на член 59 став 7 од овој закон ;

4) не го достави времениот договор за членство до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во рокот предвиден со членот 61 став (1) од овој закон;

5) не ги обезбеди правата на членот на пензиски фонд кој престанал да уплаќа придонеси во фондот пред пензионирањето согласно со членот 64 од овој закон;

6) склучува договор за членство или времен договор за членство со физичко лице без посредство на агент спротивно на членот 77 став (1) од овој закон;

7) води внатрешно сметководство спротивно на законите на Република Македонија и на меѓународните сметководствени стандарди во смисла на членот 88 од овој закон и

8) постапува спротивно на членот 125 став (5) од овој закон.

(2) Ако со прекршокот од ставот (1) на овој член е прибавена поголема имотна корист или е предизвикана поголема имотна штета, друштвото за управување со пензиски фондови може да се казни со парична казна до десеткратниот износ од прибавената имотна корист или предизвиканата имотна штета.

(3) Покрај казната за прекршок од ставот (1) на овој член на друштвото за управување со пензиски фондови може да му се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на дејноста управување со пензиски фонд во траење до три години, а за прекршок од ставот (2) на овој член или за повторен прекршок оваа мерка се изрекува задолжително.

(4) Со парична казна од 10.000 до 30.000 денара ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорно лице во друштвото за управување со пензиски фондови.

(5) За прекршок од ставот (1) на овој член сторен од користољубие на одговорното лице може да му се изрече парична казна до двојниот износ на максимално пропишаната казна од ставот (4) на овој член.

(6) Покрај казната за прекршок од ставовите (4) и (5) на овој член на одговорното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење должност генерален директор, директор и член на управен или надзорен одбор во друштво за управување со пензиски фондови, во траење до една година.

Член 132

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денара ќе се казни за прекршок чувар на имот, ако:

1) не ги врши чувањето на средствата, работењето во врска со тие средства и евиденцијата на пензиските фондови пооделно за секој пензиски фонд, одвоено од другите комитенти и одвоено од сопствените средства, работење и евиденција согласно со членот 115 став (4) од овој закон;

2) не ги исполнува условите од членот 116 на овој закон;

3) не ги исполнува надлежностите од членот 117 на овој закон:

4) не му овозможи пристап до книгите, документите и другата евиденција на овластеното лице кое врши контрола во име на Агенцијата согласно со членот 53 став (3) од овој закон;

5) не ја извести веднаш Агенцијата во случај на кршење на договорот за чување на имот, законот или за дејствие спротивно на интересите на членовите на пензискиот фонд, извршено од страна на друштвото или на било кое друго лице согласно со членот 118 од овој закон;

6) ги покрива штетите од средствата на пензискиот фонд спротивно на членот 120 став (2) од овој закон.

7) не обезбеди потполна доверливост на податоците согласно со членот 120 став (4) од овој закон;

8) не ја извести Агенцијата кога сака да го откаже договорот за чување на имот согласно со членот 121 од овој закон и

9) во случај на раскинување на договорот за чување имот, не ги исполни обврските од членот 123 став (2) на овој закон;

(2) Ако со прекршокот од ставот (1) на овој член е прибавена поголема имотна корист или е предизвикана поголема имотна штета, чуварот на имот може да се казни со парична казна до дваесеткратниот износ од прибавената имотна корист или предизвиканата имотна штета.

(3) Покрај казната за прекршок од ставот (1) на овој член на чуварот на имот може да му се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на дејноста чување имот во траење до пет години, а за прекршок од ставот (2) на овој член или за повторен прекршок, оваа мерка се изрекува задолжително.

(4) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денара ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорно лице во чуварот на имот.

(5) Ако прекршокот од ставот (1) на овој член е сторен од користољубие, одговорно лице во чуварот на имот може да се казни до двојниот износ на максимално пропишаната казна од ставот (4) на овој член.

(6) Покрај казната за прекршок од ставовите (4) и (5) на овој член, на одговорното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење должноста генерален директор, директор и член на управен или надзорен одбор или друг орган во чувар на имот, во траење до една година.

Член 133

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денара ќе се казни за прекршок Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ако:

1) не ги уплаќа придонесите во пензиските фондови избрани од страна на членовите во проценти и рокови определени со членовите 60 и 69 став (1) точка в) од овој закон;

2) не ги исполнува обврските предвидени во членот 68 ставови (1) и (2) од овој закон и

3) не им доставува на друштвата податоци во врска со уплатата на придонесите согласно со членот 69 став (1) точка г) од овој закон;

(2) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денара ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорно лице во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 134

(1) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денара ќе се казни за прекршок одговорно лице во Агенцијата ако врши и други функции спротивно на членот 52 од овој закон.

(2) Покрај казната од ставот (1) на овој член на одговорното лице може да му се изрече мерка на безбедност забрана на вршење должност одговорно лице во Агенцијата, за време до една година.

Член 135

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денара ќе се казни за прекршок правно лице кое се пријавило на јавен тендер и во поднесената документација приложило неточни податоци спротивно на членот 29 од овој закон.

(2) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денара ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и одговорно лице во правното лице -учесник на јавен тендер.

Член 136

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денара ќе се казни за прекршок физичко лице, ако:

1) стане член на повеќе од еден пензиски фонд, спротивно на членот 59 став (8) од овој закон, освен во случаите кога е тоа допуштено согласно со членот 59 став (9) од овој закон и

2) како агент на друштво за управување со пензиски фондови не се придржува кон обврските и ограничувањата предвидени во членот 77 ставови (2), (3), (4) и (5) од овој закон.

## Глава XVII

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 137

(1) Агенцијата почнува со работа од денот на именување на директорот.

(2) Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ги именува директорот и заменикот на директорот.

(3) Владата на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ги именува членовите на управниот одбор на Агенцијата.

(4) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на именување на членовите на управниот одбор ќе донесе статут.

(5) Агенцијата ги донесува прописите за спроведување на овој закон во рок од 180 дена од денот на почнување со работа на Агенцијата.

Член 138

Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2003 до 30 септември 2003 година должни се да се зачленат во пензиски фонд по сопствен избор до 31 декември 2003 година.

Член 139

Осигурениците кои биле опфатени во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување пред 1 јануари 2003 година, а во периодот од 1 јануари 2003 до 31 декември 2003 година не биле опфатени во тоа осигурување, можат да се зачленат во пензиски фонд по сопствен избор во рок од три месеца по нивното повторно пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.

Член 140

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**450.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ**

Се прогласува Законот за спортот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 април 2002 година.

Бр. 07-1808/1
25 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА СПОРТОТ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста спорт, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, како и други прашања од значење за спортот.

Член 2

Спорт, во смисла на овој закон, е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Член 3

Дејноста спорт ја вршат спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот.

Други правни лица, во смисла на овој закон, се: трговец-поединец и трговско друштво регистрирано за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, е регистрирано и за вршење дејност спорт.

Член 4

Во здруженијата и другите правни лица кои вршат дејност спорт се забранува политичко и верско организирање и дејствување.

## II. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СПОРТ

Член 5

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија, под услови и на начин утврдени со закон, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 6

Спортски клуб, во смисла на овој закон, е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт (во натамошниот текст: спортски клуб).

Член 7

Спортскиот клуб како правно лице регистрирано како спортско здружение на граѓани, може да основа друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво, за вршење дејност спорт за остварување на неговите цели, интереси и активности, како и за финансирање на неговите функции утврдени со статутот.

Член 8

Спортски клуб, регистриран како здружение на граѓани, може да престане со работа како здружение на граѓани и да се регистрира како трговско друштво за вршење дејност спорт.

Член 9

Одлука за престанок на спортски клуб, како здружение на граѓани, заради основање на спортски клуб како трговско друштво, согласно со член 8 од овој закон, носи Собранието на спортскиот клуб со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Кон одлуката задолжително се приложува:

- акт за регулирање на правата и обврските на спортистите кои се членови на спортскиот клуб;
- акт за регулирање на правата и обврските на вработените во спортскиот клуб;
- извештај за извршена ревизија на годишната пресметка од овластена институција;
- извештај на овластен проценувач за проценетата вредност на клубот;
- податоци и докази за правото на сопственост, располагање, користење и управување со недвижности и
- преглед на заинтересирани правни и физички лица кои ќе се јават за основачи на спортскиот клуб како трговско друштво со предлог на програма од заинтересираните основачи.

Во постапката за регистрирање на спортскиот клуб од здружение на граѓани во трговско друштво, се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

Трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво ги презема правата и обврските на спортското здружение и го задржува неговиот континуитет на остварените резултати (остварениот пласман, рангот и статусот во системот на натпревари) во рамките на Националната спортска федерација, на спортскиот клуб кој се регистрирал како трговско друштво, независно дали го задржува или го менува името.

Националната спортска федерација му го признава континуитетот на остварениот резултат на трговското друштво кое настанало со регистрирање од спортско здружение на граѓани во трговско друштво чиј правен наследник е.

Објектите за спорт и инвентарот кои се во сопственост на државата или единиците на локалната самоуправа не можат да се вкучат во имотот на трговското друштво со регистрирање на спортското здружение на граѓани во трговско друштво.

Член 10

Спортскиот клуб може да врши дејност спорт, ако се исполнети следниве услови:

- обезбедени соодветни објекти;
- има соодветна опрема;
- обезбеден соодветен стручен кадар и
- учествува во организиран систем на натпревари, односно спортско - рекреативни активности.

Националната спортска федерација на Република Македонија, може да врши дејност спорт ако:

- има организиран систем на натпревари и
- е организиран согласно со одредбите од членовите 13 и 14 на овој закон.

Соодветни објекти, во смисла на став 1 алинеја 1 од овој член, се објектите утврдени со член 61 од овој закон.

Условите од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесуваат на Македонскиот Олимписки Комитет.

Член 11

Исполнетоста на условите за работа на Националната спортска федерација на Република Македонија од член 10 став 2 на овој закон ги утврдува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република Македонија, може да започне со вршење дејност спорт, откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

Спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република Македонија, е должна во рок од 30 дена од уписот во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите, односно во Трговскиот регистар (во натамошниот текст: Регистар) во надлежниот суд да достави барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за издавање решение за вршење дејност спорт.

Кога спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република Македонија, врши дејност спорт без добиено решение од став 2 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, покренува постапка пред надлежниот суд за престанок на истиот.

Кон барањето за издавање решение за вршење дејност спорт, се поднесува:

- решение за упис во регистарот;
-статут и
- докази за обезбедени соодветни објекти, опрема и стручен кадар.

Македонскиот олимписки комитет кон барањето за издавање решение за вршење дејност спорт, доставува:

- решение за упис во регистарот;
-статут и
- листа со преглед на националните спортски федерации на Република Македонија од олимписки спортови кои се здружени во него.

Националните спортски федерации од член 10 став 2 на овој закон поднесуваат и:

- попис на здружените членки и
- опис на системот на натпреварите.

Против решението од став 2 на овој член може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија.

Член 12

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот може по службена должност да го поништи издаденото решение за вршење дејност спорт, доколку утврди дека спортскиот клуб, Националната спортска федерација или Македонскиот олимписки комитет, не ги исполнува условите со овој закон.

Член 13

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината и Градот Скопје во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, односно Град Скопје, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Член 14

Спортските клубови од ист спорт, како и од училишниот, студентскиот и спортот на инвалидизираните лица, можат да се здружуваат во соодветна национална спортска федерација на Република Македонија, заради:

- поттикнување и унапредување на соодветниот спорт;
- реализирање на утврдената програма за развој на спортот;
- усогласување и координирање на програмските активности на здружените членки;
- организирање и спроведување на системот на натпревари;
- унапредување на стручната работа.

Националната спортска федерација на Република Македонија (во натамошниот текст: Национална спортска федерација), покрај работите од став 1 на овој член, ги составува и се грижи за државните репрезентации.

Во еден спорт може да се основа само една национална спортска федерација.

Решение за запишување во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите на националната спортска федерација, надлежниот основен суд носи по претходно прибавено позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Член 15

Спортските здруженија од член 13 на овој закон и националните спортски федерации на Република Македонија, поради остварување на заеднички интерес за развој на спортот, можат да се здружуваат во сојуз на спортските федерации на Република Македонија.

Член 16

Во меѓународните асоцијации од областа на спортот можат да се зачленуваат само националните спортски федерации од соодветниот спорт.

Спортските клубови можат да соработуваат со соодветни спортски клубови од други држави и со други странски асоцијации што реализираат програми во областа на спортот на начин и врз принципи утврдени во статутите на националните спортски федерации.

Член 17

Македонскиот олимписки комитет (во натамошниот текст: МОК) е највисока спортска невладина асоцијација во која конститутивни членки се националните спортски федерации од олимписките спортови.

МОК членува и ги застапува националните спортски федерации во Меѓународниот олимписки комитет.

Член 18

МОК се организира во согласност со интересите на националните спортски федерации, со начелата на олимпиското движење, Олимписката повелба на Меѓународниот олимписки комитет и во согласност со овој закон.

МОК со статут ги уредува внатрешната организација и начинот на работа, членството и начинот на остварувањето на правата и обврските на членовите и други прашања во врска со делокругот утврден во член 19 на овој закон.

Член 19

МОК особено:

- учествува во поттикнувањето, помагањето и создавањето услови за развојот на спортот во Републиката;
- учествува во подготвувањето на Програмата за развој на спортот од член 23 на овој закон, во делот на утврдувањето на целите и приоритетите на развојот на спортот;
- ги координира активностите на националните спортски федерации во остварувањето на олимписките програми;
- го утврдува согласно со критериумите и правилата утврдени од Меѓународниот олимписки комитет составот на македонската олимписка репрезентација и
- врши и други работи и задачи утврдени со овој закон и со статутот.

Член 20

Друго правно лице може да врши дејност спорт, ако ги исполнува условите утврдени со член 10 од овој закон.

Член 21

Друго правно лице може да врши дејност спорт откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

Против решението со кое се одбива барањето за утврдување на исполнувањето на условите за вршење дејност спорт, може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија.

## III. ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО СПОРТОТ

Член 22

Јавен интерес во областа на спортот во смисла на овој закон, е:

- поттикнување на спортските активности на децата и младината во рамките на националните спортски федерации;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите за постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации на Републиката;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објектите за спорт од јавен интерес за Републиката и
- здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, надомест за осигурување од последици од несреќен случај и ризици, за категоризираните спортисти во согласност со овој и друг закон.

Член 23

За остварување на работите од јавен интерес од член 22 на овој закон, Владата на Република Македонија донесува Програма за развој на спортот (во натамошниот текст: Програма), за период од пет години.

Во Програмата особено се утврдуваат:

- целите и приоритетите на развојот на спортот;
- проекција на потребите од специјализирани кадри за спортот;
- обем и цели на меѓународната спортска соработка;
- позначајни инвестициони вложувања во објектите за спорт од јавен интерес и
- обем на средства потребни за остварување на јавниот интерес.

Средствата за остварување на Програмата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 24

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, утврдува критериуми за распределба на средства од Програмата и врши распределба на средствата по корисници.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, врши контрола за наменското користење на средствата и може да сопре или да бара враќање на доделени средства ако утврди дека истите се користат ненаменски.

Член 25

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, формира стручно - советодавно тело - Совет за спорт од редот на истакнати стручни, научни, како и други истакнати работници од областа на спортот.

Советот е составен од 13 члена кои ги именува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, со мандат од четири години. Советот избира претседател од своите редови за време од четири години.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, може да ги разреши членовите на советот и пред истекот на нивниот мандат.

Советот донесува Деловник за својата работа по претходно мислење на функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Член 26

Советот за спорт:

- учествува во подготвувањето на Програмата од член 23 на овој закон;
- дава мислење за критериумите за распределба на средствата, мерилата и другите акти што ги донесува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот и
- врши и други работи утврдени со овој закон што ќе му ги довери функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Советот за спорт поднесува извештај за својата работа до функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот најмалку еднаш годишно.

## IV. СТРУЧНИ КАДРИ

Член 27

Стручни кадри во смисла на овој закон, се лица кои имаат завршено најмалку више образование во областа на спортот.

Член 28

На стручните кадри во областа на спортот кои водат спортски тренинг и натпревари во спортските клубови и националните спортски федерации, истите се должни да им овозможат перманентно стручно усовршување.

Програмите за стручно усовршување ги утврдуваат и спроведуваат националните спортски федерации на Републиката од соодветната спортска гранка.

Член 29

Стручно лице - странец може да води спортски тренинг и натпревари во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со овој и со друг закон.

## V. УЧЕСНИЦИ ВО СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Член 30

Спортисти, во смисла на овој закон, се:

- спортистите од сите возрасти кои учествуваат во спортските активности и
- сите учесници во спортско - рекреативните активности.

Член 31

Спортските активности се извршуваат аматерски и професионално.

Спортистот кој спортските активности ги врши професионално, сите права и обврски од работен однос ги остварува при спортскиот клуб - работодавец, на начин утврден со закон и колективен договор.

Член 32

На спортистите кои спортската активност ја вршат аматерски, може да им се обезбеди бесплатно користење на објекти, опрема и реквизити, да им се исплаќа надомест за изгубена плата, патни и дневни трошоци за време на спортски тренинг и натпреварите, како и да им се создаваат други потребни услови за постигнување врвни спортски резултати.

На спортистите кои спортската активност ја вршат аматерски, спортскиот клуб може да им обезбеди хранарина до висина на просечна месечна плата што се остварува на ниво на Републиката.

Спортистите од став 1 на овој член, исто така можат да примаат парични и други награди за остварени спортски резултати, односно за вршење на спортска активност, под услови кои се утврдуваат со акт на клубот.

Член 33

Спортскиот клуб во кој членува спортист - аматер, склучува договор со работодавецот, кај кого спортистот е во работен однос, со кој се утврдуваат правата и обврските на спортистот и на спортскиот клуб во врска со вршењето на спортскиот тренинг и натпреварите.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и за тренерот-аматер на спортистот.

Отсуството на спортист ученик, односно студент од настава, заради вршење на спортски тренинг и натпревари, се уредува во согласност со соодветните закони од областа на образованието.

Член 34

Спортист странец ги остварува своите права и може да учествува во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со овој и со друг закон.

Највисок степен на натпревари, во смисла на овој закон, се:

- настап во систем на натпревари од прва лига и
- настап на државно сениорско првенство.

Член 35

Спортистите сениори, државјани на Република Македонија, врз основа на постигнати резултати во одреден временски период, се стекнуваат со следниве спортски категории:

- спортист од светска категорија,
- спортист од меѓународна категорија и
- спортист од државна категорија.

Еднаш стекнатата спортска категорија има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

Член 36

Спортските категории спортистите ги стекнуваат врз основа на остварените резултати на официјалните натпревари, државни првенства, европски и светски првенства, светско универзитетско првенство и летни и зимски олимписки игри.

При утврдувањето на спортската категорија се вреднуваат само резултатите остварени на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државните првенства.

Член 37

Спортистите од помладите возрасни категории, можат да стекнат спортска категорија, согласно со член 35 на овој закон, доколку постигнат резултати кои се предвидени за сениори согласно со член 47 на овој закон.

По исклучок од став 1 на овој член, доколку екипа или поединец ги исполнат условите предвидени во категоризацијата за учество и остварен пласман на светско или европско првенство во највисоката старосна категорија за младинци, се стекнува категорија спортист од меѓународна категорија.

Член 38

Спортисти кои се стекнале со спортска категорија од член 35 на овој закон (во натамошниот текст: категоризирани спортисти), имаат право на материјален надоместок и други видови награди.

Материјалниот надоместок е во вид на:

а) паричен надоместок;
б) надомест за изгубена плата и
в) осигурување од последици од несреќен случај.

Член 39

Користењето на правата остварени согласно со овој закон е временски ограничено.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од светска категорија, се користат четири години, под услов спортистот да е активен во тој период.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од меѓународна категорија, се користат две години, под услов спортистот да е активен во тој период.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од државна категорија се користат една година.

Правата кои произлегуваат од стекнатата категорија спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија, а се однесуваат на паричниот надоместок, престануваат доколку во текот на оствареното право, остварил повисока категорија или ја потврдил претходно стекнатата категорија. На овие категоризирани спортисти временото користење на правото на паричен надоместок им се продолжува согласно со ново остварената категорија.

Член 40

Спортист може да оствари паричен надоместок, и тоа на:

- спортист од светска категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од две просечни плати исплатени на ниво на Републиката во претходната година во бруто износ и
- спортист од меѓународна категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од 1,3 просечни плати исплатени на ниво на Републиката за претходната година во бруто износ.

На спортист од светска категорија и на спортист од меѓународна категорија кои се во работен однос, паричниот надоместок им се исплатува во нето износ од паричниот надоместок од став 1 алинеја 1, односно алинеја 2 на овој член.

Паричниот надоместок во нето износ од став 2 на овој член им се исплатува и на спортистите кои својата спортска активност ја вршат надвор од Република Македонија.

Член 41

Спортистите од државна категорија имаат право на материјален надоместок и други видови награди согласно со актите на спортскиот клуб каде што членуваат, односно националните спортски федерации на Републиката.

Член 42

Надоместокот за изгубена плата, заради отсуство од работа за подготовки и учество на натпревари на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија му се обезбедува согласно со член 32 на овој закон.

За спортистите од државна категорија надоместокот за изгубена плата може да го обезбедува спортскиот клуб во кој спортистот членува.

Категоризираниот спортист ги губи правата на материјален надоместок за стекната категорија ако:

- со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење најмалку од шест месеци или
- му престанало државјанството на Република Македонија.

Националната спортска федерација е должна еднаш годишно во периодот од 1 до 31 декември во тековната година, да достави мислење до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, во однос на исполнување на обврските на категоризираниот спортист кон националната спортска федерација.

Надоместокот за плата категоризираниот спортист го обезбедува преку работодавецот каде што е во работен однос.

Член 43

На категоризираниот спортист кој заради повреда стекната на тренинг или натпревар, породилно отсуство или болничко лекување, бил принуден да го прекине спортскиот тренинг или натпреварите во земјата или странство, му следува материјален надоместок најмногу во траење од една година од денот на прекинот.

Член 44

На стручното лице со чија стручна работа спортистот остварил врвен спортски резултат со кој ја стекнал категоријата спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија му следува еднократна награда од 40% од вкупните средства што му следуваат на категоризираниот спортист за една година.

Доколку во остварувањето на врвниот спортски резултат на спортистот од став 1 на овој член учествувале повеќе стручни лица како стручен тим, наградата предвидена за едно лице се дели на учесниците кои партиципирале во работата на стручниот тим, согласно со општиот акт на Националната спортска федерација.

На стручните лица кои ги подготвуваат спортистите (тренери во клубовите), им следува 20% од сумата утврдена во став 1 на овој член.

Предлог за награда на стручно или стручните лица, кои учествувале во остварување на спортскиот резултат на категоризираниот спортист, дава Националната спортска федерација, при доставување на предлог на листата за категоризација на спортистите, во предвидениот рок од член 48 став 1 на овој закон.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот при објавувањето на листата на категоризирани спортисти во "Службен весник на Република Македонија" ја објавува и листата на нивните стручни лица - тренери кои учествувале во работата за остварување на спортскиот резултат.

Член 45

Категоризираниот спортист може, за освоениот пласман врз основа на кој ја стекнал спортската категорија, да добие и награда во вид на еднократна парична исплата, спортска опрема или друг вид награда.

Категоризираниот спортист може да биде наградуван и од други правни и физички лица.

Член 46

Категоризираниот спортист е должен да се придржува и да ги исполнува обврските што произлегуваат од актите на клубот чиј член е, Националната спортска федерација, МОК и Меѓународната спортска федерација.

Доколку категоризираниот спортист не ги исполнува обврските од став 1 на овој член, се покренува постапка за одземање на правата од стекнатата категорија.

Постапката за одземање на правата од стекнатата категорија, ја покренува клубот чиј член е, Националната спортска федерација или органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Член 47

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, донесува правилник за категоризација на спортистите од Република Македонија, во кој ќе се пропишат мерилата и критериумите за утврдување на статусот и рангот на спортистите во Република Македонија.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот по претходно прибавено мислење од Националната спортска федерација и МОК, за олимписката репрезентација, а согласно со актот од став 1 на овој член, го утврдува статусот и рангот на категоризираните спортисти.

Член 48

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, два пати годишно, до 30 јуни и до 31 декември објавува листа на категоризирани спортисти во Република Македонија за спортските остварувања од изминатиот период.

Листата на категоризираните спортисти од став 1 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, на спортистите од светска и меѓународна категорија им врачува признанија и сертификат за стекнатата категорија, а на спортистите од државна категорија им врачува сертификат за стекнатата категорија.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, води евиденција на спортистите кои се стекнале со спортска категорија и ја чува документацијата која била приложена кон барањето за стекнување на спортската категорија.

Член 49

Категориите спортист од светска категорија, спортист од меѓународна категорија и спортист од државна категорија, во спортските игри се доделуваат на спортистите кои се пријавени за настап, под услов, вкупниот број на натпреварувачи во одделни спортови да е во согласност со пропозициите на меѓународниот натпревар, а списокот на предложените спортисти за категоризација го подготвува Националната спортска федерација или спортскиот клуб.

Максималниот број на пријавени спортисти за настап по спортови изнесува во:

| спорт | број на спортисти |
|---|---|
| - ватерполо | 15 |
| - кошарка | 14 |
| - куглање | 8 |
| - одбојка | 14 |
| - пинг понг | 4 |
| - ракомет | 16 |
| - фудбал | 19 |
| - хокеј на мраз | 22 |
| - шах | 6 мажи - 4 жени |

Максималниот број на пријавените спортисти за другите спортови се утврдува со акт на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Член 50

Верификацијата на спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Националните спортски федерации должни се навреме да доставaт комплетна документација за предложените кандидати за категоризирани спортисти. Податоците особено треба да содржат: меѓународен календар на светската или европската федерација; билтен од меѓународниот натпревар, а доколку е остварен рекорд и записник и стручно лице - тренер, кој го води спортистот или екипата; адреса; електронска пошта, веб страна на Меѓународната спортска федерација и други податоци што се значајни за остварениот резултат.

Верификацијата на спортист од државна категорија врши Националната спортска федерација, која до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, доставува листа со документација на спортистите од државна категорија, заради евиденција согласно со член 48 став 4 од овој закон.

## VI. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И АНТИДОПИНГ КОНТРОЛА

Член 51

Лицата кои во спортските клубови активно се занимаваат со спортска, односно спортско - рекреативна активност, должни се да се подложат на здравствена контрола.

Здравствената контрола опфаќа здравствен преглед пред започнувањето, како и систематски контролни прегледи за време на учеството во спортските активности.

Бројот на систематските контролни прегледи го утврдува Националната спортска федерација од соодветната спортска гранка.

Член 52

Здравствената контрола на учесниците во спортските активности ја врши лекар специјалист по спортска медицина.

Во општините во кои нема специјалист по спортска медицина, здравствената контрола на спортистите ќе ја врши лекар - специјалист по општа медицина или специјалист по внатрешни болести.

Член 53

Учесниците во спортските и спортско - рекреативните активности, здравствените прегледи ги остваруваат во рамките на редовното здравствено осигурување.

Спортските клубови обезбедуваат средства за здравствена контрола на спортистите доколку истите не се опфатени со задолжително здравствено осигурување.

Спортските клубови на спортистите кои спортската активност ја извршуваат професионално, им обезбедуваат задолжително здравствено осигурување.

Член 54

Се забранува стручното лице да го присилува спортистот да тренира или учествува на спортски натпревари во времето додека здравствено не е способен за тоа или кога таквата активност би можела да ја влоши неговата здравствена состојба.

Член 55

Се забранува спортистите да земаат или на спортистите да им се даваат стимулативни средства кои се забранети и штетни по здравјето.

Допинг - контролата е составен дел на мерките за здравствена заштита на спортистите.

За спроведување на Конвенцијата за антидопинг контрола во Република Македонија, при органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, се формира Национална антидопинг комисија (во понатамошен текст: Комисијата).

Членовите на Комисијата ги именува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, од редот на стручни, научни и други истакнати работници од областа на фармакологијата, медицинските, хемиските и биолошките науки, спортот, од областа на правото и други области.

Член 56

Поблиски прописи за здравствената контрола, за обемот и начинот на организирање на итната медицинска помош и допинг-контролата, донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, во согласност со органот надлежен за работите од областа на здравството.

## VII. СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ

Член 57

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.

Спортските манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со овој закон.

Член 58

Организаторите на спортските натпревари и манифестации се должни да обезбедат укажување на итна медицинска помош за време на одржувањето на натпреварите, односно манифестациите.

Член 59

Организаторот на спортските натпревари и манифестации е должен да ги спроведува мерките за спречување и оневозможување на насилното и недостојното однесување на гледачите.

Мерките од став 1 на овој член ги пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Организаторот на спортските натпревари и манифестации е должен да не го надминува гледалишниот капацитет на објектот.

Член 60

Спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација, кој се кандидира за организирање на врвен меѓународен натпревар во Република Македонија е должен за тоа да прибави согласност од Владата на Република Македонија.

Врвните меѓународни натпреварувања од став 1 на овој член, како и условите за нивно организирање ги утврдува функционерот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

## VIII. ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

Член 61

Објекти за спорт, во смисла на овој закон, се сметаат уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Член 62

При проектирањето и изградбата на објектите за спорт, покрај примената на стандардите, техничките нормативи, урбанистичките и други пропишани услови, се применуваат и посебни услови што се однесуваат на функционалноста, опремувањето и безбедноста на објектите.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, во согласност со функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на градежништвото, ќе ги утврди посебните услови што се однесуваат на функционалноста, опремувањето и безбедноста на објектите за спорт.

Член 63

Стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, го врши Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија (во натамошниот текст: јавно претпријатие).

Член 64

Дејноста на јавното претпријатие се работите кои се однесуваат на стопанисувањето со објектите, и тоа особено:

-инвестиционо и тековно одржување на објектите за спорт;

-користење на објектите за спорт од субјектите во спортот и други субјекти;

-утврдување на висината на закупот, односно склучување на договорот за закуп на делови од објекти што не се во функција на спортот;

-планирање и изградба на нови објекти за спорт и

-вршење и други работи утврдени со актот за основање.

Член 65

Со објектите за спорт што се во сопственост на единиците на локалната самоуправа, стопанисуваат единиците на локалната самоуправа, на начин утврден со закон.

Со објектите за спорт во приватна сопственост стопанисуваат сопствениците.

Член 66

Средствата за работењето и развој на јавното претпријатие, се обезбедуваат од приходите кои ги остварува со сопствено работење, од кредитни средства и од други извори во согласност со закон.

Член 67

Работењето и организацијата на јавното претпријатие се врши според Законот за јавните претпријатија.

## IX. ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Член 68

Заради организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на спортот и за водење на долгорочна политика во оваа област се утврдува водење евиденција, и тоа за:

- спортски клубови и национални спортски федерации;
- други правни лица;
- спортисти и други членови на спортски клубови;
- постигнати спортски резултати;
- стручни кадри;
- објекти;
- категоризирани спортисти;
- награди и признанија;
- меѓународна спортска активност;
- врвни меѓународни спортски натпревари;
- научно-истражувачки проекти од областа на спортот;
- издавачка дејност во областа на спортот и
- други податоци за потребите на спортот.

Евиденцијата ја води органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Постапката за прибирање на податоците и содржината на евиденцијата ги пропишува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

## X. НАДЗОР

Член 69

Надзор над законитоста во работењето на субјектите во областа на спортот врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Надзорот од став 1 на овој член непосредно го вршат инспектори.

Член 70

Инспекторот врши надзор, особено на:

- постоењето услови за вршење на дејност спорт кај спортските клубови, националните спортски федерации и МОК;
- остварувањето на Програмата;
- остварувањето на правата на спортистите;
- остварувањето на правата на спортските клубови и
- обезбедувањето и остварувањето на здравствената заштита на учесниците во спортските активности, како и обезбедувањето на итна медицинска помош од организаторот на спортски натпревари и манифестации.

Надзорот од став 1 на овој член го опфаќа и надзорот над спроведување и примена на законите и другите прописи што ги регулираат односите во областа на спортот, како и на субјектите што вршат дејност, во областа на спортот со кои се регулирани правата и обврските на учесниците во спортските активности.

Член 71

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот составува записник, а доколку утврди дека е повреден закон и друг пропис, донесува решение со кое наредува утврдените неправилности и недостатоци да се отстранат во определен рок, но не подолг од 15 дена.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Комисијата на Владата на Република Македонија.

Член 72

Ако инспекторот при вршењето на надзорот дојде до сознание дека постојат основи на сомнение дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок или кривично дело, должен е без одлагање да поднесе барање за прекршочна постапка, односно пријава за кривично дело.

Член 73

Субјектите кои вршат дејност спорт должни се на инспекторот да му овозможат вршење на инспекцискиот надзор и да му ги дадат сите потребни податоци.

Субјектите од став 1 на овој член должни се да го извршат решението од член 71 став 1 на овој закон и за тоа да го известат инспекторот.

Во спроведувањето на инспекцискиот надзор се применуваат и одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за организација и работа на органите на државната управа, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

## XI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 74

Со парична казна од 30.000,00 до 250.000,00 денара ќе се казни за прекршок субјектот, што врши дејност спорт ако:

- дозволи политичко и верско организирање и дејствување (член 4);
- во текот на вршењето на дејноста спорт не обезбеди соодветни објекти, опрема и соодветен стручен кадар (член 10 алинеи 1, 2 и 3);
- врши дејност спорт без добиено решение од органот на државната управа надлежен за работите од дејноста на спортот (член 11 став 2) и
- да обезбеди здравствена контрола (член 51 ставови 2 и 3).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на субјектот со парична казна од 10.000,00 до 35.000,00 денара.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење дејност спорт, од шест месеца до пет години.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице може да му се изрече и мерка на безбедност, забрана на вршење должност од три месеца до една година.

Член 75

Со парична казна од 10.000,00 до 50.000,00 денара ќе се казни заради тежината и сериозноста на прекршокот, стручното лице кое го присилува спортистот да тренира или учествува на спортски натпревари во времето додека не е способен за тоа заради повреда или болест, или кога таквата активност би можела да ја влоши неговата здравствена состојба (член 54 ).

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на стручното лице му се изрекува забрана на вршење професија, во рок од три месеца до една година.

Член 76

Со парична казна од 10.000,00 до 50.000,00 денара ќе се казни за прекршок лицето кое дава или зема стимулативни средства кои се забранети или штетни за здравјето (член 55 став 1).

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на стручното лице се изрекува и мерка на безбедност забрана на вршење професија во рок од три месеца до една година.

Член 77

Со парична казна од 30.000,00 до 100.000,00 денара ќе се казни за прекршок организатор на спортските натпревари и манифестации ако:

- дозволи надминување на гледалишниот капацитет на објектот (член 59 став 3) и

- не обезбеди укажување на итна медицинска помош за време на одржувањето на натпреварите, односно манифестациите (член 58 ).

Со парична казна од 10.000,00 до 50.000,00 денара за прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на организаторот на спортските натпревари и манифестации.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на правното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење дејност спорт од шест месеца до пет години.

За прекршокот од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице може да му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење должност од три месеца до една година.

Член 78

Со парична казна од 10.000,00 до 30.000,00 денара ќе се казни за прекршок одговорното лице од субјектот што врши дејност спорт, ако на инспекторот не му овозможи вршење на инспекцискиот надзор или не му ги даде сите потребни податоци, односно ако не го спроведе решението на инспекторот (член 73 ставови 1 и 2).

Член 79

Со парична казна од 30.000,00 до 250.000,00 денара, ќе се казни за прекршок Националната спортска федерација ако не го признае континуитетот на остварениот резултат на трговското друштво кое настанало со пререгистрација на спортското здружение во трговско друштво чиј правен наследник е согласно со член 9 став 5 од овој закон.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на националниот спортски сојуз со парична казна од 10.000,00 до 50.000,00 денари.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 80

По престанокот со работа на спортските здруженија, имотот со кој располагале како здруженија на граѓани се регулира согласно Законот за здруженијата на граѓани и фондациите ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98).

Член 81

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, актите утврдени со овој закон ќе ги донесе најдоцна во рок од шест месеца, од денот на влегувањето во сила на овој закон, а Правилникот за категоризација на спортистите од Република Македонија, од член 47 став 1 на овој закон ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 82

Постојните спортски здруженија и нивните национални спортски сојузи, МОК и други правни лица што вршат дејност спорт, должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 83

Спортистите кои се стекнале со одредени права, врз основа на стекнатата спортска категорија, пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат да го остваруваат тоа право во обем и начин утврден во Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" број 7/96 и 51/99).

Член 84

Започнатите постапки врз основа на поднесените барања за утврдување спортски категории пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од овој закон.

Член 85

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" број 7/96 и 51/99).

Член 86

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**451.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1774/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 18/99), во членот 1 во петиот ред по зборовите: "концесиите за геолошките истражувања и" се додаваат зборовите: "концесиите за", зборот "изградбата" се заменува со зборот "изведбата", а зборот "уреди" се заменува со зборовите: "машини и инструменти".

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

"Член 2-а

Како геолошки истражувања не се сметаат:

1. Активностите кои служат исклучиво за целите кои служат директно за настава и обука и

2. Проспекција на минерали (кристали) кои се јавуваат природно во форма на рачни експонати или мали примероци наменети за колекционери или за минеролошки или за геолошки збирки."

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

"Експлоатација на минералните суровини, во смисла на овој закон, е активност на добивање, односно ослободување на минералните суровини од нивната природна состојба (in situ) вклучувајќи ги подготвителните, пропратните и последователните активности поврзани со експлоатацијата на минералните суровини.

Подготовка и концентрација на минералните суровини, во смисла на овој закон, е одвојување на составните корисни делови на минералите со помош на механички и физичко-хемиски методи на концентрација, вклучувајќи ги и претходните подготовки, пропратни, последователни активности (дробење, мелење, сеење, лужење, цијанизација, флотација, амалгамација, брикетирање).

Облагородување на минерални суровини, во смисла на овој закон, се сите термички и хемиски постапки кои се вршат за подобрување на квалитетот, особините и вредностите на минералните суровини, при што битно не се менува нивниот хемиски состав.

Лужење, во смисла на овој закон, е процес на растворање на рудите in situ или во постројките за концентрација со помош на хемиски средства, со цел добивање на концентрати.

Флотација, во смисла на овој закон, е процес на натамошна концентрација или доконцентрација со помош на хемиски реагенси.

Цијанизација, во смисла на овој закон, е процес на растворање на рудата, односно концентрација на благородните метали со помош на цијаниди.

Амалгамација, во смисла на овој закон, е процес на издвојување, односно концентрација на благородните метали со помош на жива, односно амалгам.

Брикетирање, во смисла на овој закон, е процес на сушење, коксирање и десулфуризација на јаглен.

Обработка на минералните суровини, во смисла на овој закон, е сечење на блокови и полирање на плочи од украсен и друг камен."

Член 4

Во членот 4, став 1 точка 3 по зборовите: "песок и чакал" се додаваат зборовите: "и други наноси надвор од речните корита и езерата".

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

"За вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, потребни се соодветни рударски објекти, постројки, машини и инструменти.

Рударски објекти, во смисла на овој закон, се:

- сите јамски простории (хоризонтални, вертикални и коси), коповите на површина, како и системите за одводнување и вентилација;
- транспортни и извозни системи, индустриски колосози, руднички жичарници, моторни возила за товарење и превоз на минералните суровини од местото на вадење до објектите за збогатување и оплеменување и јаловината до одлагалиштата, како и работилници за ремонт и одржување на опремата во технолошкиот процес кои се во склоп на рудникот, освен јавните сообраќајници;
- електроенергетски објекти, постројки и машини и инструменти кои претставуваат галванска целина со електричната мрежа на рудникот и
- лампари, гардероба со купатила, простории на станицата за спасување, простории за сместување и одржување на спасителите и инструментите за контрола на јамските гасови и микроклимата.

Постројки, машини и инструменти во состав на рудникот, во смисла на овој закон, се постројки, машини и инструменти кои се непосредно врзани за технолошкиот процес на експлоатацијата и подготовката на минералните суровини, како и на одлагалиштата."

Член 6

Во членот 7, членот 10, насловот пред членот 31, членот 32 во уводната реченица на став 2, членот 35 став 2, насловот пред членот 85, како и во членовите 88 став 1, 89 став 2, 94 став 1, 95 став 1, 101 став 1, 111, 112, 115, 117 став 1, 121 став 1 точка А), потточка 1 точка Б) и потточка 2, 125 став 1,126,136 став 1 точка 5 и став 3,137 став 2,139 став 1 и 140 став 1 пред зборовите: "геолошки истражувања" се додава зборот "детални", во насловот на членот 19, членот 26, членот 89 ставови 1 и 3, членот 93, членот 94 став 1, членот 110, членот 114, членот 121 став 1 точка А) и потточки 3 и 4 и членот 130 зборот "геолошките" се заменува со зборовите: "деталните геолошки", а во членот 121 став 1 точка А) потточки 6 и 8, точка Б) потточка 2, под б и членот 130, зборот "геолошкото" се заменува со зборовите: "деталното геолошко".

Член 7

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

"Член 9-а

Надоместок на штета може да се бара и во случаите кога вршителот на деталните геолошки истражувања и експлоатацијата на минералните суровини, покрај спроведените мерки за рекултивација не создаде услови за ставање на земјишната површина во повторна корисна состојба."

Член 8

Во членот 11 зборовите: "Одделни детални" се заменуваат со зборот "Деталните".

Член 9

Во членовите 15 ставови 2 и 3,17 став 2, 24, 25, 31, 33 став 3, 44 ставови 1 и 4, 45 ставови 1 и 2, 50 ставови 1 и 2, 52, 54, 56 ставови 2 и 5, 58, 59 став 3, 60 став 2, 61, 65 став 2, 67 ставови 1 и 2, 68 ставови 1 и 2, 69 став 1, 75, 77 ставови 2 и 3, 86 став 3, 92, 94 став 4, 103 став 3,119, 124 ставови 1 и 2,127 став 1, 129 став 2,130,136 став 1 точка 2,137 став 1 точки 5, 6, 7 и 9 и 138 став 1 точки 1 и 5, зборот "стопанство" се заменува со зборот "економија".

Член 10

Во членот 16 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

"За основните геолошки истражувања Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за економија, донесува годишна програма за основните геолошки истражувања.

Средствата за финансирање на програмата од став 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"Реализацијата на програмата од став 2 на овој член ја спроведува Министерството за економија, преку ангажирање на правни лица регистрирани за геолошки истражувања.

Реализацијата на основните геолошки истражувања се спроведува со изготвување на проекти од страна на лица кои имаат лиценца за изработка на такви проекти."

Член 11

Во членот 17 ставот 1 се менува и гласи:

"За собраните, обработени и евидентирани податоци за основните и деталните геолошки истражувања, во Министерството за економија се формира и води геолошки информационен систем на Република Македонија."

Член12

Членот 18 се брише.

Член 13

Членот 19 се менува и гласи:

"За вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини правното или физичкото лице доставува програма за детални геолошки истражувања до Министерството за економија.

По завршувањето на деталните геолошки истражувања, од став 1 на овој член правното или физичкото лице до Министерството за економија доставува извештај за резултатите од извршените детални геолошки истражувања."

Член 14

Во членот 20 ставот 2 се менува и гласи:

"Просторот за детално геолошко истражување е дел од теренот ограничен со точки, или природни граници, поврзани меѓусебно со прави линии, а се простира неограничено кон длабината меѓу замислените вертикални рамнини кои поминуваат низ тие линии, или природни граници кои се внесени на топографските карти во соодветни мерки."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Точките од став 2 на овој член се определени со координати."

Ставот 3 станува став 4.

Ставовите 4 и 5 се бришат.

Член 15

Членот 21 се менува и гласи:

"На просторите на кои се наоѓаат населени места и објектите во општа употреба (објекти на одбраната, сообраќајници, водоградби, водоводи, електрични водови од висок напон, подрачја на минерални, термални води и води за пиење, гасоводи, нафтоводи, културни споменици, археолошки локалитети, во заштитени делови и објекти на природата, гробишта и други објекти), можат да се вршат геолошки истражувања.

Владата на Република Македонија дава согласност за вршењето на геолошките истражувања од став 1 на овој член, по претходно прибавено мислење од надлежниот државен орган."

Член 16

Во членот 22 став 1 зборовите: "градските населби" се заменуваат со зборовите: "населените места", а зборовите: "или на оддалеченост до 40 м од зградите" се бришат.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Во случаите од став 1 на овој член, Министерството за економија го одобрува вршењето на геолошките истражувања зависно од условите на просторот и активностите кои треба да се вршат, како и влијанието на последиците од тие активности."

Член 17

Во членот 24 зборовите: "и Јавното претпријатие" се бришат.

Член 18

Во членот 26 зборот "Проектот" се заменува со зборот "Програмата", а зборот "проектна" се заменува со зборот "програмска".

Член 19

Членот 27 се брише.

Член 20

Членот 28 се брише.

Член 21

Членот 29 се брише.

Член 22

Членот 30 се брише.

Член 23

Во членот 32 став 2 точката 2 се менува и гласи:

"2. Програма за детални геолошки истражувања;"

Во точка 3 зборот "основа" се заменува со зборот "карта", зборовите: "соодветен размер" се заменуваат со зборовите: "соодветна мерка", а по точката и запирката се става сврзникот "и".

Во точка 4 зборот "проектот" се заменува со зборот "програмата", а на крајот од точката сврзникот "и" се заменува со точка.

Точката 5 се брише.

Член 24

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

"Член 32-а

Детални геолошки истражувања не се вршат за минералните суровини песоци, чакали, глини, украсен камен, градежен-технички камен, собирен кварц, кварц во жици или во сочива, цементни лапорци, цементни шкрилци, туф, талк, перлит, фелспати и други неметални минерални суровини кои се експлоатираат површински."

Член 25

Во членот 33 став 1 точка 4 точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: "согласно со упростениот рударски проект, односно програмата;".

Во точка 7 вториот ред запирката се заменува со сврзникот "и" третиот ред по зборот "истражувања" се става точка, а зборовите до крајот па реченицата се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Имателот на одобрението од став 1 на овој член не може да започне со вршењето на деталните геолошки истражувања, доколку не ги решил имотно-правните односи на просторот определен во одобрението за детални геолошки истражувања."

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Во став 5 зборот "стопанството" се заменува со зборот "економијата".

Член 26

По членот 33 се додава нов член 33-а, кој гласи:

"Член 33-а

Министерството за економија може да го укине одобрението од член 33 на овој закон, ако вршителот на деталните геолошки истражувања не започне со истражувањата во рокот определен во одобрението за детални геолошки истражувања, или ако истражувањата биле прекинати подолго од три години, освен ако причините за прекинување на истражувањата биле од техничка или економска природа, или ако за причините за прекинот имателот на одобрението не е одговорен (виша сила)."

Член 27

Во членот 35 став 1 зборовите: "како и јавното претпријатие" се бришат.

Во алинеја 1 зборот "проектот" се заменува со зборот "програмата".

Член 28

Во членот 36 став 1 зборовите: "како и јавното претпријатие" и во алинеја 2 зборовите: "односно јавното претпријатие," се бришат.

Во алинеја 1 во заградата зборовите: "проект за" се заменуваат со зборовите: "програма за детално геолошко".

Во алинеја 3 по точката и запирката се става сврзникот "и".

Во алинеја 4 по зборот "работите" се става точка, а сврзникот "и" се брише.

Алинеја 5 се брише.

Член 29

Насловот пред членот 37, како и членовите 37, 38, 39, 40, 41, 42 и 43 се бришат.

Член 30

Во членот 44 став 3 зборовите: "соодветен размер" се заменуваат со зборовите: "соодветна мерка".

Член 31

Во членот 45 став 1 во втората реченица, пред зборот "резултатите" запирката се заменува со сврзникот "и", а зборовите: "и резервите" се бришат.

Член 32

Во членот 46 ставовите 2 и 3, се менуваат и гласат:

"Експлоатационото поле го опфаќа просторот на кој е утврдено наоѓалиштето на минерални суровини, просторот неопходен за организација на рударските работи и изградба на рударски објекти, кој на површината на земјата е ограничен со точки, поврзани меѓусебно со прави линии, определени со координати, а се простира неограничено кон длабина во земјата меѓу замислените вертикални рамнини положени низ тие линии.

Доколку низ експлоатационото поле дадено со концесијата поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго) имателот на концесијата е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица."

Член 33

Во насловот пред членот 52, како и во членовите 52, 70, 122 став 1 точка А), потточка 2 и точка Б) потточка 2 под в) зборот "градба" се заменува со зборот "изведба".

Член 34

Во членот 53 уводната реченица од став 1 се менува и гласи:

"Кон барањето од член 52 на овој закон, за добивање одобрение за изведба на рударските објекти според главниот рударски проект, се приложува:"

Во алинеја 1 по точката и запирката се додава сврзникот "и".

Во алинеја 2 точката и запирката се заменуваат со точка.

Алинеи 3, 4 и 5 се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Кон барањето за добивање одобрение за изведба на рударските објекти според дополнителниот рударски проект, се приложува само рударски проект со стручна оцена."

Член 35

Во членовите 54, 67 ставови 1 и 2, 68 став 1, 110 став 2, 111, 119, 120, 125 став 1, 136 став 1 точка 11 и 137 став 1 точки 10, 13 и 18, зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 36

Членот 55 се брише.

Член 37

Во насловот пред членот 56 зборовите: "изградените објекти" се заменуваат со зборовите: "изведените рударски објекти".

Член 38

Во членот 56 ставот 1 се менува и гласи:

"Не може да се употребува рударскиот објект без да е извршен технички преглед и добиено решение за негова употреба."

Во ставот 3 зборот "изградбата" се заменува со зборот "изведбата", а пред зборот "објект" се додава зборот "рударски".

Во ставовите 3 и 4 на крајот од реченицата зборот "објектот" се заменува со зборовите: "рударскиот објект".

Во ставот 5 зборот "стопанството" се заменува со зборот "економијата".

Член 39

Во членот 58 зборовите: "изградениот објект" се заменуваат со зборовите: "изведениот рударски објект", по зборовите: "сигурноста на" зборот "објектот" се заменува со зборовите: "рударскиот објект", а зборовите: "уривање на објектот" се заменуваат со зборовите: "затварање, односно забрана за употреба на рударскиот објект".

Член 40

Во членот 59 став 1 зборовите: "уредите и" се заменуваат со зборовите: "постројките, машините и инструментите,".

Во ставовите 1 и 3 зборот "објектот" се заменува со зборовите: "рударскиот објект".

Член 41

Во членот 62 став 2 алинејата 2 се менува и гласи:

" - извештај за добиените резултати од извршените детални геолошки истражувања, освен за добивање на одобрение за експлоатација на песоци, чакали, глини, украсен камен, градежен-технички камен, собирен кварц и кварц во жици или во сочива, цементни лапорци, цементни шкрилци, туф, талк, перлит, фелспати и други неметални минерални суровини кои се експлоатираат површински;".

По алинеја 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

" - елаборат за оцена на влијанието на рударскиот објект врз животната средина;".

Алинеја 3 станува алинеја 4.

Во алинеја 4 која станува алинеја 5 пред зборот "објекти" се додаваат зборовите: "изведените рударски", а зборот "изградба" се заменува со зборот "изведба".

Во алинеја 6 која станува алинеја 7, зборовите: "размер кој" се заменува со зборовите: "мерка која".

Алинеја 7 станува алинеја 8.

Член 42

Во членот 63 став 1 алинеја 5 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "согласно со главниот рударски проект".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Органот надлежен за издавање одобрението, пред издавање на одобрението ќе побара согласност на елаборатот за оцена на влијанието на објектот врз животната средина од органот на управата надлежен за заштита на животната средина, како и мислење од органот на управата надлежен за заштита на водите.".

Во ставот 3 зборовите: "шест месеци" се заменуваат со зборовите: "една година".

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Одобрението од став 1 на овој член согласно со главниот рударски проект, може да се издаде и поединечно за одделени простори на кои ќе се врши експлоатација на минералната суровина."

Член 43

По членот 63 се додава нов член 63-а, кој гласи:

"Член 63-а

Министерството за економија може да го укине одобрението за експлоатација од член 63 на овој закон ако вршителот на експлоатацијата на минералната суровина не започне во рок од три години од денот на издавањето на одобрението, или ако редовната експлоатација била прекината подолго од три години, освен ако причините за прекинување на експлоатацијата биле од техничка или економска природа, или ако за причините за прекинот имателот на одобрението не е одговорен (виша сила).

Во случаите од став 1 на овој член, правното или физичкото лице е должно да изготви дополнителен рударски проект за запирање на работите за вршење на експлоатацијата на минералната суровина."

Член 44

Во членот 64 воведната реченица зборот "кога" се брише. Во алинеја 1 на почетокот пред зборот "на" се додава зборот "кога".

Алинејата 2 се менува и гласи:

" - по барање на корисникот и".

Член 45

По членот 64 се додаваат два нови члена 64-а и 64-б, кои гласат:

"Член 64-а

Ако правното или физичкото лице, во текот на вршењето на експлоатацијата на минералните суровини, открие нови минерални суровини кои не се предмет на одобрението за експлоатација, односно на доделената концесија за експлоатација, може тие минерални суровини да ги експлоатира заради планското извршување на експлоатацијата од безбедносни технички причини и е должен истите да ги пријави на Министерството за економија.

Ако правното или физичкото лице е заинтересирано да врши експлоатација на новооткриените минерални суровини од став 1 на овој член е должен да поднесе барање за добивање на концесија за експлоатација на истите.

Доколку правното или физичкото лице од став 1 на овој член, во рок од шест месеца од денот на откривањето на новите минерални суровини, не достави барање за добивање на концесија за експлоатација на ново откриената минерална суровина, ова право може да го користи друго заинтересирано правно или физичко лице, под услови и на начин определен со овој закон.

Член 64-б

Правното или физичкото лице е должно при вршењето на експлоатацијата на новооткриените минерални суровини, истата да ја врши во согласност со главниот рударски проект."

Член 46

Во членот 65 став 1 зборот "култура" се заменува со зборовите: "корисна состојба".

Член 47

Во членовите 67 ставови 1 и 2 и 68 став 1, пред зборовите: "да го извести" се додава зборот "писмено".

Член 48

Во глава III точка 5 насловот пред член 70 се менува и гласи: "Рударски и геолошки проекти".

Член 49

Во членот 71 зборот "изградба" се заменува со зборот "изведба", а пред зборот "објект" се додава зборот "рударски".

Член 50

Во членовите 73 и член 121 став 1 точка А), потточка 3, пред зборот "објекти" се додава зборот "рударски".

Член 51

Во членот 74 зборот "погони" се заменува со зборот "рудници".

Член 52

По членот 77 се додава нов член 77-а, кој гласи:

"Член 77-а

Лиценца за изработка на геолошки проекти може да стекне лице кое има висока стручна подготовка од геолошка струка со најмалку три години работно искуство во струката и положен испит пред Комисија што ја формира министерот за економија.

Програмата и начинот на полагањето на испитот од став 1 на овој член и висината на трошоците за полагање на испитот ја пропишува министерот за економија."

Член 53

Во членот 78 став 3 пред зборот "може" се додава зборот "не".

Член 54

Во членот 80 првата реченица во заградата зборот "ревизиона" се заменува со зборот "ревидентна".

Во втората реченица зборот "Ревизионата" се заменува со зборот "Ревидентната", по зборот "лице" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 55

Во членот 82 став 1 точка 5 зборовите во заградата се менуваат и гласат: "(рударско или геолошко)".

Во точка 7 по зборот "рударско" запирката се заменува со зборот "или", а зборовите: "или градежно" се бришат.

По точка 7 се додава нова точка 7-а, која гласи:

"7-а. Раководител на служба за техничка сигурност и заштита при работа, Рударски факултет или факултет за заштита при работа и работно искуство од две години во јама или површински коп;".

Во точка 9 по зборот "рударска" запирката се заменува со зборот "или", а зборовите: "или градежна" се бришат.

Точката 11 се менува и гласи:

"Работи на минирање можат да вршат лица кои се стручно оспособени за такви работи и кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за заштита од експлозивни материи."

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Лицата постари од 55 години мора да имаат лекарско уверение за психофизичката способност за вршење на минерски работи, не постаро од шест месеца."

Во ставот 2 кој станува став 3 зборот "инспектор" се заменува со зборовите: "државен инспектор".

Ставот 3 кој станува став 4 се брише.

Во ставот 5 кој станува став 4 зборовите: "КВ рударски работници" се заменуваат со зборовите: "работниците кои се обучуваат".

Член 56

Во членот 83 зборовите: "3 и 5" се заменуваат со бројот "6".

Член 57

Членот 85 се менува и гласи:

"Концесија за детални геолошки истражувања, како и концесија за експлоатација на минерални суровини од член 11 на овој закон, може да се даде на домашно и странско правно и физичко лице (концесионер), под услови утврдени со овој закон и Законот за концесија.

За минералните суровини: песоци, чакали, глини, украсен камен, градежен-технички камен, собирен кварц и кварц во жици или во сочива, цементни лапорци, цементни шкрилци, туф, талк, перлит, фелспати и други неметални минерални суровини кои се експлоатираат површински, не е потребно добивање концесија за вршење детални геолошки истражувања.

За добивање концесија за експлоатација на минерални суровини, ако на бараниот простор за експлоатацијата на минералната суровина претходно се вршени детални геолошки истражувања, барателот на концесијата за експлоатација на минерални суровини е должен да поднесе доказ за правото на користење на резултатите од деталните геолошки истражувања во врска со минералната суровина за која се бара концесија за експлоатација."

Член 58

По членот 85, се додава нов член 85-а, кој гласи:

"Член 85-а

Пред издавањето на концесијата за детални геолошки истражувања, односно концесија за експлоатација на минерални суровини за кои не е потребно да се вршат детални геолошки истражувања, Министерството за економија ќе бара мислење од Министерството за заштита на животната средина и природата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и од други надлежни органи."

Член 59

Во членот 86 ставот 2 се менува и гласи:

"Концесија за детални геолошки истражувања, како и концесија за експлоатација на песоци, чакали, глини, украсен камен, градежен-технички камен, собирен кварц и кварц во жици или во сочива, цементни лапорци, цементни шкрилци, туф, талк, перлит, фелспати и други неметални минерални суровини кои се експлоатираат површински, може да се даде и врз основа на барање од заинтересирано лице."

Член 60

По членот 86 се додаваат два нови члена 86-а и 86-б, кои гласат:

"Член 86-а

Кон барањето од член 86 став 2 на овој закон, се приложува топографска карта по мерка 1 : 25000 или 1 : 50000 со вцртани граници на просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања, односно експлоатација на минералните суровини.

Кон барањето за добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини се приложува:

- топографска карта по мерка 1 : 25000 или 1 : 50000 со вцртани граници на просторот на кој ќе се врши експлоатација на минералните суровини и

- доказ за правото на користење на резултатите од деталните геолошки истражувања, ако на истиот простор претходно се вршени детални геолошки истражувања.

Член 86-б

Ако просторот на кој е доделена концесијата за детални геолошки истражувања, односно експлоатација на минерални суровини е во целост или делумно во сопственост на државата, Владата на Република Македонија на барање на имателот на концесијата, ќе му го даде под закуп тоа земјиште.

Земјиштето се дава под закуп со надоместок еднаков на просечниот износ на закупнината што се плаќа за земјиште во местото каде што истото се наоѓа."

Член 61

Во членот 87 став 3 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

" - не врши рекултивација на просторот согласно со динамиката предвидена со главниот, односно упростениот рударски проект и програмата за геолошки истражувања и"

Алинејата 4 станува алинеја 5.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Договорот за концесија престанува и кога Министерството за економија ќе го укине одобрението за истражувања, односно експлоатација на минерални суровини согласно со членовите 33-а и 63-а од овој закон."

Член 62

Во членот 88 став 1 пред зборот "стекнува" се додава зборот "автоматски".

Во став 2 зборовите: "геолошкото истражување" се заменуваат со зборовите: "деталните геолошки истражувања".

Член 63

Во членот 89 став 2 точка 1 бројот "200" се заменува со бројот "30".

Во точка 2 бројот "150" се заменува со бројот "30".

Точката 3 се менува и гласи:

"3. Неметални минерални суровини, до 5 $км^2$."

Во точка 5 бројот "5" се заменува со бројот "2".

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Во ставот 5 кој станува став 3 зборот "Проектот" се заменува со зборот "програмата".

Ставот 6 кој станува став 4 се менува и гласи:

"Концесија за експлоатација на минерални суровини се дава на простор кој се определува според извештајот за извршените детални геолошки истражувања, доколку такви се вршени, зголемен за просторот потребен за изградба на придружните објекти за експлоатација на минералните суровини."

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Просторот за концесија за експлоатација на минерални суровини за кои не се извршени детални геолошки истражувања се определува според топографската карта доставена со барањето за добивање концесија за експлоатација, кој не може да биде поголем од просторот определен во став 2 точка 2 од овој член."

Член 64

Во членот 98 став 1 по зборот "Корисниците" сврзникот "и" се заменува со зборот "или".

Член 65

Во членовите 98 став 1 и 99 зборовите: "геолошко истражување" се заменуваат со зборовите: „детални геолошки истражувања".

Член 66

Во членовите 109 став 1, 112 став 2, 113 став 2, 121 став 1, 122 став 1, 123 ставови 1 и 2, 124 став 1, 125, 126,127 став 1, 128, 129 став 1, 130, 131, 132 ставови 1 и 2, 133, 134, 135 и 137 став 1 точки 23 и 24, пред зборот "инспектор" се додава зборот "државен".

Член 67

По членот 118 се додава нов член 118-а, кој гласи:

"Член 118-а

Правното или физичкото лице кое врши детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини за подземни или површински работи, може да вработува лица кои имаат добиено уверение за здравствената оспособеност на лицето од лекар кој е запознат со условите за вршење на работите на истражувањето или експлоатацијата на подземни или површински работи и условите за работа во рудникот.

Работењето на одделни јамски простории (подземен рудник) не смее да го надминува максималното дозволено време за вршење на тие работи."

Член 68

Во членот 120 пред зборот "инспектори" се додава зборот "државни".

Член 69

Во членот 121 точка Б), потточка 2 под б) пред зборот "геолошко" се додава зборот "детално".

Член 70

По членот 121 се додава нов член 121-а, кој гласи:

"Член 121-а

Доколку правното или физичкото лице во вршењето на деталните геолошки истражувања не се придржува на вадење на определената количина на минералната суровина предвидена со упростениот рударски проект, односно со програмата од член 33 став 1 точка 4 на овој закон, државниот геолошки инспектор ќе донесе решение за одземање на повеќе извадената количина на минералната суровина."

Член 71

Во членот 122, став 1 точка Б) потточка 2 под б) и в) зборот "изградбата" се заменува со зборот: "изведбата", а зборот "објектот" се заменува со зборовите: "рударскиот објект".

Член 72

Во членот 130 зборовите: "истото да го укине" се заменуваат со зборовите: "да го раскине договорот за концесија".

Член 73

Во членот 132 став 1 зборовите: "рударски истражувања" се заменуваат со зборовите: "детални геолошки истражувања".

Член 74

Во членот 136 став 1 точката 3) се менува и гласи:

"3) не ја пријави ново откриената минерална суровина (член 64-а);".

По точката 3) се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) врши експлоатација спротивно на одредбите од член 64-б;".

Член 75

Во членот 137 став 1 точката 1 се менува и гласи:

"1) по завршувањето на деталните геолошки истражувања не достави до Министерството за економија, извештај за резултатите од извршените детални геолошки истражувања (член 19 став 2);".

По точката 1 се додава нова точка 1-а), која гласи:

"1-а) извади поголема количина на минерална суровина спротивно на одобрената (член 33 став 1 точка 4);".

Во точка 4 зборовите: "градските населби" се заменуваат со зборовите: "населените места", а зборовите: "или на оддалеченост до 40 м од зградите" се бришат.

По точката 4 се додава нова точка 4-а), која гласи:

"4-а) не изготви дополнителен рударски проект за запирање на работите определени во член 63-а став 2;".

Точките 5), 6), 7) и 8) се бришат.

Член 76

Во членот 138 став 1 точката 1) се брише.

Точките 2), 3) и 4) стануваат точки 1), 2) и 3).

По точката 3) се додава нова точка 4), која гласи:

"4) не го пријави почетокот на предвидените работи согласно со главниот рударски проект и дополнителните рударски проекти на Министерството за економија и Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна 15 дена пред почетокот на работата (член 54);".

Член 77

Барањата за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања, или експлоатација на минерални суровини, поднесени пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе се решаваат според одредбите на овој закон.

Член 78

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минералните суровини.

Член 79

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**452.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2002 година.

Бр. 07-1799/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" број 26/96 и 40/99) во членот 3 во точката 7 зборовите: "два или повеќе региони" се заменуваат со зборовите: "две или повеќе општини."

Член 2

Во членот 7 став 1 алинејата 6 се менува и гласи:

"-површините на кои се изградени патарски куќи, наплатни станици и други објекти за потребите на одржување на патот, како и пешачки и разделни острова и зеленило."

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

"-сообраќајни површини надвор од коловозот како што се: места за одмор, паркиралишта, автобуски постојки."

Член 3

Членот 11 се менува и гласи:

"Владата на Република Македонија со одобрение (концесија) може да даде изградба или користење на автопат или магистрален пат, дел од автопат или магистрален пат, или на објект на автопат или магистрален пат на начин и под услови утврдени со закон".

Член 4

Во членот 14 став 1 по зборот "автопат" се додаваат зборовите: "или магистрален пат".

Во ставот 2 по зборот "автопат" се става запирка и се додаваат зборовите: "или магистрален пат".

Член 5

Во членот 17 ставот 1 се менува и гласи:

"Концесионерот е должен автопатот или магистралниот пат, дел од автопатот или магистралниот пат, или објектот на автопатот или магистралниот пат да ги проектира, изгради и даде во употреба, односно да ги користи согласно со прописите, нормативите и стандардите за ваков вид објекти во Република Македонија."

Член 6

Членот 18 се менува и гласи:

"Правата и обврските утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во однос на одржувањето, заштитата и надзорот на јавните патишта и спроведувањето на мерките за безбедност на сообраќајот на јавните патишта важат и за концесионерот".

Член 7

Во членот 20 ставот 2 се менува и гласи:

"За извршување на работите од ставот 1 на овој член Фондот изготвува повеќегодишна програма за период од најмалку пет години со која се определува развојот и одржувањето на магистралните и регионалните патишта."

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Со Програмата од ставот 2 на овој член се определуваат: редоследот на приоритетните цели и задачи за развој и одржување на магистралните и регионалните патишта, и динамиката и обемот на остварување на одделни задачи во планскиот период врз објективни сообраќајни технички, економски и еколошки параметри.

Целите и задачите од повеќегодишната програма за развој и одржување на магистралните и регионалните патишта подетално се определуваат во годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта" со која се определуваат и изворите на средства за реализација на задачите утврдени за таа година.

Ставот 3 кој станува став 5 се менува и гласи:

"Програмите од ставовите 2 и 4 на овој закон ги донесува Владата на Република Македонија".

Во ставот 4 кој станува став 6 по зборот "патишта" се додаваат зборовите: "и улиците".

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

"Две или повеќе општини заради остварување на заеднички интерес во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на локалните патишта и улици, можат заеднички да основаат фонд за локални патишта и улици".

Член 8

Во членот 21 алинејата 2 се менува и гласи:

"- извршуваат повеќегодишната и годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта".

Член 9

Во членот 29 став 5 по зборот "барањето" се става точка, а зборот "договорно" се брише.

Член 10

Во членот 30 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"За работите од ставот 1 на овој член за локалните патишта и улици, општината, односно градот Скопје може да основа јавно претпријатие за одржување и заштита на локалните патишта и улици (во натамошниот текст: јавно претпријатие).

Две или повеќе општини, заради остварување на заеднички интерес за работите во врска со одржувањето и заштитата на локалните патишта и улици заеднички можат да основаат јавно претпријатие."

Член 11

По членот 54 се додава нов член 54-а, кој гласи:

"Надлежниот орган на државната управа што го издал одобрението за градба може да издаде времена дозвола за користење на дел од јавен пат што е во изградба или реконструкција и пред завршувањето на сите работи согласно со техничката документација, ако со технички преглед се констатира дека тој дел ги исполнува условите за безбедно одвивање на сообраќајот."

Член 12

Во членот 55 ставот 2 се менува и гласи:

"Начинот на одржување на јавните патишта го пропишува министерот за транспорт и врски".

Член 13

Во членот 57 став 1 во точката 4 по зборот "материјалот" се става точка и текстот до крајот на реченицата се брише.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"На техничката документација од ставот 2 на овој член за магистралните и регионалните патишта согласност дава министерот за транспорт и врски, а за локалните патишта и улици општината, односно градот Скопје."

Член 14

Во членот 60 став 1 по зборот "возила" се става точка и текстот до крајот на реченицата се брише.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"За преземените мерки од ставот 1 на овој член на магистралните и регионалните патишта писмено се известува Министерството за транспорт и врски, и Министерството за внатрешни работи, а за локалните патишта и улици - надлежниот орган во општината, односно градот Скопје и Министерството за внатрешни работи" - Подрачна единица.

Ставот 2 станува став 3.

Член 15

Во членот 63 во ставот 1 на крајот се брише точката и се додаваат зборовите: "без семафори и осветлување".

Член 16

Членот 65 се менува и гласи:

"На места на вкрстосување на категоризиран и некатегоризиран јавен пат со железничка линија одржувањето на колосекот, другите постројки и уреди што и служат на железницата, коловозот на патот на растојание од по 3 метри од осовината на колосекот од двете страни, сообраќајната сигнализација на пругата и патот, поставувањето и одржувањето на направите и уредите што им служат на патот и железницата, како и обезбедување на прегледноста на патниот премин го врши јавното претпријатие за железнички сообраќај. Одржувањето на другите делови од јавниот пат за магистралните и регионалните патишта го врши јавното претпријатие за патишта, за локалните патишта и улици, општината,односно градот Скопје, а за некатегоризираниот пат - корисникот на тој пат".

Член 17

Членот 66 се брише.

Член 18

Во членот 69 став 3 по зборот "дејствија" се додаваат зборовите: "и отстранување на последиците од недозволено извршените дејствија".

По ставот 3 се додаваат четири нови става 4, 5, 6 и 7 , кои гласат:

"За недозволените дејствија што се изведуваат во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, во зависност од категоријата на патот се известува Државниот инспекторат за транспорт, односно општинската инспекција за патишта.

Извршителот на недозволените дејствија по налог на надлежната инспекција е должен веднаш да ги отстрани последиците од недозволено извршените дејствија.

Доколку последиците од недозволените дејствија не бидат отстранети од извршителот, истите на негова сметка ќе ги отстрани јавното претпријатие, односно надлежниот орган во општината или градот Скопје.

Начинот на вршење на работите на заштита на јавните патишта го пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 19

Членот 70 се менува и гласи:

"Телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди и други слични уреди можат да се поставуваат на јавен пат и во неговиот заштитен појас по поднесеното барање и само под услови и на начин утврдени во согласноста што ја издава Фондот за јавни патишта, а за локалните патишта и улици - општината, односно градот Скопје.

Органот од ставот 1 на овој член може да побара од управувачот на инсталациите и уредите од ставот 1 на овој член да ги преуреди или премести кога тоа е потребно заради обновување или реконструкција на јавниот пат или заради спроведување на мерки за заштита на патот и сообраќајот.

Трошоците за преуредување или преместување на инсталациите и уредите ги сноси управувачот, доколку тоа не е во спротивност со условите за нивно поставување.

Органот од ставот 1 на овој член може да го одбие барањето за издавање на согласност од ставот 1 на овој член, ако со нивното поставување би се оштетил патот или биде загрозена безбедноста на сообраќајот, ако поставувањето битно влијае на одржувањето на патот или би било оневозможена негова реконструкција".

Член 20

Во членот 72 став 1 по зборовите: "вонреден превоз" се става точка и текстот до крајот на реченицата се брише.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Дозволата за вонреден превоз за автопатиштата, магистралните и регионалните патишта ја издава јавното претпријатие за патишта, а за локалните патишта и улици - надлежниот орган во општината, односно градот Скопје по претходно прибавена согласност од Министерството за внатрешни работи ."

Во ставот 2 кој станува став 3 на крајот се брише точката и се додаваат зборовите: "и висината на надоместокот за вонредниот превоз."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 21

По членот 76 се додава нов член 76-а, кој гласи:

"Член 76-а

Сопствениците, односно корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на патот, или што се наоѓаат во нивна близина можат да изградат пристапен пат до јавен пат, врз основа на претходно прибавена согласност, освен до автопат и пат резервиран за сообраќај на моторни возила.

Приклучувањето на пристапните патишта кон јавните патишта се врши првенствено со нивно поврзување со друг пристапен пат и некатегоризиран пат кој веќе е приклучен кон јавен пат. На местата на кои тоа не е можно да се спроведе, приклучувањето кон пристапниот пат се врши непосредно на јавниот пат и тоа првенствено на пат од пониска категорија.

Со согласноста од ставот 1 на овој член се определуваат начинот и условите под кои ќе се изврши приклучувањето на пристапниот пат кон јавниот пат."

Согласноста од ставот 1 на овој член за магистралните и регионалните патишта ја издава министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за внатрешни работи, а за локалните патишта и улици - надлежниот орган во општината, односно градот Скопје во согласност со Министерството за внатрешни работи.

Минималните услови и елементи што треба да ги исполнуваат пристапните патишта ги пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 22

Членот 79 се менува и гласи:

"Пристапни патишта од помошните објекти на автопат или пат резервиран за моторен сообраќај можат да се изградат на места предвидени со техничката документација за тој пат, врз основа на претходно прибавена согласност.

Согласноста од ставот 1 на овој член ја издава министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за внатрешни работи."

Член 23

Во членот 81 став 1 по зборовите: "автопат и" се додаваат зборовите: "магистрален пат" на кој е воведен систем на наплата на надоместок за користење на патот".

Во ставот 2 по зборот "автопатот" се додаваат зборовите: "и магистралниот пат", а во четвртиот ред по зборот "автопатот" точката се брише и се додаваат зборовите: "и магистралниот пат".

Член 24

Во членот 82 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Согласност за поставување на огради покрај магистрален и регионален пат издава Фондот за патишта, а покрај локален пат и улица-општината, односно градот Скопје."

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Член 25

Во членот 83 став 2 зборовите: "јавното претпријатие за патишта" се заменуваат со зборовите: "за магистралните и регионалните патишта јавното претпријатие за патишта, а за локалните патишта и улици - општината, односно градот Скопје.

Член 26

Во членот 86 ставот 2 се брише.

Член 27

Во членот 89 ставот 1 се менува и гласи:

"Ако јавен пат се наоѓа во таква состојба што по него не може да се одвива сообраќај воопшто или само за одделни видови на возила, или ако сообраќајот на одделни видови возила би им нанесувал штета на јавниот пат и на објектите на патот, или ако работите на реконструкција на патот не можат да се изведуваат без запирање на сообраќајот или ако други причини за безбедноста на сообраќајот го бараат тоа може да се забрани сообраќајот на тој пат воопшто или за одделни видови возила по целиот пат или само на одделни негови делови."

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Забраната од ставот 1 на овој член за магистрални и регионални патишта ја издава јавното претпријатие за патишта, а за локалните патишта и улици - општината, односно градот Скопје".

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 28

Во членот 96 став 1 точката 1 се менува и гласи:

"Трансфери од Буџетот на Република Македонија (делот од акцизата од деривати од нафта)".

Точката 2 се брише.

Точката 3 која станува точка 2 се менува и гласи:

"Надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила".

Точката 4 која станува точка 3 се менува и гласи:

"Надоместок за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса)".

Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 29

Членот 97 се менува и гласи:

"Висината на средствата од членот 96 точка 1 на овој закон се утврдува во Буџетот на Република Македонија."

Член 30

Членот 98 се менува и гласи:

"Висината, начинот на плаќање, евиденцијата и контролата на надоместокот од член 96 точка 2 на овој закон, ја пропишува Владата на Република Македонија.

Имателите на моторни и приклучни возила што подлежат на регистрација, надоместокот од членот 96 точка 2 на овој закон го плаќаат при регистрацијата на возилата.

Странските превозници надоместокот од членот 96 став 1 точка 2 на овој закон го плаќаат на граничниот премин при влез, односно излез од или во Република Македонија. Наплатата ја вршат царинските органи."

Член 31

Членот 99 се брише.

Член 32

Во членот 101 во четвртиот ред по зборот "спогодба" се става точка и другите зборови до крајот се бришат.

Член 33

Членот 102 се брише.

Член 34

Членот 103 се менува и гласи:

"Плаќање на надоместок за употреба на пат, нивен дел или објект на тој пат од членот 96 точка 3 на овој закон може да се воведе:

1. За употреба на автопат, магистрален пат или нивен дел и

2. За употреба на мост, вијадукт или тунел, изграден заради скратување на трасата на постојниот пат, ако делот на постојниот пат не ја изгубил функцијата на јавен пат.

Висината и начинот на наплатата на надоместокот од член 96 точка 3 на овој закон ја утврдува Владата на Република Македонија.

Корисниците кои постојано го користат јавниот пат, надоместокот од членот 96 точка 3 на овој закон можат да го плаќаат во временски период кој заеднички го утврдуваат корисникот на патот и Фондот за магистрални и регионални патишта во висина утврдена со актот од ставот 2 на овој член.

Надоместокот од ставот 1 на овој член го наплатува јавното претпријатие за патишта, при што задолжително му издава на корисникот потврда за платениот надоместок. Потврдата за платен надоместок корисникот е должен да ја чува во возилото за цело време на движење по патот и да ја покаже на овластено службено лице од субјектите надлежни за надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон.

Формата и содржината на потврдата за платен надоместок од членот 94 точка 3 на овој закон ја пропишува јавното претпријатие за патишта."

Член 35

Во членот 104 став 1 броевите во вториот и петтиот ред "5, 6, 7, 8, 9 и 10" се заменуваат со броевите "4, 5, 6, 7, 8 и 9".

Ставот 3 се менува и гласи:

"Висината на надоместокот од членот 96 точка 10 на овој закон за магистрални и регионални патишта ја утврдува Комисија составена од 3 члена претставници на Министерството за траспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и јавното претпријатие за патишта, а за локални патиша и улици - од претставници на надлежниот орган во општината, односно градот Скопје,Министерството за внатрешни работи и од организацијата која го одржува локалниот пат, односно улица."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Комисијата од став 3 на овој член за магистрални и регионални патишта ја формира министерот за транспорт и врски, а за локалните патишта и улици општината, односно градот Скопје."

Член 36

Членот 105 се менува и гласи:

"Средствата од членот 96 точка 1 на овој закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

Средствата од ставот 1 на овој член се пренесуваат на Фондот за магистрални и регионални патишта за финансирање на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патната мрежа во Република Македонија.

Средствата од членот 96 точка 2 на овој закон се приход на Фондот, а се наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта.

Средствата од членот 96 точки 3, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон остварени од автопатиштата, магистралните и регионалните патишта се приход на Фондот и се наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта.

Средствата од членот 96 точки 4, 5, 6 и 7 на овој закон остварени од автопатиштата, магистралните и регионалните патишта се приход на јавното претпријатие за патишта и истите се користат само за одржување и заштита на тие патишта.

Средствата од членот 96 точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на овој закон остварени од локалните патишта и улици се приход на општината,односно градот Скопје, и истите се користат за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици."

Член 37

Членот 106 се менува и гласи:

"Средствата од членот 96 точки 1 и 2 на овој закон се распределуваат, и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. За магистрални и регионални патишта | 64% |
| 2. За локални патишта | 19% |
| 3. За улици | 14% |
| 4. За патни премини | 3% |

Фондот средствата од ставот 1 точки 2 и 3 на овој член ги става на располагање на општината, односно градот Скопје, врз основа на Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици што ја донесува општината, односно градот Скопје.

Фондот средствата од ставот 1 точка 4 на овој член ги става на располагање на Јавното претпријатие за железнички сообраќај, врз основа на Годишна програма за опремување, одржување и заштита на патните премини, што ја донесува Јавното претпријатие за железнички сообраќај во согласност со Министерството за транспорт и врски.

Критериумите за распределба на средствата за финансирање на програмите од ставовите 2 и 3 на овој член ги утврдува Министерството за транспорт и врски.

За реализација на програмите од ставовите 2 и 3 на овој член, општината, односно градот Скопје и јавното претпријатие за железнички сообраќај поднесуваат извештај до Министерството за транспорт и врски."

Член 38

Во членот 107 став 7 зборовите:"Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерството за транспорт и врски".

Член 39

Во членот 108 во точката 8 на крајот точката се брише и се додаваат зборовите: "церебрална парализа“ параплегија, детска парализа (полиомиелитис) и ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување над 80%."

Член 40

Во членот 109 став 1 по точката 7, се додава нова точка 7-а, која гласи:

"7-а. Лица заболени од дистрофија, дијализа, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, детска парализа (полиомиелитис) и ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување над 80%."

Во ставот 2 зборовите: "надлежен државен орган" се заменуваат со зборовите: "Фонд за магистрални и регионални патишта".

Член 41

Во членот 114 став 1 точка 7 по бројот “80“ се додава бројот "и 87".

По точката 7 се додава нова точка 7-а,која гласи:

"7-а) Нареди отстранување на предмети и материјали поставени на јавниот пат и улица".

Член 42

Во членот 119 став 1 зборовите: "50 до 200 плати" се заменуваат со зборовите: "20.000 до 300.000 денари", а зборовите: "стопански престап" се заменуваат со зборот "прекршок" .

Во ставот 2 зборовите: "5 до10 плати за стопански престап" се заменуваат со зборовите: "5.000 до 50.000 денари за прекршок".

Член 43

Во членот 120 став 1 зборовите: "осум до четириесет плати" се заменуваат со зборовите: "15.000 до 250.000 денари".

По точката 3 се додава нова точка 3-а која гласи:

"3-а) Јавните патишта и улици не се одржуваат согласно со членот 55 став 1 од овој закон".

Во ставот 2 зборовите: "една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 40.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: "една десетина до една половина плата" се заменуваат со зборовите: "4.000 до 40.000 денари".

Член 44

Во членот 121 став 1 зборовите: "четири до дваесет плати" се заменуваат со зборовите: "10.000 до 200.000 денари".

Во истиот став точките 4, 9 и 10 се менуваат и гласат:

"На јавен пат поставува телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација,водоводи, топловоди и други слични уреди без согласност од членот 70 на овој закон.

Подигне заштитна ограда спротивно на условите од членот 82 ставови 1 и 3 на овој закон.

Ако не постапи во согласност со одредбите на членот 82 ставови 4 и 5 на овој закон."

Во истиот став по точката 16 се додава нова точка 16-а која гласи:

"16-а) Не издаде потврда за платен надоместок за користење на јавниот пат, потврдата не ја чува во возилото за цело време на движење по патот или не ја покаже на субјектите надлежни за надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон (член 103)."

Во ставот 2 зборовите: "една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: "10.000 до 30.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: "една десетина до една половина плата" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 30.000 денари".

Член 45

Во текстот на законот зборовите: "Министерството за сообраќај и врски" се заменуваат со зборовите: "Министерството за транспорт и врски", зборовите: "министерот за сообраќај и врски" се заменуваат со зборовите: "министерот за транспорт и врски", а зборовите: "Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски" се заменуваат со зборовите: "Државен инспекторат за транспорт".

Член 46

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

---

**453.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1773/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97 и 82/99), во членот 9 пред зборот " закон" се додава зборот "овој".

Член 2

Во член 13 став 2 се брише.

Член 3

Во член 16 став 2 и член 18 став 3 зборовите: "физичка култура" се заменуваат со зборот "наука".

Член 4

По член 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

"Член 24-а

Учениците од одделенска настава во училиштето престојуваат најмалку четири часа дневно.

Во времето од став 1 на овој член наставниците ги реализираат содржините предвидени со Наставниот план и програми, а во преостанатото време остваруваат други воспитно-образовни содржини и активности предвидени со Годишната програма за работа."

Член 5

По член 25 се додава нов член 25-а, кој гласи:

"Член 25-а

Основното училиште треба да овозможи образование на учениците со посебни образовни потреби.

На учениците со тешкотии во учењето и на посебно надарените ученици, училиштето им обезбедува образование со соодветни методи и форми на работа и вклучување во настава, како и други форми на индивидуална и групна работа."

Член 6

Член 26 се менува и гласи:

"Наставните планови и програми ги подготвува Бирото за развој на образованието, а по предлог на Педагошката служба ги донесува министерот.

Наставните планови и програми се менуваат и осовременуваат согласно со резултатите од следењето на реализацијата на плановите и програмите и вреднување на примената на проектите кои се остваруваат во образовниот систем.

Иницијатива за менување и осовременување на наставните планови и програми од став 1 на овој член можат да даваат и училиштата, установите и други правни и физички лица."

Член 7

Во член 31 став 1 се менува и гласи:

"Наставата се остварува во траење од 180 наставни дена."

Член 8

Член 34 се менува и гласи:

"Бројот на учениците во паралелка е од 25 до 34.

Паралелка може да се формира и со помалку од 25 ученици, по добиена согласност од Министерството.

Во подрачно училиште од член 20 став 2 на овој закон каде што има помалку од десет ученици, може да се организира настава со скратено траење.

Во комбинирана паралелка од две одделенија, може да има најмногу 25 ученици, а во комбинирана паралелка од три или четири одделенија најмногу 20 ученици."

Член 9

Во член 36 зборовите: "по правило" се бришат, а бројот "40" се заменува со бројот "45".

Член 10

Член 51 се менува и гласи:

"Учениците се оценуваат по наставни предмети и по поведение.

Оценките по наставните предмети се искажуваат со бројки, а по поведение описно.

Оценките по наставните предмети на учениците од I до III одделение се искажуваат описно во училиштата во кои е воведено описно оценување.

Министерот определува училишта во кои се воведува описно оценување од став 3 на овој член.

Учителот, односно наставникот му овозможува на ученикот да учествува при оценувањето на неговите знаења. Ученикот треба да биде запознаен со оценката.

Стандардите за описно оценување и начинот на учеството на ученикот во оценувањето на неговите знаења ги пропишува министерот."

Член 11

По член 51 се додава нов член 51-а, кој гласи:

"Член 51-а

Следењето и вреднувањето на напредокот и постигањата на учениците се врши со интерно и екстерно проверување и оценување.

Интерното проверување и оценување го вршат наставниците во училиштето, а екстерното Бирото.

Начинот на проверувањето и оценувањето на учениците од став 1 на овој член го пропишува министерот."

Член 12

Член 52 се менува и гласи:

"На учениците од I одделение во првото полугодие и на учениците од V одделение во првото тримесечје не им се внесуваат оценките за постигнатиот успех во педагошката евиденција и документација".

Член 13

Во член 55 став 2 по зборот "задолжителни" се додаваат зборовите: "и изборни".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Општиот успех на ученикот кој се оценува со описни оценки се утврдува во педагошката евиденција и документација."

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 14

Во член 59 по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"За учениците од I до III одделение кои се оценуваат описно и кои не ги постигнале целите по одделни наставни предмети задолжително се организира дополнителна настава.

Ученикот кој не успеал до крајот на учебната година да ги совлада наставните содржини како последица на подолго отсуство од наставата поради болест, преселување и други оправдани причини, по предлог на одделенскиот наставник и стручните работници на училиштето, а во согласност со родителот може да не се преведе во наредното одделение, за што одлука донесува Наставничкиот совет".

Член 15

Член 61 се менува и гласи:

"Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.

Ученик од I до III одделение по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните работници на училиштето и согласност на родителот може забрзано да напредува и премине во наредно одделение без полагање на вонредни испити, за што одлука донесува Наставничкиот совет.

Ученик од IV до VIII одделение на предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на наставничкиот совет и согласност на родителот може забрзано да напредува со вонредно полагање на испити од наредното одделение, за што одлука донесува Наставничкиот совет.

Правото од ставовите 2 и 3 на овој член ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование.

Основното училиште има обврска да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети на ученикот од овој член."

Член 16

Во членот 65 по зборот "напредувањето" се додаваат зборовите: "начинот на организирањето на стручната помош од член 61 став 5 на овој закон".

Член 17

Член 66 се менува и гласи:

"Воспитно-образовната дејност во основното образование ја остваруваат учители, наставници, стручни работници (педагог, психолог, дефектолог, библиотекар,) и воспитувачи.

Учител, односно наставник во одделенска настава може да биде лице со завршено соодветно високо, односно више образование.

Наставник по предметна настава може да биде лице кое завршило соодветна еднопредметна или двопредметна група на образование за наставници на факултет, висока школа, виша школа, ликовна академија и музичка академија.

Стручен работник во основното училиште може да биде лице со соодветно високо образование.

Воспитувач може да биде лице со завршено соодветно образование утврдено со закон."

Член 18

Во член 69 пред став 1 се додава нов став 1, кој гласи:

"Учителот и наставникот кои работат во подрачно училиште во населено место со помалку од десет ученици засноваат работен однос на определено време со полн фонд часови до реализација на скратената програма".

Ставовите 1 и 2 стануваат ставови 2 и 3.

Член 19

Во член 73 став 2 по зборот "јавни" се додаваат зборовите: "и приватни", а по зборот "установи" точката се брише и се додаваат зборовите "според свои програми."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи;

"Облиците, начинот и постапката за стручно и педагошко усовршување ги пропишува министерот."

Член 20

Член 75 се менува и гласи:

"За учителите, наставниците, стручните работници и воспитувачите, кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото за развој на образованието, Советот на родители и Државниот просветен инспекторат може да покренат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски.

Иницијативата од став 1 на овој член мора да содржи образложение на причините поради кои се покренува.

Доколку ја прифати иницијативата од став 1 на овој член, училишниот одбор до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на лицата од став 1 на овој член."

Член 21

Во член 76 став 3 се менува и гласи:

"Утврдувањето на психофизичките способности на вработените во основното училиште, односно заболеноста од одредени душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со Законот за здравствена заштита."

Член 22

Во член 78 став 1 зборовите: "може да се промени" се заменуваат со зборовите: "се променува".

Член 23

Во член 96 став 2 се менува и гласи:

"Училишниот одбор е составен од 11 члена и тоа: четворица претставници од учителите, наставниците, стручните работници и воспитувачите, тројца претставници од родители на учениците, двајца претставници од основачот и двајца претставници од единицата на локалната самоуправа."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Претставниците од родителите на учениците, од основачот и од единицата на локалната самоуправа не можат да бидат бирани од редот на вработените во училиштето."

Ставовите 3,4 и 5 стануваат ставови 4,5 и 6.

Член 24

Во член 98 став 5 се менува и гласи:

"Директорот на основното училиште се именува и разрешува од министерот. За именување на директор мислење дава Бирото за развој на образованието и училишниот одбор."

Член 25

Во член 100 алинеја 2 се менува и гласи:

"- во случај на направена повреда при извршувањето на законите, другите прописи и општи акти утврдена од Државниот просветен инспекторат;".

По алинеја 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

"- ако не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовна работа;".

Алинеја 3 станува алинеја 4 , а алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

Член 26

По член 100 се додава нов член 100-а, кој гласи:

"Член 100-а

Директорот кој повторно не е именуван на јавен оглас или е разрешен пред истекот на времето за кое е именуван , доколку има работно место соодветно на неговата стручна подготовка, го задржува работниот однос во основното училиште."

Член 27

Во член 103 зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборот "Министерството".

Член 28

Член 104 се менува и гласи:

"Средствата за финансирање на дејноста основно образование се обезбедуваат:

- од Буџетот на Република Македонија и
- од проектите одобрени од министерот.

Поблиски прописи за распределба на средствата за проектите од став 1 алинеја 2 на овој член донесува министерот.

Средства за финансирање на дејноста основно образование можат да се обезбедуваат и од единицата на локалната самоуправа."

Член 29

Во член 112 став 1 по алинеја 15 се додава нова алинеја 16, која гласи:

"доколку не склучи нов договор за работа (член 78 став 2);".

Во алинеја 16 која станува алинеја 17 зборовите: "Републичкиот педагошки совет" се заменуваат со зборот "министерот".

Алинеите 17, 18 и 19 стануваат алинеи 18, 19 и 20.

Член 30

Во членовите 10, 72 став 3, 73 став 2, 74 став 2, 80-а, 80-в став 1, 80-г став 1, 80-е став 1, 98 став 5, 99 став 2 алинеја 6 и 109 зборовите: "Педагошкиот завод на Македонија" се заменуваат со зборовите: "Бирото за развој на образованието".

Член 31

Во членовите 32, 80-а, 80-г став 1 и 80-ж зборовите:

"Републичкиот педагошки совет" се заменуваат со зборовите:

"Педагошката служба".

Член 32

Во член 110 зборовите: "Републичкиот просветен инспекторат" се заменуваат со зборовите: "Државниот просветен инспекторат".

Член 33

Во член 119 ставовите 1 и 2 се бришат.

Член 34

Подзаконските акти предвидени во овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеца од денот на неговото влегување во сила.

Член 35

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за основното образование.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**454.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПРОТИВ ОГРАНИЧУВАЊАТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот против ограничувањата на конкуренцијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1767/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПРОТИВ ОГРАНИЧУВАЊАТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Законот против ограничувањата на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 80/99) во членот 1 во насловот и во став (1) зборот "ништовни" се заменува со зборот "забранети".

Член 2

Во членот 2 став (3) втората реченица се брише.

Член 3

Во членот 4 зборот "ситуациите" се заменува со зборот "случаите", а зборовите: "поради трајни промени" се заменуваат со зборовите: "како резултат на последната промена".

Член 4

Во членот 5 став (1) зборовите: "Заводот за стандардизација и метрологија" се заменуваат со зборовите: "органот надлежен за стандардизација".

Во ставот (2) во првата реченица после зборот "побарувачката" точката се брише и се додаваат зборовите: "и ако таквата рационализација е од јавен интерес".

Втората реченица се брише.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 5

Во членот 6 ставот (1) се менува и гласи:

"Одредбите на член 1 од овој закон нема да се применуваат на договорите и одлуките чиј предмет е рационализација на економските активности преку специјализација, ако ограничувањето на конкуренцијата не доведува до создавање или зацврстување на доминантната положба на пазарот."

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) третата реченица се брише.

Член 6

Членот 7 се менува и гласи:

"(1) Одредбите на член 1 од овој закон нема да се применуваат на договорите и одлуките чиј предмет е рационализација на економските активности преку соработка (кооперација) меѓу претпријатијата што не претставува специјализација според член 6 став (1) од овој закон под услов со таквите договори или одлуки конкуренцијата на пазарот да не е значително намалена и да се обезбедува подобрување на конкурентноста на малите и средните претпријатија.

(2) Одредбите на член 1 од овој закон нема да се применуваат на договорите и одлуките чиј предмет е спојување на купопродажбата на стоки или спојување на набавката на деловните услуги, ако ги присилува претпријатијата учесници да купуваат од тој извор, доколку предвидените услови во став (1) од овој член се исполнети."

Член 7

Членот 12 се менува и гласи:

"(1) Договорите и одлуките од член 1, член 3, член 4, член 5 ставови (1) и (3), член 6 став (1), член 7 и член 9 став (1) на овој закон, како и нивните изменувања и дополнувања ќе произведуваат правно дејство само ако претходно до Монополската управа било доставено известување за тие договори или одлуки. Во случаите наведени во член 5 став (1) на овој закон, известувањето ќе се смета за извршено само ако кон известувањето било приложено и мислењето на органот надлежен за стандардизација.

(2) Известувањето од став (1) на овој член ги содржи следниве податоци:

1) фирмата и седиштето на сите претпријатија обврзани со договорот или одлуката;

2) правната форма и седиштето или адресата на монополот;

3) името, презимето и адресата на содружниците и на законските застапници на релевантните претпријатија;

4) името, презимето и адресата на назначениот застапник, на другиот застапник или полномошник на монополот. Ако се работи за правно лице, се наведуваат имињата, презимињата и адресите на неговите законски застапници;

5) основна содржина на договорот или одлуката, особено податоци за производите и услугите на кои тие се однесуваат, целите што треба да се постигнат, планираните мерки и рокот за нивно исполнување, отказен рок за договорот или одлуката и

6) писмен доказ за застапување на претпријатијата кои се определиле да бидат застапени преку овластен претставник.

(3) Информациите во известувањето од став (1) на овој член мора да бидат точни и целосни според образец пропишан од министерот за економија. Неточните и нецелосните информации не произведуваат правно дејство. Придружните документи на известувањето треба да бидат доставени во оригинал или копие заверено од нотар.

(4) Известувањето од став (1) на овој член до Монополската управа мора да биде доставено во писмена форма во утврдените рокови од Монополската управа.

(5) Изменувањата и дополнувањата на податоците во известувањето од став (1) на овој член подносителот на известувањето веднаш ги доставува до Монополската управа.

(6) Ако податоците во известувањето од став (1) на овој член не се целосни Монополската управа е должна да побара нивно комплетирање во рок што таа ќе го определи.

(7) По целосното комплетирање на известувањето од став (1) на овој член Монополската управа писмено го известува подносителот на известувањето за приемот на известувањето по кое ќе постапува."

Член 8

По членот 12 се додаваат нов член 12-а и нов наслов, кои гласат:

"Член 12-а

Посебен регистар на Монополската управа

(1) Договорите и одлуките за кои била дадена дозвола согласно со член 4, член 5 ставови (2) и (3), член 6 став (2), член 7 и член 8 на овој закон, се регистрираат во посебен регистар кај Монополската управа.

(2) Договорите и одлуките за кои било доставено известувањето се регистрираат во посебниот регистар на Монополската управа, со исклучок на договорите и одлуките наведени во член 9 став (1) од овој закон.

(3) Посебниот регистар се води кај Монополската управа. Во посебниот регистар се регистрираат следниве податоци:

1) фирмата и седиштето на сите претпријатија обврзани со договорот или одлуката;

2) правната форма и седиштето или адресата на монополот;

3) името, презимето и адресата на содружниците и на законските застапници на релевантните претпријатија;

4) името, презимето и адресата на назначениот застапник, на другиот застапник или полномошник на монополот. Ако се работи за правно лице, се наведуваат имињата, презимињата и адресите на неговите законски застапници;

5) основна содржина на договорот или одлуката, особено податоци за производите и услугите на кои тие се однесуваат, целите што треба да се постигнат, планираните мерки и рокот за нивно исполнување, отказен рок за договорот или одлуката;

6) изменувањата и дополнувањата на податоците наведени во точките од 1) до 5) од овој став;

7) раскинувањето и престанокот на важноста на договорот или одлуката и

8) роковите, ограничувањата и условите наложени од страна на Монополската управа, како и укинувањето или менувањето на дозволата на монополската управа или на одлуката со која соодветните договори или одлуки се прогласени за ништовни.

(4) Секое заинтересирано лице може да изврши увид во посебниот регистар на Монополската управа наведен во овој член."

Член 9

Во членот 13 став (1) точка 2) бројот (4) се заменува со бројот (3).

Ставот (3) се брише.

Член 10

Во членот 14 став (1) зборот "ставови" се заменува со зборот "став" и зборовите: "и (3)" се бришат.

Член 11

Во членот 25 ставот (1) се менува и гласи:

"Злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија ќе биде забранета."

Во ставот (8) по точката 3) се додава нова точка 4) , која гласи:

"4) одбива да им дозволи на другите претпријатија, за соодветна надомест, да добијат пристап или право на користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти, под услов другото претпријатие без таквото истовремено користење на мрежата или на инфраструктурата, заради некои правни или фактички причини, да не може да дејствува како конкурент на доминантното претпријатие на кој било пазар поврзан со таа мрежа или инфраструктура. Одредбата од оваа точка нема да се применува ако доминантното претпријатие покаже дека заради оперативни или други причини, истовременото користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти не е возможно или дека тоа не може да се дозволи заради некои разумни причини;".

Ставот (9) се брише

Член 12

Во членот 30 став (7) по зборот "член" се додаваат зборовите: "11 став (2) и член".

Во ставот (11) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и средства за награда на Комисијата.".

Ставот (13) се брише.

Член 13

Во членот 31 ставови (1) и (5) зборовите: "Заводот за статистика" се заменуваат со зборовите: "Државниот завод за статистика".

Член 14

Во членот 32 став (1) се брише.

Член 15

Членот 42 се менува и гласи:

"Секое лице кое ќе прекрши некоја одредба од овој закон, некоја одлука на монополскиот орган или судска пресуда, донесена согласно со одредбите на овој закон, ќе биде должно да ја надомести штетата причинета на трето лице, согласно со општите прописи за надомест на штета."

Член 16

Во членот 43 став (1) по зборот "доставени" се додаваат зборовите: "во известувањето" .

Член 17

Во членот 47 став (1) точка 1) зборот "ништовни" се заменува со зборот "забранети", а во точка 7) шестиот ред по сврзникот "и" бројот (3) се заменува со бројот (2).

Во став (2) точка 2), потточка б), зборовите: "Заводот за стандардизација и метрологија" се заменуваат со зборовите: "органот надлежен за стандардизација".

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) Ако како резултат на сторениот прекршок некое физичко или правно лице стекнало дополнителна имотна корист, тоа лице ќе се казни со тројниот износ на дополнително стекнатата имотна корист."

Член 18

Во членот 50 ставот (2) се менува и гласи:

"Вработените во Монополската управа не смеат да бидат сопственици, членови на управни или надзорни органи, ниту лица со посебни извршни функции во претпријатие, група претпријатија, монопол, трговско, индустриско или професионално здружение или организација."

Член 19

Во членот 51 став (4) третата реченица се менува и гласи:

"Кога претресот мора да се изврши без одлагање затоа што постои некоја непосредна опасност, монополскиот орган и без судска наредба може да побара од лицата наведени во став (3) од овој член самите да го извршат потребниот претрес."

Член 20

Во Дел трети Глава втора насловот "Монополска управа" и членовите 52, 53 и 54 се бришат.

Член 21

Во членот 57 став (1) по зборот "дена" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "од денот на доставувањето на решението до надлежната комисија на Владата на Република Македонија.".

Ставот (2) се брише.

Член 22

Членот 58 се брише.

Член 23

Членот 59 се брише.

Член 24

Во членот 60 ставовите (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) станува став (4).

Член 25

Во членот 63 точка 1) зборот "ставови" се заменува со зборот "став" и се бришат зборовите: "и (3)".

Во точка 2) третиот ред бројот "(3)" се заменува со бројот " (2)" и зборовите: "став (2)" се бришат.

Член 26

Во членот 65 на почетокот на реченицата бројот "(1)" се брише.

Ставот (2) се брише.

Член 27

Во членот 66 став (6) се брише.

Член 28

Членот 68 се брише.

Член 29

Членот 70 се брише.

Член 30

Членот 71 се брише.

Член 31

Во целиот текст на Законот зборовите "Министерството за трговија" се заменуваат со зборовите: "Министерството за економија".

Член 32

Во целиот текст на Законот зборовите: "министерот за трговија" се заменуваат со зборовите: "министерот за економија".

Член 33

Членовите на Одделот за донесување одлуки се распоредуваат на работа во Министерството за економија согласно со актите за организација и систематизација на Министерството за економија.

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**455.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1764/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97 и 82/99) во членот 5 по зборовите: "утврдени со" се додава зборот "овој".

Член 2

Во членот 28 став 2 по зборот "биде" се додаваат зборовите: "помал од 25 и".

По ставот 2 се додава нов став 3,кој гласи:

"Паралелка може да се формира и со помал број ученици утврдени во став 2 на овој член, по добиена согласност од Министерството."

Член 3

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

"Член 30-а

Прописите за изведувањето на наставата на еден од светските јазици во јавните средни училишта ги донесува министерот."

Член 4

Во членовите 31-а, 31-г и 31-ж, зборовите: "Републичкиот педагошки совет" се заменуваат со зборовите: "Педагошката служба".

Член 5

Во членот 32 алинеја 4, членот 39, членот 40 ставови 1 и 2 и членот 59 став 4 зборовите: "хендикепирани ученици" се заменуваат со зборовите: "ученици со посебни образовни потреби".

Член 6

Во членот 33 по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Во гимназиското образование може да се реализира и програма за меѓународна матура за што согласност дава министерот.

Програмата за меѓународна матура е со иста важност како и гимназиското образование."

Член 7

Членот 38 се менува и гласи:

"Програмите за полагање завршен испит, матура и меѓународна матура ги донесува министерот.

Програмата за полагање матура од став 1 на овој член ја предлага Бирото за развој на образованието.

Прописите за начинот на полагање на завршниот испит, матурата и меѓународната матура ги донесува министерот."

Член 8

Во членот 40 став 1 зборовите: "категоризирани и евидентирани" се заменуваат со зборовите: "евидентирани и распоредени".

Член 9

Во членот 42 став 4 зборовите: "хендикепирано лице" се заменуваат со зборовите: "ученик со посебни образовни потреби".

По ставот 4 се додаваат три нови става 5, 6 и 7, кои гласат:

"Доколку во јавното училиште за запишување во прва година на образование се пријават повеќе ученици од утврдениот број во објавениот конкурс од ставовите 1 и 2 на овој член, по претходно мислење на јавното училиште, се применуваат дополнителни критериуми за запишување.

Како дополнителни критериуми од став 5 на овој член се утврдуваат дипломи од меѓународни и републички натпревари и квалификационен испит на знаење.

Случаите на примената на утврдените дополнителни критериуми од ставовите 5 и 6 на овој член, како и определувањето на соодветни дипломи за запишување на учениците во прва година на образование во јавните училишта, поблиску ги пропишува министерот."

Ставот 5 станува став 8.

Член 10

Во членот 44 во став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни дена во текот на наставната година;".

Алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

Член 11

Во членот 45 по ставот 1 се додаваат четири нови става 2, 3, 4 и 5, кои гласат:

"Следењето и вреднувањето на напредокот и постигнувањето на учениците може да се врши со интерно и екстерно проверување и оценување. Интерното проверување и оценување го вршат наставниците во училиштето, а екстерното го врши Бирото за развој на образованието и училиштето.

Постигнувањата на учениците по задолжителните изборни програми во гимназиското образование и задолжителните активности во стручното образование се следат и вреднуваат согласно со наставните програми.

За постигнувањата на учениците од став 3 на овој член мислење дава наставникот кој ја реализира програмата. Мислењето се заведува во соодветна педагошка документација и не влијае на општиот успех на ученикот.

Начинот на проверување и оценување на учениците од став 2 на овој член го пропишува министерот."

Член 12

Во членот 53 став 1 зборот "континуирано" се брише.

Во ставот 3 зборовите: "една половина" се заменуваат со зборовите: "една третина".

Член 13

Во членот 59 став 3 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "доколку не се исполнети условите од став 2 на овој член".

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Одредбата на став 4 од овој член не се однесува на затекнатиот наставновоспитен кадар со работно искуство над десет години во средното образование за ученици со посебни потреби, кои претходно не се здобиле со дефектолошко образование."

Член 14

Во членот 64 ставот 3 се менува и гласи:

"Утврдувањето на психофизичките способности на вработените во средното училиште односно заболеноста од одредени душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со Законот за здравствена заштита."

Член 15

Во членот 68 ставот 2 се менува и гласи:

"Стручното и педагошкото усовршување го организира и остварува Бирото за развој на образованието, факултетите со наставнички групи и други специјализирани јавни и приватни установи."

Член 16

Членот 70 се менува и гласи:

"За наставниците и стручните соработници кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото за развој на образованието, Советот на родители и Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски.

Иницијативата од став 1 на овој член мора да содржи образложение на причините поради кои се покренува.

Доколку ја прифати иницијативата од став 1 на овој член училишниот одбор до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на лицата од став 1 на овој член."

Член 17

Во членот 72 став 1 зборовите: "може да се промени" се заменуваат со зборовите: "се променува".

Член 18

Во членот 74 став 1 по зборовите: "главна книга на учениците, "се додаваат зборовите: "главна книга на завршен испит, главна книга на матурски испит, главна книга на меѓународна матура, главна книга на средно специјалистичко образование и дневник на паралелка".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Главната книга на учениците, главната книга на завршен испит, главната книга на матурски испит, главната книга на меѓународна матура, главната книга на средно специјалистичко образование се документи од трајна вредност."

Член 19

Во членот 91 став 5 се менува и гласи:

"Директорот на јавното училиште се именува и разрешува од министерот. За именување на директор мислење дава Бирото за развој на образованието и училишниот одбор."

Член 20

Во членот 93 алинејата 2 се менува и гласи:

"- во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти утврдена од страна на Државниот просветен инспекторат;".

По алинеја 2 се додава нова алинеја 3,која гласи:

"- ако не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовна работа".

Алинејата 3 станува алинеја 4.

Член 21

По членот 93 се додава нов член 93-а кој гласи:

"Член 93-а

Директорот кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен пред истекот на времето за кое е именуван, го задржува работниот однос во јавното училиште на работно место соодветно на неговата стручна подготовка, доколку има такво работно место."

Член 22

Членовите 94, 99 и 100 се бришат.

Член 23

Во членот 97 зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборот "Министерството".

Член 24

Во членот 104 став 1 се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

“- трговските друштва, јавните претпријатија, установи и органи на државна управа во кои се остварува практична обука за учениците;

- проекти одобрени од министерот;".

Алинеите 3,4 и 5 стануваат алинеи 5,6 и 7.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Начинот на распределба на средствата за проектите од став 1 алинеја 4 на овој член поблиску го пропишува министерот."

Член 25

Во членот 108 став 2 зборовите: "Републичкиот просветен инспекторат" се заменуваат со зборовите: "Државниот просветен инспекторат".

Член 26

Во членот 6, членот 11 став 4 и членот 109 став 1 алинеја 4 зборовите: "физичка култура" се заменуваат со зборот "наука".

Член 27

Во членот 109 став 1 по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

"- доколку не склучи нов договор за работа (член 72 став 2);".

Алинеите 9 и 10 стануваат алинеи 10 и 11.

Член 28

Во членот 11 став 4, членот 22 став 1, членот 31-а; членот 31-в став 1, членот 31-г став 1, членот 31-е став 1, членот 59 став 7, членот 68 став 2, членот 69 став 1, членот 91 став 5, членот 92 став 2 алинеја 6 и членот 107 став 1 зборовите: "Педагошки завод на Македонија" се заменуваат со зборовите: "Биро за развој на образованието" .

Член 29

Подзаконските акти предвидени со овој закон министерот ќе ги донесе во рок од шест месеца од денот на неговото влегување во сила.

Член 30

Одредбите од членот 7 на овој закон што се однесуваат на матурата, ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на актот со кој се пропишува програмата за полагање и начинот на полагање на матурата.

Член 31

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**456.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1775/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 13/96), по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

"Член 11-а

Јавните научни установи со одлука на Владата на Република Македонија можат да се спојат, поделат или припојат."

Член 2

Во членот 37 по зборот "Републиката"точката се брише и се додаваат зборовите: "како и од камати, дивиденди, легати, подароци, завештенија, фондации и друго.".

Член 3

Членот 38 се менува и гласи:

"Со средствата од член 37 на овој закон располага Министерството за образование и наука."

Член 4

Членот 39 се менува и гласи:

"При Министерството за образование и наука се формира совет за научно-истражувачка дејност (во натамошниот текст: Совет) како советодавно стручно тело на министерот за наука, составен од претседател и шест члена.

Министерот за образование и наука од редот на истакнати научни работници ги именува претседателот и членовите на Советот, за време од четири години".

Член 5

Членовите 40, 41 и 43 се бришат.

Член 6

Членот 42 кој станува член 40 се менува и гласи:

"Советот:

- предлага мерки за развојот и унапредувањето на научно-истражувачката дејност во Републиката;
- дава препораки, мислења и предлози при изготвувањето на Програмата на научно-истражувачката дејност;
- дава мислења и предлози по годишните програми за реализација на Програмата за научно-истражувачката дејност;
- учествува во изготвувањето на актите што се однесуваат на условите и критериумите за доделување средства за реализација на Програмата за научно-истражувачката дејност и
- врши и други работи утврдени со овој закон и работи што ќе му ги довери министерот за образование и наука.

Советот за својата работа еднаш годишно на министерот за образование и наука му поднесува извештај".

Член 7

Во членовите 44, 45 и 46 зборот "Фондот" се заменува со зборовите "Министерството за образование и наука".

Член 8

Во членот 45 став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Право да се јават на јавниот конкурс од став 2 на овој член имаат универзитетите, факултетите, другите научни установи и самостојните истражувачи. "

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 9

Членовите 47, 48 и 49 се бришат.

Член 10

Членот 66 се брише.

Член 11

Во членот 67 ставовите 1, 2 и 3 се бришат.

Член 12

Во целиот текст на Законот за научно-истражувачката дејност зборовите: "Министерство за наука" се заменуваат со зборовите:

"Министерство за образование и наука", а зборовите: "министер за наука" се заменуваат со зборовите: "министер за образование и наука".

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**457.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита при работа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2002 година.

Бр. 07-1782/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

Член 1

Во Законот за заштита при работа ("Службен весник на Република Македонија" број 13/98, 21/98 и 33/2000), во членот 18 зборовите: "на работа" се заменуваат со зборовите: "на работно место", а по зборот

"работа" точката се брише и се додаваат зборовите: "така што секогаш се дава приоритет на колективните заштитни мерки во однос на индивидуалните заштитни мерки".

Член 2

Во членот 23 став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: "и за заменување на постојниот технолошки процес со понеопасен, односно побезбеден процес".

Во ставот 3 точката се брише и се додаваат зборовите: "или ќе користи надворешни услуги од специјализирани стручни организации за заштита при работа или лица".

Член 3

Во членот 24 по точката 11) се додава нова точка 12), која гласи:

"12) одбирање на методи за работа и производство со цел, особено да се намали монотоната работа со што ќе се намали штетниот ефект од таквата работа по здравјето на работниците".

Точката 12) станува точка 13) .

Член 4

Во членот 41 став 1 алинеја 5 запирката по зборот "работа" се брише и се додаваат зборовите: "кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три дена“.

Член 5

Во членот 43 став 1 по зборот "средина" се додаваат зборовите: "да учествува во планирањето и воведувањето на нови технологии во однос на последиците од изборот на опремата".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Работникот има право да ги добие сите неопходни информации кои се однесуваат на ризиците по безбедноста и здравјето на работниците на работното место, како и мерките и активностите кои се преземаат за нивно отстранување.

Ако работникот смета дека преземените мерки и средства од страна на работодавецот се несоодветни за целосно обезбедување на безбедноста и здравјето на работниците на работното место има право да се жали до надлежната инспекција на труд".

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 4,5 и 6.

Член 6

Во членот 49 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

"- да се жали до инспекцијата на трудот ако смета дека преземените мерки и средства добиени од работодавецот се неадекватни за безбедноста и здравјето на работниците на работното место".

Во алинејата 4 по зборот "информации" се додаваат зборовите: "и да има пристап до сите документи".

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

"- да им се овозможи за време на инспекцискиот надзор на органите надлежни за инспекцијата на трудот да им ги достават своите забелешки во врска со заштитата при работа".

Во ставот 2 по зборот "функција" точката се брише и се додаваат зборовите: "со што ќе му овозможи доволно слободно време од работата без намалување на платата и соодветна опрема со потребните средства за извршување на неговите обврски кои произлегуваат од овој закон.".

Член 7

Во членот 50 зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**458.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2002 година.

Бр. 07-1783/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Член 1

Во Законот за инспекцијата на труд ("Службен весник на Република Македонија" број 35/97), во членот 1 зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 2

Во членот 3, став 2 зборовите: "главен републички инспектор за труд (во натамошниот текст: главен инспектор)" се заменуваат со зборовите: "директор на Државниот инспекторат за труд".

Член 3

Во членот 5 зборот "републички" се заменува со зборот "државни".

Член 4

Во членот 14 став 3 по зборовите: "книгата за надзор" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Книга за надзор набавува работодавецот кој е должен да ја чува во секој објект каде што ја врши својата дејност."

Ставот 4 станува став 5.

Член 5

Во член 21 став 3 зборовите: "главниот инспектор" се заменуваат со зборовите: "директорот на Државниот инспекторат за труд".

Член 6

Во членот 22 став 1 по точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:

"2) не набави книга за надзор и не ја чува во секој објект каде што ја врши дејноста (член 14 став 4);".

Точката 2) станува точка 3).

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**459.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2002 година.

Бр. 07-1768/1
23 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Член 1

Во Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Македонија" број 63/2000) во членот 8 точка 1 зборовите: "тримесечни премии" се заменуваат со зборовите: "трикратен износ на премиите уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој настанал ризичниот настан".

Член 2

Во членот 9 став 2 точка 1 бројот "1.500" се заменува со бројот "3000", а точката 2) се менува и гласи:

"2) 90% од депозитот на секое физичко лице во една банка или штедилница до износот од денарската противвредност меѓу 3.000 ЕВРА и 10.000 ЕВРА, но не повеќе од денарската противвредност на 10.000 ЕВРА;".

Член 3

Во членот 10 став 1 точка 4 броевите: "2, 3 и 4" се заменуваат со броевите: "2 и 3".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**460.**

Врз основа на член 59 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 50/99), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 април 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНИТЕ ЕДИНИЦИ БРОЈ 73 И 74 - ОПШТИНА ЦЕНТАР-ДЕЛ, ЧИИ КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука се определува надоместокот на трошоците на организаторот на изборната кампања за дополнителните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во изборните единици број 73 и 74 - општина Центар - дел, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, и тоа на:

- Социјалдемократскиот сојуз на Македонија - 3.795 х 15,00 = 56.925,00 денари.

2. Надоместокот на трошоците за избори од точка 1 на оваа одлука на организаторот на изборната кампања ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеца од поднесувањето на Финансискиот извештај за изборната кампања.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1776/1
24 април 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**461.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 април 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

I. За судии поротници во Основниот суд во Гевгелија се избрани:

1. Снежана Проданова,
2. Елена Савиќ,
3. Тинка Ташева,
4. Костадин Масенчев,
5. Христина Делева,
6. Сузана Терзиева,
7. Марина Шумкарова,
8. Коље Тасев,
9. Билјана Попова,
10. Тања П. Кавазова,
11. Славе Г. Крстевски,
12. Ирена Костова,
13. Драги П. Петков,
14. Фика Кабурова,
15. Киро Шунтов,
16. Блажо Миленковски,
17. Иринка Митева,
18. Моника Т. Андонова,
19. Тони Москов,
20. Благица К. Лазарова,
21. Ѓуро Ѓорѓиев,
22. Горан Тренчевски,
23. Владимир Нечков,
24. Весела Тодорова,
25. Васка Аџиева,
26. Жана Раденлиева,
27. Милица Ичоќаева,
28. Македонка Ангова,
29. Звонко Караманов,
30. Весна Кацинска,
31. Ристо Сапламаев,
32. Димитар Ристов,
33. Крсте Т. Ташев,
34. Радмила Јованова,
35. Јованка Чалкова,
36. Силвана Димова,
37. Светлана Стојковиќ,
38. Јадранка Јанчева,
39. Слаџана Брљамова,
40. Јован Николов,
41. Мирјана Стаменковска,

42. Валентина Гунтарова,
43. Мара Зекиќ,
44. Мара Танева,
45. Томе Јанкуловски,
46. Живко Б. Дојранлиев,
47. Сашко Џанов,
48. Илвана Ѓорѓиева,
49. Ленче Ефтимова,
50. Сузана Димитрова,
51. Маријана Арнаудова,
52. Софија Ручкоманова,
53. Трајко Баламовски,
54. Татјана Зафирова,
55. Александра Атанасова,
56. Билјана Димитриевска,
57. Ирина Тошева,
58. Јованка Дучиова,
59. Васил Џинов,
60. Ванчо Баламовски,
61. Милица Стојанова,
62. Перса Петкова,
63. Јован Р. Раданлиев,
64. Ирена Петрова,
65. Маја Камберова,
66. Маја Чучанова,
